ХРИСТО КРСТЕВСКИ

# ЖЕСТИНА

*Недела. Прво неделно утро откако заврши војната. Гулабите како споулавени летнаа над плоштадот, во оној ист миг, кога одекнаа и камбаните од св. Константиновата црква.*
*Реката луѓе, вријавецот и парадата, црвените знамиња, маршевската музика на блех - оркестарот, свечените облеки, цвеќето што се истури врз колоните од дефилето, разурнатите и полуразурнатите згради и размавтаните раце од многуте жени и деца по балконите, метежот од гласовите и песните, плотуните од старата тврдина, сонцето што жегна и викотниците од народната веселба во срцето на градот . . . сѐ се стопи во таа општа експлозија.*
*Се виеја најживите танци, се шаренееја најтоплите бои, се извикуваа најдлабоките дертови.*
*А долу, долж алејата на расцутените акации, по ковчегот на еден од многуте незнајни воини, лазеше последната црна змија кон гробиштата, бавно, бавно, чиниш воскреснала токму Третата наречница да ѝ го препречи патот.*

Жестина, потпрена на балконот, го впиваше во себе тој заглушувачки татнеж, па како предолго да се загледала во нешто што е налик на фрлено сонце од огледало (небаре во оние диви игри од детството), се нурна повторно назад, замелушена и растреперена сета, минувајќи во еден здив низ гостинската соба преку претсобјето кон кујната, каде што црвениот згугурен петел кукурикаше на сет глас.

Токму во тој миг, стариот ѕиден саат одби десет пати.

Таа се мушна во нишата, ги подви ракавите над лактовите и ја стегна дебелата дршка на кујнскиот нож. Се наднесе над помијарникот, колебајќи се за миг. Најпосле, се реши.

И додека со сета сила го притискаше тоа беспомошно топло тело, ѕирна во крунестата глава, која со превртените очи ѝ се пристори како нем прашалник и го стегна малечкиот врат од кој шикна крвта, и кој мрдајќи, прилегаше на прст што ѝ се заканува.

Одеднаш се стресе и наежави сета.

Распретаното пердушесто клопче се збра во својот последен грч.

Се обидуваше да ја одбие и совлада таа трепетна зараза во сопствените раце, забуцувајќи си ги забите во сопственото дебело месо од слободната надлактица и грозејќи се дури и од помислата да ги отвори очите до крај.

"Валкани раце! . . . Валкани раце! Ох, Господи!" (Во смртта и ужасот на слабоста, во сенката на соблазната и подлоста на моќта) "Измиј си ги рацете и - делај!" - измолкна од некаде она што се скрило во пределите на првата вина пред татковците, во црвените врутоци на срамот и во гордоста на негибнатата самосвест.

И во тие мигови, дури талкаше во мислите меѓу стравот и самодовербата, почувствува како цврсто ја стега судбината во своите окрвавени раце, низ тоа малечко тело, од кое засекогаш истечува топлината, сфаќајќи ги наеднаш сите гибелни години на глад, немаштија и страв.

Жестина, безуспешно и по којзнае кој пат, се обидуваше да го одувне заскитаното перче од очите. Потем ја стресна својата долга руса коса и почувствува како ѝ се разлева по вратот и рамењата, разгалувајќи ја и наежувајќи ја до сладост. Се закикоти самата себеси, одненадеж, со онаа иста негрижа или скокотлива омаеност, со која ја заборави и готвачката шамија.

"Ете, така! Те заклав кукуренко! Те заклав. Не ќе се перчиш веќе по бунилштата, додевајќи им на кутрите поданички како паша! Те средив, гиздавецу мој. А сега . . . уште в - р - е - л - е - ц . . . т - а - к - а - ааа! Оп! Готово!"

И тогаш ѝ излезе пред очи онаа трогателна сериозност, со која нејзиниот сакан ѝ го предаде овој обичен петел, како што се предава медалја за храброст - "дар од сојузникот".

(Дар од сојузникот! Краставици. Ох, Господи! Та, белки, сојузникот не тргнал во војна со кокошарникот на грб. Кутриот мој! Никогаш нема да се вразуми и да ги сфати нештата онакви какви што се. Тој во сé ќе побара оправдување и некоја подлабока или повисока смисла. Но, којзнае. Можеби тоа е тоа. Можеби токму тоа е вистинската тежест на нештата.

- Ох, ја сакам таа негова мерка! Ги сакам сите негови проклети мерки!)

Саатот удри еднаш во својот полукруг, кога таа прв пат се наведна над пареата од врелецот, што еднолично клокотеше во високото тенџере.

Ги притискаше своите гради одвреме навреме дури буричкаше по перјето, како да свири на некаква здодевна армоника од секојдневјето, се вџашуваше во сликата на Бранко и лесно воздивнуваше и потоа повторно се враќаше кон тоа еднолично жуберкање, што ја потсетуваше, или само ѝ се присторуваше во ехо од некои длабоки, матни и безумни гласови, кои допираат од подземните скривалишта, од градските сирени, или од подмолното наближување на железните орли од Третиот рајх.

Сакаше да се одлепи од таа пенлива кошулка, што се изли врз усвитената плоча од шпоретот, сакаше да побегне од невидливата магија на балконот, а потоа да ги симне своите крвави траги од вратот и образите, што бегум ги улови при последното поминување крај големото огледало од претсобјето, но само се џараше наоколу.

Го виде монотоното движење на месинганото клатно, својот извалкан лик и почна полека да се соблекува пред големото огледало.

Стоеше така гола и возбудена од својата голотија, како тогаш. Се обѕираше околу себе, како слепа кобила околу гумно, се закикоти и сфати дека нештата бездруго се измениле штом, ете, втасала и дотаму да им се исчудува на сопствените набабрени гради, на колковите и папокот кој веќе почнал да се губи.

Здодевниот гонг повторно се јави.

Требаше да се вјаса. Да престане да се мотка овде - онде.

Требаше да се повјаса во бањата, да се ослободи од благиот товар на зелената тетратка, што при поминот ја ископа однекаде (и со чии тврди корици го криеше и притискаше нараснатиот стомак) - и потоа да чека, да чека . . .

**ПРВ ДЕЛ**

Вчеравечер пристигнав кај вујко ми Ате. Колку се радуваше, кутриот! Изминаа веќе пет години откога не сум го видела.

А тој, не можеше дури ни да ме препознае. "Господи, какви матни, какви грозни времиња, ќерко," шепнеше, криејќи си го лицето и потреперувајќи во рамениците.

Јас го забележав уште од возот.

Кога останав сама, на оваа пуста железничка станица, тој се обрна и тргна, онака подзгрбавен како и секогаш пред тоа, со својот вечен фенер во рацете.

Го настигнав тука, пред прагот на големата жолта куќа. Железницата штедро го награди неговиот триесетгодишен труд. За неговото скромно тричлено семејство, оваа куќа претставува сè.

Кутриот, како само ја суредил градината!

Животот е како банкарски чиновник. Сличен на татко ми. Ни повеќе, ни помалку: виш банкарски чиновник. Како троцифрен број. Ладен, одмерен, прецизен.

Но, еве, како се измени сè . . .

Сега сè прилега на лудница. Вистинска лудница.

Како само се противеше да заминам на југ, кај вујко ми, - мојот татко. За среќа, "Луфтвафе" со своите месершмити, стигна навреме да ги урне сите илузии во неговата глава. И не само во неговата. Тој урна . . . што не урна тој?!

А сега, се прашувам како сега ќе ѝ звучи "Моншајнд" сонатата на мојата помајка на средбите со "Хитлерјугенд", каде што така упорно ме следеше нејзиниот змиски поглед.

Моите студии по литература, музика . . .

Збогум, розови сништа!

Старците, бездруго, од мене нешто кријат. Веќе трипати го одбегнуваат одговорот на моето прашање "каде е Јане?" Знам дека ме сакаат повеќе и од родена ќерка и дека им е мило што сум тука и со нив, но не можам да се отргнам од впечатокот дека за себе чуваат некаква тајна.

Голема и своја.

Како некоја подмолна и срамна рана.

Многу пати досега ме прашувале: "Какво ти е тоа смешно, тоа чудно и необично име - Жестина?"

Никогаш, навистина никогаш не сум знаела да им одговорам на тоа. Не ми рекле никогаш ни мене. "Не знам. Не сум прашала никого", велев.

Денес, вујко ми ми рече:

"Тинче, (впрочем Тина бев за сите, секогаш и секаде, иако во книгите стоеше Жестина) Тинче, значи, рече вујко ми Ате, ти знаеш дека си родена како посмртче. Затоа, твојот роденден никогаш и не сме го славиле, туку секогаш ден подоцна". "Знам", реков јас. "Да, но ти, Тинче моја, не знаеш колку прекрасна жена беше мајка ти. Сите ја сакаа Нада. Сите ја почитуваа мајка ти. Беше мила и добра жена, ех . . .

Таа беше голема загуба за сите нас. Никој не можеше да поверува . . . онака весела и простодушна . . .

Никој не можеше да се помири со тоа, верувај.

Но, фала му на Бога, ти си ѝ ја одрала кожата, што се вели. Надина слика и прилика. Иста Нада. Те родија тука, во овој град. Што да се прави, овдешните луѓе се чешити. Те крстија така - Жестина. Тогаш никој не се противеше на тоа. Никој ни не забележа. Кој можеше и да помисли на тоа. Голема беше жалта за Нада. Разбираш?

Потоа, татко ти изучи големи школи. Стана некаков големец, таму, во Скопје."

Всушност, јас пораснав и учев во Скопје, но најубавите денови ги поминав тука, кај вујко ми.

Сé до својата петнаесетта година, речиси секое лето, го поминував тука. Во предградието на тоа мало јужно гратче во Македонија. Крај возовите и блиската река.

Ние сме скоро врсници со Јане.

Бевме неразделни.

Подоцна, кога наиде министерката (многумина така ја викаа мојата помајка, зашто беше вдовица на некој службеник од дипломатијата), моите доаѓања сосема се проретчија.

Којзнае како се случило тоа со мене (веројатно и тука сум се метнала на мајка ми), но отсекогаш ме привлекувале слабите, несигурните луѓе.

"Добра си. Добра си како леб", ми рече вујко ми. А зошто? Сé поради една најобична дребулија што му ја подарив. Не вреди ни да се споменува. Некаква обична табакера, што татко ми не ја употребуваше откако министерката влезе во нашиот дом. Немаше ни да ја земам, туку случајно онака ја тутнав во куферот оти се меткаше по библиотеката.

Одамна сум го сфатила тоа!

Оној што не ги познава слабите, луѓето што паднале во неволја - тој е вистински безрбетко меѓу луѓето.

Нека си е голем тој, нека е моќен, славен, умен или богат, нека си е каков и сака да е, сепак јас го сожалувам.

Човекот не е леден брег.

Ниту тапан.

Тој е струнен инструмент.

Денес цел ден надлетуваа германски аероплани над градот. Ушите ни ги затнаа. Потоа, отидов крај реката.

Видов чудесна слика! (Не може ни да се опише тоа.)

Во огромно јато врапци се вовлече сокол и цел час правеа најневозможни фигури и форми во висина и длабина.

Сепак, соколот остана без плен.

Деновиве се обидував да се борам со Фауст и Заратустра. Колку нерамна битка! Сѐ уште не можам да си дојдам на себе. Колекцијата, бездруго, ќе беше комплетна ако од својата торба ја извлечев и увертирата на "Танхојзер", па докрај да ги задоволев хировите на министерката. И навистина!

Понесов повеќе ноти и книги, отколку фустани.

За среќа, во пролетерскиот немаштилак на вујко ми, пијаното е реткост за која дури и не се сонувало, иако да е тука Јане веднаш би извикал "Ја заборавив на клавирот", со оние негови ѓаволести очи и мимики (ех, тој мал шегобиец), а добро знае и тој дека овде можеби единствено во Еврејското маало знаат за некое подобро парче Бидермаер, пијана и слични керефеклуци.

По ѓаволите!

Барем ќе се одморам од сѐ! . . .

Брант и Јане се спуштија кон долината. Зад нив остана долг пат. Потсечената модра капа на Црнозем, за миг, како да ја накривија скржавите зраци на мајското сонце, што во првите мугри мигаа откај Големата река.

Стегнати во своите изветвени мантили, кои и на двајцата им беа некако преголеми, прешироки и предолги, но не толку за да ги прикријат шмајзерите, нагазните мини и муницијата што ја влечеа со себе, ни најмалку не прилегаа на оние горштаци делии што тргнале на пазар, но иако стокмени во ваква некоја чудна облека, сепак прилегаа на изгладнети волчишта, за кои долу во окупираниот град постоеше само она подбивно бајгањовско - "шумкари".

Ова беше нивна трета едноподруга бессона ноќ. Се влечкаа како претепани. Очите сами им се затвораа. Нозете, изземнати во некакви тенки цивилни литарки, отекнаа, откажувајќи послушност низ стрмата удолнина. Повеќе со допирот, отколку со очите, препознаа некакви бостански плашила и се притаија грб на грб под малата сламена колипка во подножјето на планината. Капнати од умора, заспаа како заклани.

Од далечините допираше само кучешки лаеж и кукурикањето на првите петли околу Дрен. Сонот ги држеше во своите клешти одвај само нешто повеќе од час.

Брант прв ги ококори очите. Втренчено се обѕираше околу себе, чудејќи се откаде допира тој подмолен шум. Погледна во кадравата русокоса глава на Јане, што беспомошно почиваше на неговото раме и почувствува како очите безмилосно печат, а длабоко во него, веќе со дни, рие оној упорен и одвратен црв на гладот. Постојано беше на штрек, а сега само еден миг на невнимание го улови во таа сива оловна стапица, во таа леплива пајажина на сонот, сонот - натрапник, сонот - предавник. Го изви вратот низ малиот отвор на колипката и виде некаков пес - скитник, што се меткаше наоколу. Ја крена раката нервозно и во грч, а овој побегна некаде кон ендеците и лиснатите скоруши.

Сонцето веќе не ѕиркаше зад облаците. Само еден заталкан зрак стоеше послушно и како неканет гостин пред влезот, висејќи обесен на рабовите од српот.

Го тупна два - три пати Јането по слабините, поткревајќи се со помош на кундакот и изусти онака тихо, но отсечно, како што го правеше тоа веќе со денови. "Одиме, калеш! Еј, ме слушаш ли? Одиме!"

Го виде дремливото лице на својот другар, онака заруменето и со нежните траги на тукушто израснатата русокоса брада и одеднаш се сети на вчерашното утро и на истото ова лице, со оној запурничав блесок во образите и потпален модроок фитил во погледите кон угорнините (исто како неколку недели пред тоа кај Страцин, при неговото огнено крштевање).

"Да им удриме! Да им удриме вака од зад грб. Не ќе знаат, мајката нивна, што ги снашло. Ќе ни играат како мечки на панаѓур."

Стоеја и ги стегаа своите полни шмајзери, притаени врз онаа жгура, што ја газеа вчера цел ден. Ги гледаа шлемовите што светкаа на утринското сонце како злокобни змиски глави и се подаваа од карпестите угорнини кон Црнозем. Го вртկаа својот опаш и го стегаа обрачот, а Брант и Јане знаеја дека горе ги чека огнот на Вториот батаљон, што беше спремен да фркне и да го спепелоса градот, во оној последен налет што со денови тлееше во борците од Третата ударна, но предизвикот беше преголем за да не фифне оној модроок фитил во очите на Јане.

Тогаш Брант сфати - "Дете дукадинче! Ти нема веќе спас!" Еднаш кога веќе зине таа ала, кога ќе потфати меретијата, кога ќе лизне отровниот јазик на огнот - од сувото и суровото гори. А не се спуштија од Герман со бригадата, по ридиштата и излоканите урви, не го изодија сево ова окопнето криворечко властелинство и волкоебие за да ги фрлат вака наврапито своите млади мрши во челуста на изгладнетите балкански глутници. Во канџите на тие родопски орличишта. Се смешкаше тивко во себе, го стегаше писмото од левата страна на внатрешниот џеб и се исчудуваше самиот себеси на леснотијата со која ја замени својата партизанска руба со овие сојтариски партали, што така наеднаш ги изменија неговите движења и ѓд. Па сепак, вака изземнат, стуткан и жгуросан, не можеше а да не ја споредува оваа облека со оние стари крпи, што засекогаш ги запрета во безбројните дупки на илегалата, апсовите и казаматите.

Брант го гледаше потеченото лице на својот млад другар и сакаше да му се насмевне, па потоа и да го укори ако треба (ти другарче не си баш т о к м у, вчера навистина претера), но само ги срина прстите низ неговата бушава русокоса глава и опцу, тивко, за себе. Сакаше да го потсети на оној стаписан селанец од Лезово, што во ниедно доба го кренаа на нозе за да ги поведе кај кметот и потоа на урнебесното задевање од најгрлатите кога влетаа во бригадата онака јавнати на реквирираните грбави маски, како оние стари шпански сватови од средниот век.

Не го потсети. Му рече само: "Ајде, калеш! Ајде!"

Денот сепак не изгреа сончев. Маглата ги пречека во долината и тие како да навлегуваа во некоја џиновска глува пештера пред змиулестата Клетница. Јане го знаеше патот. Го минаа Поило. Сепак, решија да одат покрај река. Одненадеж, наидоа на селанец со магаре. Овој со чудење им отпоздрави.

"Од рудникот сме. Бараме работници."

"Ако де . . ."

"Па . . . има ли?"

"Што? Работници? Јок џанам. Останавме само троа старци во селово. Младите се дефјосаа кој - каде . . ."

"Би ни продал ли нешто за јадење?"

Селанецот долго ги меркаше под око и на крајот сепак се реши да бркне во дисагите. Им даде леб и сирење. Пари не сакаше. Немо го продолжија патот. По едно време, се стуткаа таму покрај тукуштo пролиснатите тополи и се нафрлија на лебот. Јадеа молкум, итајќи и голтајќи наврат - нанос, а потоа Брант се засмеа и му

ја подаде матарката на Јане, оти овој скоро ќе се задавеше, алчно гнетејќи го сувиот ´ржен леб.

"А, ти го познаваше добро Аце, нели?" потфати Брант.

"Аце?! Дали го познавав? Човеку, тој беше мојот најдобар другар. Бевме и сокласници. Како знаеше тој да подземе за Власов, Корчагин, манифестот . . . а загина така глупаво . . ."

"Во провалата?"

"Да."

"А предавникот? Го откривте ли предавникот?"

"Не."

"И никогаш не помисливте кој можел да биде?"

"Се знае кој можел да биде. Белки не нé предадоа нашите. Нé отчукал некој од "Браниците" или "Легионерите", или "Ополченците".

"Ништо, калеш. Ќе им стапнеме на врат. Бргу. Не бери гајле."

Се гледаа долго, како да ја мерат тежината на изречените зборови. Брант како да се премислуваше за миг. Го копкаше нешто.

"Речи ми,калеш, тој беше водачот?"

"Да."

"Долго?"

"Година и пол."

"Ве имаше многу?"

"Не баш."

"Колкумина?"

"Дваесетина момчиња и две - три девојки. Тукушто бевме прокнале. Сите беа готови да летнат в планина."

"Повеќето беа ученици, нели?"

"Не. Работници."

Брант го гледаше веднатото лице на Јане. Тој веќе и не џвакаше. За миг, го замислуваше русокосиот убавец над штрклестите страници од "Искра", Априлскиот и Мајскиот Проглас и Манифестот, над летоците и со летоците по сокаците и улиците, читалиштето, монополот, шивачката работилница, насекаде кај што можеше да се мушне таа вита става, таа зелена витосана глава што оди, трча и дими, носејќи запалени пароли по улиците.

"А сé ќе беше поинаку, само да не го заборавеше тој проклет список. Тоа го уби. Едно малечко, едно ништожно парче хартија", рече суво.

"Каков список?" се потргна Брант.

"Списокот на оние што допрва требаше да ги примиме. Излетавме сите како фурии од задниот капиџик, но тој го заборави списокот на маса. Летна назад, но веќе беше доцна."

"И?"

"И спукаа, а тој се префрли преку оградата на дворот. Куршумите го погодија токму кога се префрлуваше. Не стигна за чекор. Пукаше и тој, но што

вреди. Сепак, на време стигна да го искине ливчето на ситни парчиња. Ветерот ги развеа потоа на сите страни."

"Колку беше стар Аце?"

"Бевме врсници."

"Седумнаесет?"

"Седумнаесет."

Молчеа, не јадејќи веќе. Брант ја доближи матарката до уста. Гледаше кон исток. Маглата стануваше сѐ погуста. И овој пат сонцето шмугна и се скри зад густите облаци. (Којзнае, можеби вака е подобро, мислеше Брант. Само, дали малечкиот ќе умее да се снајде.) Пак погледна во Јането.

"Се раздени, а рог - темница е. Ќе се провлечеме ли низ оваа пустелија, што мислиш?"

"Не бери гајле. Не ми е првпат. Само . . ."

"?!"

"Онде, има железничка постојка и жандармериска станица. Мораме да ја заобиколиме."

"Колку е далеку одовде?"

"Околу два часа пеш."

"В ред."

Го продолжија патот. Одеа крај реката, одбегнувајќи ги калливите вирови, што се намножиле од пролетните дождови и молчеа. Сепак, одвреме навреме, ќе се потсопнеа од долгите поли на мантилите, што им служеа само како маска, а виснатите шмајзери и муницијата само им го отежнуваше и онака тешкиот о̂д и прескокнувањата преку ендеците. Брант еднаш дури падна. Тогаш се решија: мантилите отпаѓаат! Ги соблекоа и ги свиткаа врз ранците. Им олекна. Одеднаш Јане се сети, ударајќи се нервозно по челото (еј, утко добрешанска, замалу ќе заборавев! Ќе ми испадне усната хармоника од џеб!) Се погледнаа и во истиот миг прснаа во смеа. Застанаа. Јане се наведна и низ псовки итро ја извлече својата блескава играчка од џебот на стутканиот бел "колбас" (впрочем, од неа никогаш не се делеше.) Ја бришеше од пачавиците, мазнејќи ја и дувајќи отспротива на регистерот, за да ја исчисти од насобраната прашина. Ја гледаше вљубено за миг, а откако сфати дека Брант ја следи таа нема игра, ја тутна пред носот, преправајќи се дека се огледува во неа. "Ама сурат!" рече и ја пикна набрзина назад в џеб. Се зарумени сиот и мигна мајтапџиски, кривејќи ги усните кон Брант. (Детиште, мислеше Брант. Детиште.)

А само неколку дни пред тоа, седејќи зад карпестите осојници, сред сртовите на Герман, занесен и изгубен некаде во далечините, се обидуваше да измами некакви искинати звуци, што прилегаа (или само можеа да прилегат) на оние стари комитски пелини "Горо ле горо зелена", "Црна се чума зададе", "Црно му било пишано на Александре Турунџе" и сѐ некои такви мелеми за старите рани уште од Јуриетот.

Брант го следеше како низ сон тоа зарумenето голуждраво лице и додека чепкаше по она што поминало и што допрва го чека, втренчено се ѕвереше и се џараше по стопати во отсутното и безизразно лице на куририот, кој со невидена алчност се нафрли на жешкиот грав. Се чудеше и прашуваше дали се токму овие "штапски појци", како што ги викаше шеговито, и онака, за себе, своите другари од планината, оние стари соцрвоточници, чемерници и ´ртови од илегалата, па понекогаш знаеше богами и да ги "истури пиперките", вперувајќи го прстот во оние несмасни големи кожни торби, полни со "книжни фишеци", како што знаеше да подземе само тој и никој друг освен него. Навистина, да не се мрднаа тие вака одненадеж, та го туркаат и пикаат со вакви пилиштарци право во волчјата јама.

(Детиште, мислеше во себе. Детиште.)

(Колку ли само моми офкале по тие русокоси кадри! Ѓавол нека го земе . . .)

Впрочем, откако настапи големата пролетна офанзива, сите помалку како да ги загубија главите. Како штрклица да ги фати. Зар токму мене ме изнајдоа меѓу толкумина за трткање, лунѕање и денгуба, мислеше Брант, гледајќи сеедно во изгладнетите очи на куририот и сфаќајќи дека гравот му доаѓа некако само како некоја сѐ уште неиспалена ракета за контраофанзивата што допрва треба да настапи и од која "штапските појци" вака безглаво го отргнуваат како непотребен пион, и уште згора на сѐ, го удвојуваат со таму некакво си зелено детуле, на кое муцето уште му замирисува на цицка.

(Чудно ми чудо! Момчето го знаело патот, градот, приликите! . . . Бре мајката! . . . А знаело ли момчето носето да си го исекне, другар Штапски?! Да, добро ме слушна. Ти велам, знае ли момчето носот да си го избрише? Гукни де!)

Од немото прашање из´рте само нечујна псовка.

Куририот сеедно само молкум лапаше и гнетеше, не соџвакувајќи ги залаците, што како јаболчести топки кружеа и се тркалаа удолу по образите и дури не ги ни забележуваше Брантовите погледи, освен што побара еднаш вода од Јанета, (а овој преку Брант и му ја даде) и без да се заблагодари, си ја продолжи работата врз втората тура.

(Како се џоткаат тие залчишта низ штрклестата шија , сал Господ ќе знае. Кај ли само го збра сево ова јадење?! Ко сто години да не јал.)

"Сув си ко ластегарка, а јадеш за петмина", му рече тогаш, обидувајќи се да се пошегува со него.

"Би јал и ти, братче, да те опнат вака ко мене три дни и ноќи де -таму де - ваму по ридиштава."

"Па, и момчево ака со денови, а како голуб само ќе клукне два - три пати и толку", продолжуваше Брант.

"Има тој уште леб да јаде, братко мој", одмавна со раката. (А беше само одвај нешто постар од Јанета!)

И тогаш, во следниот миг, куририот одвај успеа да се справи со последниот залак. Ококорени и стаписани, секавично погледнаа еден во друг. Некаде од подножјето се огласија митралезите на Бугарската претходница. Сѐ се случи така

одненадеж што немаа време ни да заустат. Дури и не залегнаа. Куририот прв срипа. Со неколку скока се префрли до првата голема карпа, која изгледаше сосема добро како засолниште и беше единственото место на кое можеа да сметаат во тој миг. Но, тие немаа време да мислат на ништо. Оттаму до шумата имаше одвај стотина чекори. Беше доцна. Куршумите веќе свиреа од сите страни. Брант го откочи "брендот" и се стутули набрзина покрај куририот.

"Нека ги има десетина. Повеќе сигурно не се", нервозно и како за себе шепнеше тој, додека џбарајќи по муницијата го стегаше шмајзерот в раце. Јане ги редеше бомбите крај себе, како да се од злато.

"Колку се, калеш?"

"Има. Има."

"Ти", се обрна кон куририот, "веднаш штом отворам оган, префрлувај се. Калеш, ти на другата страна по него. Ме чу?"

"Не."

"Еј, малечок, ба ти го џинсот. Веднаш по него, ме чу ли? Витосај ми се од пред очи . . ."

"Па, нашите не се далеку, а муниција имаме за две десетини."

"Фаќај магла, кога ти велам!"

Беше нервозен и сега беше далеку од тоа да му подлегне на оној инает од Јанета, оној инает што беше за приказ во четата и за кого и врапчињата знаеја по планината. Наместо тоа, само се буфталеше со шмајзерот по рамото и мрмореше нешто како "ах, мајката кучешка, не подгони убаво, не сардиса Ганчо, еј . . . Но, барем нашите не се далеку . . . и детиштево да се истопори до шумичката, па нека крештат зелените жабичишта до небо ако сакаат . . ."

Јане не послуша. Остана залепен на земјата, како да лежеше врз некој магнет а не врз жгура, а всушност, од него извираше само инает, оној невиден инает што граничеше со некаква лудост, што ли.

Брант тогаш за прв пат го улови оној модроок фитил во погледот на Јанета и добро го запамети.

(Има во момчево едно зрнце лудило, лутица на душа, семка пелинова, троа магарштилак, осило во зениците, паунски чалам, од сѐ по нешто.)

Се чинеше дека тоа ќе ја собори сета благост што ја збра Брант во себе за момчето, но се случи токму обратното. Само ги стегна забите и почна да се повлекува.

По некое време, откако се најде во шумичката, се струполи крај една јасика и почна во грч да ги брои секундите. Набргу низ лисјето се подадоа русокосите кадри. Сакаше да го гушне, но само ги срина прстите низ бушавата глава и опцу.

(Детиште, помисли во себе. Детиште.)

И додека сега, со онаа иста насмевка, ја пикаше усната хармоника в џеб, Брант, и не сакајќи, помисли дека има нешто необјасниво во начинот како и во најблагата насмевка понекогаш одблеснуваат некакви чудни искри, што ја откриваат и најскриената решителност кај момчаци, каков што беше Јане. Има

некоја таинствена врска меѓу она што обично го наречуваме храброст и начинот да се гледа во нештата докрај.

Движејќи се низ утринската магла, тие со ништо непредизвикани размисли, кај Брант како да будеа некакви морничави трпки.

"Еј, никогаш досега не ми паднало на ум. Чудно. Ти си русокос. Сиот си некако румен, а те викаат Калеш. Како тоа?"

"Не знам. Имав едно црно куче. Ја свиркав "Калеш Анѓа". На карневал се престорував во оџачар."

"Не мотај партали, Калеш."

"Не знам. Навистина."

"Ломотиш."

"Чуј, вистината е сосема проста. Татко ми е железничар, знаеш. Пораснав крај пруга. Отсекогаш бев начаден како гламја. Калеш ме викаат уште од мал. Отсегогаш сум бил барџав."

"А - ха! Во тоа било работата, значи."

Калешот се насмеа и ги џотна рацете длабоко во џебовите на панталоните, како да брка во гума а не во ленено платно.

Маглата се креваше полека.

Секој нов чекор ги доближуваше сé повеќе до сонцето, што се подаваше откај Голема река.

Никој никогаш со сигурност не узна како, кога и зошто еден ден Чех се најде во градот. Едни велеа дека е Рус, други дека бил Унгарец, а пак трети, дека си е тоа што му го кажува и самото име: Чех.

Којзнае. Тој убаво зборуваше и руски и чешки и унгарски (тоа веднаш го разгласија во Еврејското маало), а згора на сé, тврдеа дека знае и германски, па и француски, богами.

Самиот тој пак, ѓавол да го носи, никогаш на луѓето не им призна од каде му е семката, иако по некои чаршиски муабети можеше само да се наслути дека тој, всушност, си е тоа што си е - дојденец, дојденец и сенештар и уште од сето тоа можеби по нешто згора, но никогаш јасно и гласно не рече ни "а" ни "б", или нешто слично на тоа и дури не се ни потруди да ја развее таа матканица што лека полека се врежа во народот - дека е дрво без корен.

Беше вистинско човечиште. Прав глифур и балабан.

Па, да речеме дека е и така како што велеа многумина од луѓето во овој град, се прашувам тогаш јас, како можеше така право, самоуверено и цврсто да стои и гази по земјата човек кој е дрво без корен.

Не, тоа сигурно не е можно. Јас барем никогаш нема да поверувам во такво нешто. Самиот тој еднаш рече: "Како дете газев по персиски ќилими, во зрелоста се удавив во кал, а сега . . . сега само се прпелкам низ жабјаци."

Велеа дека е од Табор, други уверуваа дека е од Одеса и дека по мајка му е Евреин, трети се колнеа дека е од Виена и дека татко му некогаш бил прочуен трговец со свила, четврти дека е од Златната Праха со некое далечно потекло од Оломоуц и дека отсекогаш бил музикант, петти дека бил од Сухуми или Киев и дека пребегал во она смутное времјон од предоктомвриските дни; велеа сé и сешто, но никој никогаш точно не разбра и не можеше со сигурност да тврди дека Чех е тоа, тоа и тоа - и точка.

Тој засекогаш остана како загатка во овој град, загатка чија одгатка со години се плеткаше низ јазиците на луѓето од градов, но никој немаше смелост, ни желба да ја реши. Според патемната забелешка на вујко ми Ате "не се памети некој друг случај во овој град, кога љубопитноста цркнала како заборавена и парталосана питачка на прагот".

Првпат Чех го сретнав крај реката, уште пред седум години. Јас бев сé уште само обична прцла и мрсулка, како што се вели, и акав со Јанета покрај смрзнатите врежови и ендеци кај брегот, играјќи криенка низ тополите, а тој одеше на лов. Мојата зимска ваканција беше при крај и веќе ме беа потфатиле мајките. Го помилував неговото мургаво ловечко куче. Тоа, веројатно, го изненади стариот Чех, зошто тој бездруго не беше навикнал некое од девојченцата од градов така леснокрило да загази босо в трње - кутракот делуваше навистина застрашувачки.

Чех подзастана, ја сврти онаа своја немќореста глава, ја поднамести поудобно двоцевката на својата огромна става и ни се приближи чекор - два.

"Ти не си овдешна, а", рече само, ме одмери набрзина, го викна мургавецот и си го продолжи патот, ганѕајќи мрзливо покрај реката.

Потоа, еден ден, сосема случајно, отидов во градот и тогаш повторно го сретнав стариот Чех. Првин свратив до Малечката Жана да погледам како стојат работите околу мојот убав камилкар, за кого во Еврејската магаза ископаа некаква лисица (гарантирано по последната мода што доаѓаше директно преку старата солунска Егнатиа) и откако ми вети дека за два - три часа сé ќе биде во ред, не ми преостануваше ништо друго освен да се меткам и талкам низ градот. Помислив за миг на читалиштето, но таму веќе ги бев вратила сите книги, а нови немаше смисла да земам - утредента си заминував назад кај моите.

Иако февруари, снегот веќе одамна беше стопен, а сонцето грееше како да е пролетен ден. Во ушите ми бучеше засипнатиот глас на Малечката Жана, која немаше доволно зборови да го изнафали мојот татко, кој своевремено "бескрајно многу ги задолжил" и неа и нејзината пријателка, Големата Жана, како што ја викаа. Всушност, тоа беа две млади шивачки, Еврејки, што му припаѓаа на оној посиромашен слој Евреи и во градот важеа како најдобри кројачки за жени. Во нивните куќи можеа да се најдат разни модни списанија и журнали, кои преку Солун пристигаа од сите белосветски центри и навестуваа едни други и поинакви светови во овој затантен простор. Уште како малечка, татко ми ме водеше кај нив и секоја повторна средба со Малечката и Големата Жана, за мојот мошне скржав татко значеше веројатно само една нова неудобност.

Настојчиви и бескрајно доследни во умешноста да се наметнат во сé, какви што беа тие (инаку месни убавици), не доаѓаше предвид човек лесно да ги одбегне, ако веќе еднаш попаднал во нивната мрежа.

("Ќе плати господин Витанов, се разбира. Нашиот убав и добар господин Витанов, ами како. Грев е ваков прекрасен камилкар да остане без крзно, зар не?")

Јас се согласував, молчев и ги веднев рамениците, нечувствителна и немоќна да проникнам во тие деликатни причини, кои на ваков или онаков начин го сврзуваа татко ми со некои луѓе од градов. Најодзади, што бев пак јас тогаш? Ништо. Обична прцла и мрсулка, зар не. Освен тоа, што ми е гајле мене за тоа што некогаш се случувало и што јас не можам да го разберам, макар и умниците да почнале да србат и чешкаат во вилиците. Сепак, постојат секогаш едни нишки што тешко се кинат. Има такви некои врвки пред кои човек катаден мора да се поклонува.

Ме опфати некое чудно чувство на празнина, нешто што ретко или скоро никогаш пред тоа не се случувало со мене. Како да истечуваа некои топли извори од мене, оставајќи ми го здивот на изземнатите дланки, без желба да сочувам макар само мал допир од него за во пазувите; нерешителна и рамнодушна, каква што бев, само несвесно и инстинктивно ги плеткав своите чекори кон дворот на гимназијата. Оголените гранки на багремите, само до пред некој ден украсени со оној сињак што од далечините прилегаше на некаква круна, не ги примаа во својата студена

пregратка ни изгладнетите врапчиња, а денес сонцето како да ги опи сите и измами сé живо на улиците.

И потпирајќи се на железната ограда од скалите, врз која го оставав невидливиот печат од своите дланки, со онаа чудна лепливост од која само некакви морничави трпки се противеа на мојата целосна одземеност и умртвеност, ме пресече ненадејниот одглас на разложениот молски трозвук и оној чудесен и непреодолив бран што допираше од ходниците: "Та - а - та - та - а - а!" . . ., нечии сигурни раце ја везеа "Мојшајдн сонатата."

Застанав на прагот од големата соба на влезот од гимназијата и долго се љубував во згрчените плеќи и свиениот грб на стариот Чех. Неговата долга побелена коса му паѓаше на челото и очите и му пречеше да ја забележи мојата малечка збунета присутност и неодлучност на прагот. Немо и незабележливо се притаив на клупата до самата печка, која пријатно баботеше. Оваа голема соба служеше и како гимнастичка сала и како единствена просторија за одржување на хорските проби и како сцена за сите школски приредби. Но, најважно од сé - тука беше "Блихнерот", кој така одненадеж го беше окупирал стариот Чех. До вчера, се чувствував небаре сопственичка на школското пијанино, а сега, покрај ова и вакво свирење се срамев од самата себеси и веројатно прилегав на натрапник. Помислив дека само тоа е причината што не ме забележал, но се излагав. Не требаше да помине многу, за да сфатам дека Чех е токму еден од оние, кои веројатно ги обзема некој необичен вид слепило кога ќе ги зграби музиката.

Седев и молчев, носена од тој виј, што само до пред извесно време се таложел, гнездел и прлушел низ моите неотпори, а сега, ете, требаше само да се соочам со овој белокос ломбак и за миг да се обрне и искриви мојот малечок и тврдоглав круг, создаден од старите крпчиња, сеништа и кукли. Ги потпирав своите слаби раце врз масата, врз која беа растурени купишта ноти околу некаков огромен глобус (од каде ли само тој се нашол тука!) и искрено се плашев дека мојата чудна растрепереност ќе ја урне големата географска топка и во идниот миг ќе се струполи по ѓаволите, скокајќи, летајќи и губејќи се во просторот, како да е од гума, како да е змеј во илјада бои и балон од соништата. Го гледав овој белокос човек, со таков чуден изглед, од кого неспокојот одамна и засекогаш изветреал, човек немтур и намќор, а сепак не чувствував нешто како страв во себе, не сеќавав ништо слично на отпор, ами нешто сосема спротивно од тоа, нешто сосема нејасно и силно.

Стариот Чех беше човек на шеесетина години, со големи згаснати сини очи и длабоки подочњаци, избрчкано долгнавесто лице, долг и тенок нос, голема немирна побелена грива што му паѓаше скоро до рамениците и некоја отсутност и помирливост на големата става, што со секое свое движење како да ја повторуваше онаа стара, банална, секогаш една и иста древна вистина - дека ѝ е сеедно. Сосема сеедно.

Прелетав со крајот од очите низ раштрканите нотни низи.

(Николај, Росини, Верди.)

Одненадеж, каденцата секна. Ги свртив очите кон стариот Чех. Ме гледаше немо и рамнодушно еден миг. Не можеше да избере понепријатно место за прекин. Како да беше ставена точка на "и". "Чија си ти?" праша. Во мене имаше само зачуденост и некоја искра на палаво пркосење. Не знаев како да му одговорам. "Јас не живеам тука", пропелтекав некако. "А кај кого си дојдена?" "Кај вујко ми Атанас Данев". "Кој Атанас? Железничарот ли?" "Да." "А, така значи." Ме гледаше како да ме испитува. Тоа можеби траеше само еден миг, но мене ми се пристори дека од тие темни сини очи можам да пропаднам низ широките крцкави штици на подот, премачкан со црн олај, од кого сето време се ширеше силна и непријатна миризба. "Како те викаат?" рече. "Тина. Тина Витанова." "Ти си Надино чедо, зар не?" "Да! Ја познававте ли мајка ми?!" "Дали ја познавав Нада? Нада Витанова? Како да не, дете мое! Кој не ја познаваше Нада Витанова." Гледав љубопитно во стариот Чех. Тој веројатно го улови сјајот во моите зеници. "А татко ти? . . . Како е тој? Се држи ли уште?" "Добро е", реков колку што можев потивко.

Чех полека и бавно се поткрена и пријде кон клупата кај што бев седната. Ја отвори вратичката од печката, се наведна кон сандакот со дрва, ја извлече машата и почна силно да го распретува жарот меѓу решетките. Одбра две цепаници, внимателно ги сложи во печката и ја затвори вратичката. Огнот набргу искрејќи, почна да потпукнува. Си ги истри и потчукна дланките и пријде до масата, покрај која седев јас. "Гледам, те привлекува мојот нотен зелник. Свириш ли ти?" праша. "Онака", реков јас. "Мајка ти имаше прекрасен глас, - продолжи Чех. - Гледаш, овде имам некои стари партитури. "Гејша", "Травијата", "Севилскиот берберин". Некогаш твојата покојна мајка пееше во хорот. Ех, тоа беа добри, добри времиња . . ." "Зар ги свиревте сиве овие чуда?!" "Ох, како не, како не! Уште прашуваш. Се обидувавме, дете мое. Во Офицерскиот дом и Камениот двор секогаш беше преполно. Сите сакаат да нé слушнат." "А оркестар?!" "Оркестар? Што ќе ни е оркестар. Тука е пијаното, зар не." Го гледав стариот Чех со недоверба. Истиот миг, тој ја сфати мојата недоумица. "Нештата никогаш не се менуваат", рече помирливо и низ блага насмевка. Јас и понатаму лунѕав меѓу нотниот материјал, не сфаќајќи.

"Да, - рече отсечно тој. - Јас знам дека многу нешта нам ни недостигаа тогаш. Но, барем се обидувавме. Се обидувавме. Сите. Либретото беше испомешано на триста и педесет јазици, пејачите понекогаш дистонираа, хорот не секогаш упаѓаше навреме, динамиката не ни беше најјаката страна, но сепак се обидувавме, разбираш?" "Не сакате, белки, да ми кажете дека овие нешта ги изведувавте со луѓето од овој град", реков јас немоќно. "Да, со луѓето од овој град. Зошто да не. И што има тука чудно. Да беше жива мајка ти, таа би ти кажала. Таа сé би ти кажала. Впрочем, прашај го господинот Витановиќ." Гледав зачудено во стариот Чех. "А сега?" прашав. "Што сега?" "Се обидувате ли сега?" Сега е сé поинаку . . . - ги симна рамениците тој, некако беспомошно, скоро резигнирано. "Луѓето се израстурија кој - каде. Спобудале светот. Власта побесне. Веќе со години ништо умно не изумија. Само се глодаат. Обзнани, штрајкови, апсови, заптови, глад, немаштија. Сатраплак. Сликарите летаат гулаби, шивачите со игла копаат бунар, а жените . . ." - сакаше

нешто да додаде, но набрзина погледа во моите ококорени очи, се созеде и поколеба некако, но во еден миг сепак процеди скриено и разочарано низа заби, онака за себе, тивко, - "котат некакви пилиштарци, што ли." Се вовлече во себе, ѕирна за миг во нотите и изусти: "А штета! Толку надарен, толку музикален народ! . . ."

Потоа, се примири, се прибра некако повлечувајќи се во себе, како да ги собира сите свои сомнежи и немири, па ги распоредува грижливо и мирно по должината на своите широки плеќи и раменици, како да ги става на терезија, со помош на својата тешка и тромa тупаница, со која широко се прекрстуваше, од белиот перчин кон едното па до другото раме и потоа сé до градите. Ме погледна бегло за миг и праша: "А Черни? Го помина ли Черни?" "?!", - не го разбрав сосема добро. "Етидите?" додаде тој. "О, да. Одамна." реков јас. "Значи - така. Па, тогаш, до каде си втасала, дете мое?" "Не знам." "Седни. Покажи ми." Се збунив. Гледав долго и нерешително во "Блихнерот" и не знаев што да преземам. На крајот сепак се решив. Нешто што би можело да биде (барем за прстометот) лесно, кусо, едноставно. Можеби и ефектно.

Прелудиум во е - мол

"Шопен!" воздивна стариот Чех. - "Отсекогаш сум тврдел дека тој не е за машки раце. Убаво, убаво, дете мое."

Набргу потоа се простив од стариот Чех и се упатив кон Еврејското маало. Капутот беше готов. Ми рекоа дека за пари е лесно и дека не треба да берам гајле. Јас им ветив дека бездруго преку вујко ми Ате сметката бргу ќе биде расчистена. Тие постојано ме утишуваа и ги креваа рацете, како да станува збор за сатаната лично, а не за пари. Ме уверија дека изгледам совршено во својот камилкар, на кого токму крзното му го дало она "вистинско и господско."

Јас многу не се вознемирував околу тоа, но сепак не одминав ниту еден излог, а да не ги свртам очите во него. "Госпоѓицата Витановиќ лично, покорно молам," си шепнев полумајтапџиски, полусериозно. Кај камениот мост налетав на Невена, даскалската ќерка и Грација Капуано, Еврејка. Ме уверуваа дека веќе стопати се обидувале да ме пронајдат, но дека не им успеало. Сега, мајка ѝ на Грација подготвила ручек "специјално по мој вкус" (капама) и дека "не доаѓало предвид пак да свиткам опаш". Ги обрнавме улиците во центарот, во должина и широчина едно два - три пати и најпосле, без некоја особена цел, се упативме кон излогот на фото - Пане. Некоја од нас беше предложила да се сликаме за спомен, но штом се долепивме до џамот, знаев дека нешто не е во ред. Очите махинално ми одлутаа во горниот лев ќош и тогаш нешто силно ме пресече во колената. Ја немаше веќе нејзината слика. Сликата на мајка ми овде стоеше со години, но сега, ете, некој ја тргнал. Сакав да викам и да се бунтувам, но само стоев стаписана, не верувајќи, молчејќи, растреперена сета и стегајќи се да не забележат нешто моите другарки. Им реков суво дека наеднаш нешто не се чувствувам добро, дека не ми е ни до сликање ни до јадење и дека утре си заминувам. Тие стоеја и гледаа во мене како токму во тој миг да ме удрила дамла. Ме гледаа така долго и ништо не зборуваа. Кутрите. Воопшто не можеа да се досетат во што е работата. Не им паѓаше на ум

ништо, освен онака бело и збунето да се пулат  во мене. Ми беа најдобри другарки во градот, но нешто се скина меѓу нас. Одеднаш како сé да се измени. Јас стоев пред нив како да сум огледало, но тие беа слепи за сé. Тогаш се обрнав и потрчав кон реката. Ми беше веќе сеедно што ќе помислат. Ми беше сеедно што ќе помислат сите. Малечката Тина утре ќе биде далеку. Министерката ме чека. Утре е нашата прва средба. Како бргу си мине сé. Малечката Тина ќе ве одмине и ќе ве прелета сите. Готово е со малечката Тина.

Се кинеа конците на куклената претстава за светот.

Крај чаркот ´ржи еден ќор ат. Некаде откај врбјаците и сазот на брегот допира пискот и детски плач. Чергата уште напладне си ги собрала парталите и, врескајќи со полна уста ежови мрвки, се вртка околу обесеното котле над прнарите што чадат. Се раштркала покрај реката, се раздрнкала по лонците и лимаријата, се жџипа, бувтали и ечи. Се сука ко вретенар. И воденичарски камен би надвикала.

(- Ижи - мижи ежово муцуле. Тор - топ ќе се сториш.

- Лапај, куме, лапај. Сега му е мајката.

- С´с бре, џенабет.

- Ај, мајката. Едно џвакај - сите лапај. Едно клај - друго стај. Едно тегли - сите зјапај. Едно држ - сите дај.)

Се крева силна џева и се́ се метка, вие и ашка околу впрегнатата кола. Најпосле, по сите бербатлаци, мурдарлаци и ждрингот на лончаријата, барабар со чергарките врз кои на две цицки теглат четири цицалчиња, се губи и послениот чергар кон патот.

Зад реката молња, три - четири капки дождец врз носот на Јане, кој бдее над успиеното бледолико лице на Брант, оросено и спотнато токму над лузната што како пијавица се извила од јаболчицата до аголот на усната; поглед кон небото, немоќна псовка и потоа само чекање и - чад.

Вечерта се плеснала како лепешка зад Чуката, божем е стуткано орле што се преправа и сал демне погоден миг да се нафрли врз долината.

(Јас, внукот на жетварките и воденичарите, - помисли Јане, - ко да сум изрод, ко да сум божјак - потомок од некоја Богомилка маченица, што го метнала и фрлила своето чедо на патот. И ајван ќе папсаше, а камо ли човек. Наследив само едно бескрајно чекање и умор. Зини земјо, отвори се. До колена сме во тебе. А сега уште и дожд . . . ни кучињата алот не ни го јадат, ех . . .

Ајде, пријателе. Тргаме. Мора да се оди.

Мора!)

"Мора само да се умре, калеш," се протегна Брант, не сфаќајќи за миг каде е, што е и зошто сето ова. Се прашуваше во себе, но сепак, некако мрморејќи, истоштен и провлекувајќи ги мрзливо прстите низ својата црна и бушава коса ("каква е оваа бусија што сме ја зазеле среде калта?") и потоа ги триеше и стискаше здрвените колкови и ги кршеше долгунестите ковчести прсти, проѕевајќи се и негодувајќи сето време дури се расонуваше. "Што е пак сега ова? Еј, дожд ли е тоа, мајката?" прашуваше како во бунило. "А - х - а," промрмори Јане, низ полунасмевка, очигледно расположен од начинот на кој неговиот другар се расонува и освестува. "Дожд!" продолжуваше да негодува Брант. "Маф ни е работата, значи". Потстана. "Колку спиев, калеш?" "Не знам", рече овој, симнувајќи ги рамениците и смеејќи се полушеговито, полузагадочно. "Преспа малкуцка. ´Рчна едно два - три часа, можеби. Можеби повеќе. Не знам." "Два - три

часа, велиш," - па погледна со недоумица во мајтапџискиот сурат на русокосиот кадравец. Сакаше тој миг можеби да му ја светне една, можеби само да опцуе, но само одмавна некако со раката и се загледа наоколу. Вечерта веќе почнуваше да се лепи врз трепките, а дождецот што почна ситно да мрмори врз пролиснатите гранки, како да го расони злокобниот ут, отаде реката. Тогаш сфати дека самиот бараше да се плеснат овде, во пазувите на оваа стара и полуразурната шупа без покрив (што некогаш била воденица) и дека нема право да му се лути и да му префрлува што и да е на Калешот, зашто секој во четата знаеше дека Брант никогаш немал мирен сон и како што тешко можеше да заспие, исто така, одвај и со мака се будеше. Можеше да не спие со ноќи. Можеше да бдее и гори на стража за тројца, саноќ, како свеќа. Но, самиот често знаеше да се раскукурика: ѓавол да го земе оној горе! Иладапати поарно ќе стокмел ако го лишел човека од сон. Да го скроел некако поинаку. Од две теста. Од сон и јаве. Како денот и ноќта. Тој постојано имаше некое нејасно и чудно претчувство дека откако некогаш некој некаде му го грабнал и украл сонот, се пошегувал гадно со него, но ем не му го враќа назад, ем тој непрестано како својата сопствена сенка да ја брка. Тој знаеше (тоа претчувство веќе одамна и длабоко се гнездеше во свеста) дека веќе никогаш и никаде нема да го стигне тој безимен и непознат крадец.

(Сто години ќе спијам. Еднаш. Кога ќе слеземе од шумата. Ќе го грабнам за гуша тој долг Тодор без коски.) Но, тој "долг Тодор без коски, дури кај облаците пошол на гости", па му ја наквасиле малкуцка брадичката и од неа веќе цело попладне упорно си лие и се цеди овој дождец, што дури во коските им се гнезди на Јане и Брант. Сега, тие личат на две омалеани силуети, на два немоќни трупа, папсани во воденицата крај реката. Заедно, скоро потпрени еден на друг, се креваат полека низ подножјето на патот.

(Дождецот се јаде, но калта - не. А, кај и да се обрнеш, само кал.)

Кал, кал, кал . . .

Ќе застанат за миг под тенката стреа на младите врби и фиданки, ќе се погледаат немо, ќе ја истресат насобраната кал од ѓоновите и топуците и пак ќе продолжат полека кон градот.

Брант чувствуваше дека сѐ уште е рано. Бркна нервозно низ џебовите, успеа некако да извлече смотка и кибрит, се доближи до еден стар и урнат трупец, што некогаш го трештил гром и со напори успеа да ја запали цигарата. (Ноќта е сѐ уште далеку, а светулките се множат на лето. Писмото е тука. Сѐ е в ред.)

Го закопча џебот и му го сврти грбот на Јанета, седејќи наспроти патот, длабоко земајќи и испуштајќи дим и гледајќи во ситните меурчиња и концентрични кругови на реката, што ги разбуричка пролетниот дожд.

Утот наеднаш престана да коби.

Се подви и подвлече некако под мантилот и остави дождовните капки да го росат неговото лице и чело, па почувствува како наеднаш си доаѓа на себе си, му се пристори како нечии нежни раце да го скокоткаат, долги и воздушести прсти како да го допираат, милуваат и будат. Гледаше во тукушто расцутените виолетови низи

од перуниките отаде реката и почувствува дека починката дојде во вистинскиот час, се обѕрна околу себе и во тој миг беше спремен да се помири со Јанета (да мине преку сите негови аџамилаци и магарштилаци), и со калта (што и "во гаќите знаеше да се вовлече") и со "штапските појци" и со сите дузини и фишеклии што со денови ги влечкаше со себе, како црноризец крстот на својот врат. Беше спремен на сé. Беше спремен на отстапница пред сите светци и богови што му стоеја на патот и го предизвикуваат да се напнува и да пребира по некои стари сметки и долгови што нé учеа да ги наречуваме судбина, и Господ знае уште како не, но тој ни самиот не беше наполно свесен кога тоа ги отворил, каде ги направил и дали воопшто ги сторил тие товари, та му се присторуваа како некои грбави чудовишта на патот. Седеше така, со лактовите на колената и се обидуваше да ја развее и одува таа своја постојана задуманост над сé што го опкружува, со еден здив од цигарата, со еден мал допир и замав на раката, со еден лесен потег на прстот од левата дланка (како кога се истресува насобраната пепел од цигарата што догорува), но полесно беше да се помисли отколку да се стори тоа. Таа недопирлива понорница низ него постојано си пробиваше пат, не му даваше мир, го совладуваше и го тераше да ѝ се покорува и да ѝ се предава без прекин. И во таа своја чудна немоќ да ѝ се спротивстави на неминовноста, што ги беше одредила сите негови вчерашни и утрешни врвици (следени од илјада ризици и непредвидливи тешкотии), тој беше спремен да ѝ одрече послушност на секоја мерка и ред во сопствената глава, па веднаш потоа да поверува дека тоа е само негова моментна слабост (и ништо повеќе), но не како грижа на совеста, или нагризеност на сопствените нерви. Ни за миг. Ни во еден од тие нејасни и неодгатливи мигови, што се меткаа и плеткаа низ неговите мисли, како нешто необјасниво и ново, што доаѓа одненадеж, се притајува во свеста како крадец, како некоја невидлива сенка над кладенците од кои до вчера ја гасневме жедта; како темен облак што се задал и надвил пред да го развеат ветриштата и виорите - тој не отстапуваше. Веќе со години одеше, дишеше и гореше како во некое бунило. Не се сеќаваше кога последен пат спиел како човек. Тој беше само една подвижна бессона маска на умороt. Но, имаше во него сé уште премногу козји патеки за сите угорнини и врвици што се задаваа на патот. Отпорот во него беше врежан како жиг. Секој негов чекор го следеше отпорот како верна сенка. Брант беше човек со лута крв, со црти на лицето повеќе тврди и решителни, отколку што и да е друго. Маж, што може да личи на секој друг маж кој допрва ги допрел триесеттите, но со глас што не трпи да му се одречува и очи што не знаат да се преправаат. Беше ранлив. Беше создаден поинаку и скроен на чуден начин. Сув, ковчест и долг, но корав и жилав, како да е печен на други огнови. Виткан и кршен на сите страни. Вриен и зовриван до сите дна. Миен со сите води - ложен со сите пелини - мачкан со сите зејтини. Непредвидлив. Непомирлив. Огнен. А ќе речеш: "Ништо човек. Издраскано бледолико лузнато лице. Стиснати усни. И друго - што? Ах, да! Очи. Со некоја одвај забележлива нијанса на кривогледост. Чудни некои очи. Тоа. И ништо повеќе."

Врне. Дождот вилнее утринава над зелената долина крај реката, небаре, се распукнал мевот на небеските барабани.

Гра́д.

Вујко ми Ате се бричи и одвреме навреме загрижено се пули кон прозорецот од кујната, споменувајќи го Господ и сите светци, мрморејќи и шепотејќи како за себе, нешто што не личи ни на молитва ни на пцоста.

Веќе неколку пати се обидува да изнајде некаков одговор на прашањето за Малечката и Големата Жана, но на крајот сé некако успева да замачка во некаква нејасна сплетка и да ја сврти работата на шега, па сфаќајќи наеднаш дека пред себе веќе одамна ја нема малечката Тина, се сплеткува самиот и со некаква чудна упорност се сокрива зад завесите на прозорецот од кујната, проколнувајќи ја лошата судбина на трудницата црвеница среде поројниот дожд и гра́дот. Вујна ми веќе цела недела е на село и тој постојано е некако нервозен и лут. Не може да се скраси на едно место. Сé нешто му фали. Вчера долго се вртакаше и тртакаше, барајќи чисти чорапи, а денес не можеше да си ја пронајде стипсата. Се обидувам да му готвам. Кога ќе го прашам дали му се допаѓаат моите мајстории, ме фали без мерка, а притоа сé некако се смешка под мустак.

"Жолтите ѕвезди ги голтна мракот, Тинче моја", сепак изусти некако задумано и тажно, правејќи ги сеедно оние кисели балони на маж што се бричи, откако пред тоа темелно и вешто го наостри бричот од обесениот војнички ремен кај помијарникот. Се бричеше бавно и чиниш со некоја вродена укоченост на прстите, а всушност, само се обидуваше да ги одбегне моите љубопитни налети, кои утринава досадата во мене ги намножи како печурки по дожд.

Го гледав неговиот сребреникав тил, од кого убаво се насетуваа годините што слетале на неговите рамења и грб и си го замислував вујко ми Ате во оние убави празнични дни, во оној негов црвен железничарски дрес, наперчен и гиздав на фудбалското игралиште крај реката, со оној постојано ист, истурен граден кош. Беше прочуен бек на месниот фудбалски тим. Непоминлив во одбраната. Зборуваа дека со глава можел да ја шутне топката од својот бековски простор, сé до оној на противничката страна. Поради тоа, а можеби многу повеќе поради самата вештина така гордо и природно да ја носи и покажува својата голема атлетска става на игралиштето, му го наденаа и оттогаш веќе никогаш не му го сметнаа оној чудесен прекар - џинот. Велат дека тој прекар необично им се бендисал на Бугарите кога дошле тука. Но, ѓавол нека го земе, ако е тоа единствената причина што го оставија на мира вујко ми Ате. Попрво би рекла дека татко ми, веројатно, и тука ги има замешано своите долги прсти. Како и да е, јас се гордеев со вујко ми Ате. Вистина, јас, ќерката на банкарски чиновник (на кого ни Србите, ни Бугарите не му ги скусија ноктите и не му фалеше ниедно влакно од главата ни кај едните ни кај другите), не берев многу гајле за што и да е и немав скоро никакви пречки или штогоде слично на недостиг од почит (татко ми кршеше ореви со секого што ќе му

се најде), но вујко ми Ате беше мојата најголема симпатија и потпора во самодовербата и природната гордост, што извираше од секој мој чекор.

Паметам, уште како дете, тој често ме водеше на кино. Особено, ако победеше неговиот тим. Тоа беа вистински празници. Наконтени и дотерани, тој, Јане и јас бевме бездруго една несекојдневна и среќна тројка.

Влегувавме последни во киното- сите да нé видат. Секогаш. Како да го правевме тоа намерно. Како да ни беше единствена цел да ги збунуваме луѓето околу нас.

("Нека цркнат душманите," би рекол Јане.)

Беше тоа кино под отворено небо, оградено со железна ограда, а околу него се протегаше природната низа од големиот дрворед со необично високи брези, еден вид пирамидни Betulae albas, а на средината токму таму каде што обично се всадени ложите и балконот, се издигаше онаа стара и цврста триспратница, со вечно спуштените и затворени бледозелени жалузини.

Тоа беше прекрасно летно кино, а наесен и во зимските дни знаеја овде да се притајат и да ги свијат своите гнезда некои чудни птици (очигледно уморни да го продолжат својот лет уште подалеку на југ), смрзнати и изземнати суштества од некоја друга планета, разноразни шатри и какви не циркуски багри.

Мелодиите што се паметат, лилихипите што се лижат до самозаборав, марципаните со кои се китат и сладат со она смешно и растеглено себепокажување наконтените Горномаалски дотки и шарени овчички, сладоледот, и кракерите, со кои се навлажнуваат испуканите од жед усни и исушените грла во запарните летни ноќи, леблебијата со суво грозје кај Торбешот бозаџијата и семожните шеќерлеми, ѓевречиња и ѕрнѕурки кои уште на влезот го мамат и демнат безделникот - посетител и оној топол миг на дертот и момчешките дофрлувања под истата стара и вечна липа . . .

Сето тоа, сето тоа и оние чудесни пармагани - мајтапџии, што без престанок се задеваа и свиркаа по "продавачката на темјанушки", или некоја таква слична потполошка и заради што беше скоро невозможно да се избега од нив (како , впрочем, ни од "неа", зашто и "таа" самата ги предизвикуваше со еднаков жар и бес, врткајќи го својот гиздав опаш насекаде и правејќи од себе химна на градот); сето тоа беше толку слично на едно минато и идно лето, што помалку личеше на некоја вонвременска збрка, земајќи ритам, здив и пулс на една постојана и неизменета празнична мена.

Наесен, откако добро ќе ги нагмечеше подрумските бочви, светот со сета лудост се фрлаше на сите придојдени махери и магови од далечните белосветски чаршии, со чудни имиња, облека и говор, но сепак восхитувајќи им се, верувајќи им сé и внесувајќи се без преправање и докрај во сите можни кловновски итрини и опсени (мижи - да - те - лажам) на разноразните кралеви на илузиите, хипнотизерите, хохштаплерите, барабите, кабадахиите, ветрогоните, мајмуните, сенештарите, шарените кукли и пропаднатите шехерезади, семожните примки за очите, рингишпилите, каруселите и кавалкадите.

Тој свет како да настојуваше, како да уживаше и како самиот да бараше да го измамуваат.

Чуден некој свет.

А јас така тврдоглаво и упорно настојував, верував и мислев дека го познавам секое лице, дека ја знам секоја тајна на овој свет.

Колку бев наивна и измамена.

(Чуден некој свет.)

Јас ги паметам сите даги, го паметам секој штрек на срцето и умот при средбите со Шарло, Бастер Китон, или пак Валентино, Баримур, Грета Гарбо, Глорија Свенсон, Хеда Ламар, Рамон Наваро, Џон Џилберт, Еди Нелсон и Џенет Мак Доналд и уште со која ли не холивудска магија, како што, впрочем, се памети сé, како што се распознава сé што е во допир со светлината.

Киното под отворено небо имаше свој живот, своја атмосфера, свој мирис и здив, свој ритам и своја музика и таа чудесна повластица значеше нешто недостижно, нешто страшно големо и важно во желбите и соништата на едно девојче, какво што бездуго бев јас, свикнато на ред и однесување.

Од тој агол и место, тоа кино (таа жива и луда заумна галаксија), беше моја голема надеж и мое големо искушение. Мое малечко бегство, мој прв лет во непознатото и допир со слободните простори. Мој малечок куклен театар, во кој јас самата ги држев сите нишки, но не како господар на книжни или парталави кукли, туку како пријател на живи суштества, на илјадници јата и пеперуги, што ги живее и создава сите животи, ги меша, распоредува, обезредува и овозможува најневозможните и најнеобврзните сцени и мизансцени во таа неверојатна и фантастична детска игра. (Чудно, но како притоа да ми помагаше некоја невидлива и скриена вештерка, што знае секогаш да ја обрне вистинската карта!)

Се менуваа боговите и хероите по некоја чудна спирала на одушевувањето и моментната приврзаност и јас бев спремна да му го посветам и последниот свој миг на тоа волшебно кино под отвореното небо.

Но, којзнае. Тоа кино сега веќе веројатно и не постои. Јас дури понекогаш се прашувам (навистина, тоа го правам со тешка мака да си признаам дури и самата себе си), со страв и внимателност кон своите розикави монистра од детските ѓердани (кои само еден разврзан јазел може да ги истури во калта!), и бездруго, од мене притоа блика онаа стара недоверба во сé што ме окружувало и ме окружува - (дали тоа кино некогаш воопшто и постоело!)

Да не е тоа некоја стапица сред мојата долга, сива низа околу вратот што ме гуши (!), да не е и тоа некој сур екот од она глуво доба на незадоволствата, разочарувањата и јаловите надежи што се напластија во нас, да не се тоа оние ледени прашалници што како мразулци - сулиндари висат обесени пред моите очи, желни за сон и заборав, среде празнината, студенилото и сивилото низ кои се меткам веќе толку време (?!).

(Леле, во кое и какво време! . . .)

Го гледав неговиот сребреникав тил, со онаа негова мирна постојаност и сталоженост во навиките и движењата, по кои го познавав и му станав засекогаш необично слична и блиска во сé.

Го гледав и го препознавав по секое негово движење, зашто и покрај сé, за мене сé уште беше оној стариот вујко Ате. Мирен, цврст, сигурен. Стамен. Арслан.

"Да, да," - повтори полека тој, - жолтите ѕвезди ги голтна црната земја, Тинче моја. Тие како никогаш и да не биле тука. Не куртули ниеден од синовите и ќерките на Јехова. Не стигнаа да ја прослават ни својата Пасха. Нивната последна Пасха. Ги дигнаа некако околу Прочка."

"Утринава зборуваш како поп, вујко."

"Поп - а се бричи, а", се обидуваше пак да ги сврти работите на шега.

"Кажи ми, вујко, зар нив не ги однесоа во Германија на работа?"

Се сврте вчудовиден кон мене, како да се колеба во недоумицата кој меѓу нас двајцата не е крстен со светата водица, ме погледа некако тапо и беспомошно, скоро сожалувачки, па одмавна со раката.

"Ти, Тинче моја, ми се чини веќе одамна не си аџамија, зар не. Каде живееш ти? Во Тонгузија? Зар никогаш не си чула што јавувале на радиото, или пак што се зборува меѓу луѓето?"

"Знам. Се зборува сешто, вујко. Има ли вистина во тоа?"

"Ох, малечка моја. Малечка моја! . . ."

Наеднаш престана да се пули де кон мене, де кон огледалото, занеме некако и се вцрви сиот, како да се бори со некој невидлив непријател во себе, кој постојано му се плетка во работата и не го остава на мир.

"Се сеќавам, - сепак процеди, - како денес да е. Како вчера да беше. Лани, некаде пред пролет, во една ладна, сува и ветровита среда. Ги довлекоа овде, на станица. Пет - шестотини луѓе: старци, жени и деца. Што пеш, што на камиони. Оваа побелена глава се нагледала сешто. И војни и олелии и што ли не, но тоа ниту го видела, ниту пак (Господ нека ни е на помош!) ќе го види. Ги соголеа, кутрите. Бај Ганчо и гаќите им ги слече. Освен ѕвездите, жолто на нив не остана. Тој матеж! Тие пискотници, лелеци и ужас во очите . . .

Ги плеснаа како лепешки во товарниот воз и ги напикаа во фургоните, како да се стока а не луѓе, како божем да се компири, како да се вреќи со компири . . .

Ме прашуваше за Големата и Малечката Жана, не ли. Е, па чуј. Жана, убавицата, онаа Големата, што ти шиеше, токму таа, добро му ја запржи чорбата на еден бугарски фелдфебел. Како сега да ми е пред очи, онака огромен и несмасен, со сета тежина на својот стомак, тоа шкембе се обеси и висна врз кутрата девојка, обидувајќи се да ѝ го симне и здипли златниот часовник. Таа го симна од рака, бесно го фрли под нозе и со невидена жестокост веднаш го здроби како сол, а тој, бедникот (замисли си само!), клекна и ги собра остатоците. Таа алчност на бугарското шкембе и таа серт мома . . . не знам . . . тоа е за приказ, жими Господ. Тој имаше некој смешен прекар. Заборавив како го викаа неговите, злото да го сеќава . . .

Велат Хаим сарафинот и другите сарафи успеале некако да го закопаат златото. Пред некој ден се слушна за Јаков Сион (го знаеш Јаков, Морис и другите, што се дружеа со Јанета), се пренесе глас низ градот дека уште есеноска успеале да откопаат еден дел. Хаим им беше чичко."

"Зар тие останаа в град?"

"Во спроводот пиле не можеше да прелета. Се спаси само Јаков. Кај камениот мост некако заостанал (ѓоа ќе "врши нужда") и ја скинал. (Во четири наутро сѐ уште е мрак). Се криел неколку денови кај мелницата и потоа преку Срмен и Голеник - право в шума. Од сите стотина и три - четириесет семејства, одвај два - тројца млади куртулија. Оние што отидоа со "шумкарите". А останатите . . . што да ти кажам .. . убаво си ја спастрија пастрмата."

"Каква пастрма, жити Бога, вујко?"

"Велат, на пат за Скопје, штом тргнале, Бугарите бесни што сепак не се омрсија баш сите и онака како што се токмеа, им дале да јадат пастрма и потоа им ги заклучиле вагоните, држејќи ги сето време без вода. Ех, стопаницата, тоа ти е ак´л, ами како. Во скопскиот монопол, подоцна, неколку старци испуштиле душа. Така Ганчо, тоа бесно азијатско орле, се разгака и осевапи на пир со фрицовите над едно 12.000 човечки грла. Утовар: Солун, Битола, Штип, Скопје. Испостава: Монополот, Скопје. Истовар: Треблинка, Полска. А таму - се знае: сапун."

"Господи!"

"Да, да, ќерко моја. Ѕверштини, еј. Ѕверови и крвопијци. А тие, кутрите, крвта со очи не можеа да ја видат. Така ги учеа рабините. Беа мирни и кротки луѓе. Покорни. Си ја гледаа работата. Работата и домазлакот. Кој можеше со Паламатија да излезе на крај? Никој. Никој жив. А тие, свиени, наведнати. И топуците му ги лижеа. А зборуваа: "богати се, богати се бре, еј мајката, со сѐ партали ќе не купат!" Богат - кој бил богат. Две - три семејства. Сарафите и троа трговци, ангросисти. Останатото - сѐ голтари. Бакали, бавчанџии, емишчии, тенекеџии, сарачи, бравари, арабаџии, семкари, амали. На мравка не згазнуваа. И тие, ѓоа биле здружени со црвениот ѓавол, што требало да ја потпали и да ја преора дуњата. Краставици. Се знае, многу убаво се знае кој го потпали овој пожар."

"Никогаш не сум те чула досега вака да зборуваш, вујко."

"Мојот татко, дедо ти Анѓел, не беше ни учен, ни многу побожен, ама велеше: "Што е човек? Ѓавол? Јок море. Тој не е ербап опашот да си го види, а камо ли Бога. Затоа, оној одозгора, гледа сѐ." Се сеќаваш ли на малечката Грација? Грација Капуано, да. Си игравте како деца толку пати. "Шалом, чичко Ате", ми рече таа, пред да ја одведат. Речи ѝ на Тина дека повеќе не сум ѝ лута. Кога ќе се вратиме назад пак, јас прва ќе ја побарам. Така речи ѝ кога ќе дојде на лето кај нас. Ако ли, чичко Ате?" "Ако чедо, ако. Ќе ѝ кажам. Нема да заборавам." "Шалом, чичко Ате!" "Шалом, ќерко!"

Колку пати само ќе ве најдев од утро до вечер, овде, долу околу бавчата, или крај река, затрчани, весели, палави и разиграни до ноќ. Па, потоа, помниш, моравме

често да ја испраќаме до дома, а потем, сети се, сети се само! - босилек зад уво, бубамара на нос, светулки на чело. Ех, Тинче моја. А каде е сега Грација Капуано?

Ме прашуваш дали сум го подмирил долгот кај Малечката и Големата Жана. Зар можеш воопшто да ме прашуваш такви работи. Би ги помирил ѓаволот и Бога за тебе. Но, зошто. Зошто сето тоа. Сега веќе сé е платено. Сé е подмирено и намирено. Прашај го татко ти. Тој триж плати за сé. Зар не си го знаела тоа? Тоа го знаеја и врапчињата во градот. Големата Жана, Жана Убавата, како што сите ја викаа и која го исплука бугарскиот фелдфебел, онаму на перонот и која малку фалеше да ти стане втора мајка (ти не си дете, сега можам да ти го кажам тоа), иако од тебе не е многу постара (можеби седум или осум години и дали и толку), ете, таа Жана, таа убава и Голема Жана, што гледаше околу себе сé како да е мува во матеница, помина покрај мене и рече да те бакнам, неизоставно да те бакнам, така, точно така рече и замина никогаш сенката веќе да не ѝ ја видиме ни ти, ни јас, ни кој и да е друг, во своите најубави години, едра и румена како тетовско јаболко, мома која одбра да му се надева и да го чека оној стар прч, каков што беше господинот Петар Витановиќ, мојот зет и твој татко, тој сар мераклија, скржавец и итрец, покорно молам, од пред некоја година, неговото преузвишено благоподопствие, господин Петар Витанов ("винаги готоф за пресна љубоф"), утешител на уважената миразџика и наследничка од Свиштов, (прости ми, ќерко, што зборувам вака, оти не можам поинаку!), но каде е таа, каде е сега онаа Малечка потполошка Жана што од утро до мрак трчаше нагоре надолу со својата тешка јутија, од муштерија до муштерија, каде се Хана и Рахела Рубиса, Исак Леви, Алегра и Флора Сион, Сол Натан и Ребека Коен, Миријам Ароести, Луна Мордо, Жамила Бонано и Морис Фараџи? . . ."

"Каде е Јане, вујко?"

"Јане?! Остави го Јане намира сега, ќерко. Јас овде ти зборувам за златото и среброто и оние софиски вртиопаши, што заедно со сé камион се урнаа во големата река и го расеаја долу по Калиманските ридишта сиот свој натуткан плен, ти зборувам за празните куќи и спуштените ќепенци во Еврејското маало, за трошните ѕидишта на Аварата, за оставената Тора на Хамами Коен, отворена секогаш на истата страница, ветва и бледа од употреба и превиткана токму на шестата Мојсиева клетва.

Сé се знае. Сé се знае, ќерко моја. До вчера Мане чорбаџијата тропаше со дрвениот чекан во Околиското наместништво, изигрувајќи Исус Христос, правејќи од нас бели мечки и лажејќи го народот со некакви крпчиња што останале од оние што како стока на кланица ги одвлекоа лани. Да, и тој, како и сите тие мршојатци, до колена се во крв, а устите сé уште им смрдат од предолгите целувки на посраниот Ганчов газ . . ."

"Каде е Јане, вујко?"

Ме погледа немо и стаписано. Дури сега како да го слушна и сфати моето прашање. Се собра и штрекна наеднаш, но бргу се прибра, ме одмери од глава до

петици и почна некако бавно бавно да си го мие лицето, низ кое веќе одамна бричот немаше што да прави.

"Јане?! Зар не ти кажала вујна ти?"

"Не."

"Чудно. Мислев дека таа веќе ти кажала сѐ. А и писмо ви пративме, зар не? Јане е в Белград. На занает. Самиот така сакаше. Самиот реши и избра така."

"Вујче, зар мислиш дека толку сум глупава. Сакаш да поверувам во тие смешни прикаски. Зошто не ме погледнеш право в очи?"

Се собра кон мене и, онака избричен и свеж, се загледа матно, но упорно и долго во моите очи, приближувајќи ми се сосема.

"А зошто би те лажел тебе, ќерко моја. Та, тој самиот бараше да замине. Вие не сте веќе деца, зар не. Тој е маж. Јак, силен и зрел. Така самиот сакаше. А вујна ти, што мислиш, зошто е таа на село? Од ќеф? Не, ќерко. Му испраќаме одвреме навреме по некоја трошка. Војна е, ама таму животот не е ни лесен, ни евтин, ами како. Ех, море, да бев јас малку порешителен . . . по ѓаволите!"

Го гледав и не можев да поверувам дека вујко ми Ате наеднаш толку се отуѓил од мене. Господи!

(Ме сметаат ли за чавка?! - помислив.)

"Еј, ти пак си ја завлече!" - му шепнеше на уво Јане, теглејќи го и удирајќи по раменици својот сонлив другар. "Доаѓаат тројца непознати. Ме слушаш ли? Тројца непознати, реков. Идат право кон нас. Освести се, еј!"

Иако буновен, Брант на илјада чекори можеше да го познае и намириса агентскиот сурат. Имаше некој непогрешлив нос за таа подмолна и смрдлива реа. "Момче, смири се. Чекај", рече суво, освестувајќи се за миг и гледајќи право кон тројцата цивили со чанти, што се приближуваа кон нив.

Се накостреши сиот и не се решаваше да преземе што и да е. Како да му се пресече здивот одеднаш, како да замре нешто во него, како да сакаше во тој миг да проникне во тајната на матните вирови од Големата река, низ кои мрзливо се влечкаше и премеќаше некаква гнила пенушка.

Го прониже остар бол и му се стегна сувото грло. Како да одекна заклан крик во неговите гради. Сé му се преметна низ глава. Виде. Тој ден сé почна наопаку. Сé се сврти против нив. Нема починка. Нема здив. Сé тргна, сé појде накриво. Поврага . . .

Уште утринава, кога низ она бунило и треска, поверува за миг дека најпосле искубаа опаш и дека веќе нема сили да се бори против најголемиот непријател, онаа леплива смола што му ги замагли очите и легна врз неговите насолзени трепки. Уште тогаш. Уште кога се притаија и слизнаа како сенки, овде крај чаркот и урнатините, чекајќи да се стопат со мракот, како да се стари друмници низ овие излокани урви. Сфати. Низ блесокот на бајонетите од Стрелачкиот строј, што се подаваше зад грбот на Чуката утринава. Низ она чудно и подмолно шушкање на дрмите, како кога се приближува ѕверот.

И пред тоа. Со часови пред тоа. Уште кога го сретнаа оној немтурест селанец со магарињата без самари некаде откај коријата и откако Јане недоветно се изнамајтапи со него дека, ете, "дојде команда и магарињата да се реквирираат", "наредба од цар Борис, лично", "му подготвуваме свечен пречек на пријателот што се враќа од Сталинград", "можеби сложно ќе му ја рикнеме "Кавалерија рустикана", наместо Дуче, кој, ете, нешто не е при глас и, воопшто, само ѓаволот знае што сé не ќе измајсториме сега ние, којзнае, можеби ќе ни се најде и таа долгоушеста гарда за финалната сцена, пред да се огласи и последниот "Deutschland über alles " во оваа од Бога фрлена и заборавена пустелија. Сé. Сé ќе ви земеме: и вашите везени пиперки и лукот и кромидот и патлиџаните и ´ржот и солта и вошките и лепешките ваши, ѓавол да ве земе, проклета рајо од зурли, тапани, гајди и од лизгавите примки на дедо ви Пејо. Сé!"

(Јане се расприкажа пред селанецот, ни не гледајќи во ококорените очи на својот другар, ни не сеќавајќи ги лесните бувтаници по слабините.)

"Црно, црно ви се пишува и на тебе и на твоите магарења, кардаш . . ."

(Брант како да не им веруваше на своите уши.)

Тие одеа, заобиколувајќи го и песот што ќе им се појавеше на патот, а ете, во тој миг не можеа да изумат ништо поумно (белки не беа штркови, та да ја прелетаат коријата) и благодарејќи му на Јаневиот дар во сé да го бркне носот и да ги кине и расфрла своите зелени ластунки, го оставија селанецот во оној негов збркан опул и недоумица - тој од сите задевања на русокосиот ѓавол не разбра ни збор. Не можеше да црпне со празната лејка во таа матна вода (што ли не изнамати младиот делија!) Од каде ли само се зададоа? Кој ѓавол ги навеа? Се вр ткаше и исчудуваше околу себе, не сфаќајќи и не верувајќи си самиот себеси. (Да не сонувам, бре еј?! Ај, мајката. Јок море, ене ги кај свиткаа опаш зад тополите. Чудни некои птички. Ретки, шарени пердушки. Ѓавол да го земе, какви ли не сејмени се изредија низ селово, што уште не ќе видиме и чуеме, стопаницата! . . .)

Брант одвај дочека да се поодалечат малку, па да го истури својот гнев.

"Што ти стана тебе, малечок? Да не се помрдна малку? Да не се шекна? Дрдориш како стрина, а ваму ни очите не си му ги видел на човекот! . . ."

"Е, де! Што се лутиш. Не се задевав со тебе, не ли. Ниту пак со селанецот. А тој, неоти разбра нешто. Јазикот пајажина ми фати."

"Слушај, калеш! Не тргнавме на сеир, знаеш. Низ иглени уши ќе се провираме, во глувчови дупки ќе завираме, ако треба. Но, не сме овчари, на мегдан да се натфрламе. Разбра?"

"Е, де!"

"Да. И запомни: јазикот врзан."

"Добро, де. Разбрав. Без гајле."

Јане погледна откосо и скришум во лузната, што како да потреперуваше над стиснатите усни од Брант и сфати дека неговиот другар го опфати онаа негова стара лутина, што ретко извираше од него, но по која расправањето беше најлошиот лек.

Замолкна. Го боцна оваа ненадејна, но разбирлива строгост на неговиот другар и макар што беше горделиво и самосвојно момче, сепак реши да му се покори. Тоа беше нивна прва поостра закачка откако тргнаа заедно и тој сега со напор успеа да се совлада и да ги стисне забите. Можеби сакаше да му лепне дека ова деноноќно акање по ридиштава веќе му здодеало и го истоштило (јазикот не ми го дале да мелам слама со него, да брстам трева, или да гмечам јонџа), но не рече ништо за среќа, само си го поднамести ремникот поудобно на вратот, ги прибра полите од мантилот, што откако наближија кон Големата река пак го намакнаа на себе, следејќи го во сé својот постар другар и плукна настрана, низ заби. Тогаш се случи она од што најмногу страхуваа. Но, што можеше тука да се стори. И да сакаа, не можеа да ја спречат средбата меѓу селанецот и даскалот, кој уште пред тоа ги беше забележал двајцата чудни натрапници на пат кон селското училиште и сега, седнат врз камениот лак на чешмата од влезот во селото, нестрпливо го исчекуваше селанецот со магарињата. Му отпоздрави, срипувајќи и го поткачи набрзина (де - ова, де - она), не давајќи му ни да здивне. Потоа, отрча како луд кон училиштето, не

губејќи ни миг, и откако го забележа својот стар курир пред тремот од трошната куќарка, што ја делеше само еден ѕид од училишната зграда, свика како без душа:

"Митре - е - е! Ој, Митре - е - е! Бргу! Бргу ваму, кога ти велам. Слушај! Ќе одиш веднаш во градот. Ќе се јавиш кај началникот на участокот, кај господин Димов, да. Ќе му го предадеш ова."

Откина набрзина еден лист од тефтерот и начкрта "Две сомнителни лица се движат кон градот. Наоружани се."

Тој знаеше дека куририот е неписмен и не береше многу гајле околу конспирацијата, но се сомневаше дали тоа "дрто магаре" ќе стине навреме. Затоа, како да се колебаше за миг, прашувајќи се во себе нема ли да е подобро тој самиот да збодине и токму се беше решил да му го побара коњот, го виде веќе оседланиот белчо подготвен за на пазар, па му го тутна во рацете на куририот пресвиеното ливче и му нареди веднаш да јавне, да не го штеди белча и да го чува тоа ливче како очите во главата. ("Ако ти е мил животот," дури додаде.) Митре се преправи како тоа да го пречул, но во тој момент погледот му светна од радост, зошто тој и онака се токмеше да го моли даскалот за допуст во градот, како што го правеше тоа веќе со години кога е пазарен ден и поткренувајќи се со помош на трупецот пред шталската врата, со леснина што зачудува, се најде врз седлото на белча.

"Ди - и - и, белчо! Ди - и - и!", - свика ќефлија, удирајќи го коњот со крајот на уздата де - одлево, де - одесно и се изгуби кон џадето.

Брант и Јане, иако здрвени и здробени во глуждовите од тоа долго влечкање, започнато уште таму, од она малечко планинско село, знаеја дека пристигнуваат токму во најнепогодното време, во најнезгодниот час.

Беше премногу рано, или пак премногу доцна, сега, среде бел ден, да ја играат и понатаму таа опасна криенка и да продолжат да ја искушуваат и предизвикуваат судбината. Маркови кули, иако сé уште сосема скриени од нивните матни погледи, бездруго не беа подалечни од еден добар дострел на пушката, или едно две -три свиткувања на Брантовиот качак. Секоја ненадејна средба, се испречуваше пред нив како несовладлива пречка на патот и како долга и несносна мóра. Немаше друг излез, освен да се чека првиот мрак. Нерадо, сепак решија да се стутулат во пазувите на оние раззеленети крајбрежни фиданки, што од сите страни беа опколени со бескрајните низи од капини, грмушки, шамак, врež и саз. Молкнати и смуртени, личеа на два прогонети ѕвера што демнат и ја чекаат ноќта, таа непробојна облека и заштита од крвожедните ловци. Но, ноќта беше далеку. Предалеку.

Освен тоа, оваа ненадејна раздвиженост и откај џадето, и откај селскиот пат, каде што одвреме навреме се задаваа оние сурии од селани со кошници и натоварени влашки магариња, ги потсети дека среќата овој пат сосема им свртила грб штом, ете, се случи да пристигнат во предместјата од градот токму на пазарен ден. Сето време, долж сиот пат, како да ги придружуваше некоја невидлива сенка, некој нејасен чешитски кикот на крајбрежните птици и некаква постојана закана од облаците, де - ќе заврне, де - нема, де - ќе огрее, де - ќе се смурти проклетијата . . .

Останаа така, неми, растргани и молкнати со часови зад коријата, решени да се сменуваат по ред и на секој час, но ниту едниот бдееше кога требаше да се бдее и варди, ниту другиот можеше да свие опаш и мирно да ѝ се предаде на умората, без да трттори и да се обѕира на она постојано гакање, гргор и ѕунење во воздухот.

Ја почувствуваа таа тешка умора, што наеднаш падна врз нивните струполени тела, предавајќи ѝ се дури помалку несвесно и слутејќи како прозрачната дланка на тишината ги пласти своите таинствени дипли низ илјадници заборавени шумови, мириси и бои. Како да се враќаа во некои стари, напуштени и заборавени предели, во кои ни луѓето, ни патиштата, ни времето не измениле ништо.

Беа тука оние постојано исти лути корени и плодови, што напролет децата безмилосно и со сѐ бурјани ги кубеа од инает или угурсузлак кон старите бавчанџии, беше тука оној секогаш присутен лош здив од заборавените пци, што дошле да ги спрострат своите изземнати мрши во бескрајните дупки и дрми на коријата, пасејќи за прв пат или можеби навистина за последен пат (како што зборуваа) од тукуштo из´ртените тревки, како што го правеле тоа нивните предци пред години и векови. Беа тука оние сури јата страчки, што пируваа над сите смрдливи испарувања од крвта на крајбрежната фауна (иако скриени), сите отровни печурки крај стеблата и изгниените води, сите ´рѓи, сите мемливи чергарски партали, крпчиња и коњски черепи, кои до вчера се меткале низ снежните виулици.

Беше сѐ како што било секогаш и како што ќе си остане секогаш во тие смрдливи дупки.

Тие знаеја да ја слушаат и ја слушаа таа тешка тишина, која како некоја стара краста, како некоја неизлечива рана се лепеше врз овие заборавени предели и тонеа заедно со умората, докрај, изгубени и неми крај реката.

Тогаш, некаде откај исток, токму зад падините на Чуката се поддадоа првите шлемови и блескави бајонети и тие, иако безволно и со мака, сфатија и пред да зине меретијата, дека се немоќни да сторат што и да е и да ги фатат за гуша сите јалови надежи пред да се слизнат во матицата што ги одвлече. А само до пред неколку мига се замајуваа со нив. Мислеа дека ги прекрцале сите маки. Сѐ ќе биде. Сѐ ќе биде . . .

"Кај ли се стегнаа браќата. Ко да се китени сватови. Калеш, гулапче, дури сега ќе се фатиме на орото. Енос," се вџаши Брант во неочекуваната глетка од исток.

"Да, да. Назад ни биле дарбите. Колку ли ги има само, мајката! И шлен и плен. Џган."

Мислеа дека ќе бидат само неми и безгрижни сведоци на една случајна и незаинтересирана солдатеска, во една од своите вообичаени утрински движења, пред да ја нурнат во кошмарот на Големата пролетна офанзива, некаде во подножјето на планината и рудниците. Далечната сигурност на нивните природни скривалишта, навистина можеше да ги одвлече во тие примамливи мисли и залажувања. Но, Брант нештата никогаш не ги примаше со таква леснотија. Тој, по навик, првин ќе се разбуричкаше по најлошото, а потоа си даваше за право да се

турне во што и да е. Стравот, кукавичлакот, трпеливоста, нервите, недовербата, во себе и во кој и да е друг, не беа причина за тоа. Едноставно, тој како да криеше во себе некои потајни резерви и чувство за претпазливост, што безброј пати го штитеше од лекомисленоста секогаш и во сé да се истрчува. Илегалецот во него знаеше да се притаи, да се повлече за миг и да се стутули како еж во својата сопствена кожурка, па потоа да се отвори или брани, ако е нужно тоа. Кај Јанета пак работите стоеја сосема поинаку. Тој едноставно беше слеп за каква и да е сметкаџиска спогодба со самиот себе. Неговите фитили беа многу покуси. Тој молневито, дури слепечки паѓаше в оган, но затоа пак не ретко знаеше да фифне како црногорје. Брант ги знаеше тие проклети навици на Калешот, не ретко ги креваше рамениците и беспомошно, но благонаклоно повторуваше во себе дека, ете, нештата се такви какви што се и дека тие тешко можат да се изменат туку - така, иако потоа во себе се јадеше и си префрлуваше сешто. Но, што можеше тука да се стори. Зборовите тука немаа речиси никакво дејство. Зборови - ќорци. Тој знаеше дека Јане еднаш "мора да се издува", но во тие ујдурми на Калешот, она одвај забележливо зрнце лудило во неговите модри очи (кога безумно се замислуваше самиот себе си како оној Кронштатски матроз, или пак се обидуваше да измами некакво смешно признание за оние "чапаевски" црти во начинот како ги треби и истребува редениците пред себе) можеше да изроди многу поголеми, илјадапати поголеми неволји.

Затоа, тој сега љубопитно ги следеше и демнеше неговите опули чиниш многу поважно му е тоа како Јане ја срка таа жешка каша пред носот, отколку опасноста што наближуваше. Најпрвин, посака да му го одвлече вниманието од Стрелачкиот строј, кој се спушташе од чуката и да го натера да ја преминат реката. Сакаше што побргу да ја здувнат одовдека, но сфаќајќи дека на другата страна од реката, токму спроти нив, па сé до оддалечениот чарк, се пружа само гола рамница, сепак се реши да останат кај што се најдоа во тој миг.

И додека Брант вознемирено ги впиваше и преценуваше во себе одблесоците од шлемовите на Стрелачкиот строј, устремен токму во правецот на реката, од ракавите на крајбрежната патека злокобно се подадоа сините униформи на претходницата на првиот вод.

Во следниот миг, тукуречи судрувајќи се, сосема неочекувано и скоро секавично, се најдоа очи в очи со бугарскиот фелдфебел. Овој, и самиот не сфаќајќи што се случило во тој миг, гледаше вџашено во нив, како да е фатен во стапица. Не стигна дури ни да се фати за оружјето. Јанета како да го осоколи тоа. Тој немаше време, а и не можеше дури и да посака да го стори тоа, да ја чека новата грешка или збунетост на непријателот. Се фрли врз него со голи раце и со сета сила ги забуца своите прсти во снажниот врат на фелдфебелот. Го стегаше и давеше како орел, обесен врз неговиот грб, но овој, онака голем и јак, бргу успеа да се отргне од Јаневите канџи и со еден силен и грчевит замав на своето тело, потпомагајќи се со едната рака како пеливан, успеа да го обрне пред себе, совладувајќи го и ослободувајќи се од цврстата прегратка на Калешот.

Брант, кој втренчено ја следеше оваа нерамна борба, се најде во тесно. Тој не смееше да го истури својот шаржер во широките плеќи на противникот, зошто и Јане му беше мета. Затоа, во моментот кога фелдфебелот успеа да го пресвитка неговиот пргав другар, со еден силен скок се најде зад неговиот грб и бесно го чална со шмајзерот токму по средината на тилот. Бугаринот, со сета тежина на својата кршна млада става, се струполи ничкум во прегратките на веќе совладаниот Јане. Русокосиот кадравец бргу се изви од непријатниот товар на малаксаното тело од својот противник и во следниот миг виде како Брант срина два шаржера во градите на фелдфебелот. Тоа беше еден долг и продорен татнеж, еден молскавичен и морничав рафал што одекна на сите страни, среде тој мртов и изгубен ракав на крајбрежјето.

Не се премислуваа ни миг.

"Калеш, бегаме покрај река. Ќе ти држам отстапница. Фаќај, сé надесно, покрај грмушките. Онаму, карши орманот, ќе се обидеме да ја прегазиме реката."

Во следниот миг, куршумите почнаа да свират и фрчат од сите страни. Тие бегаа како прогонет дивеч, виткајќи се и плетејќи меѓу грмушките, како да не беа нарамени со сите овие чуда и бесови, та човек попрво можеше да поверува дека одненадеж воскреснале кумитите на војводата Иљо, отколку дека се сардисани, одвај ли, две ретки ѕверки покрај орманот на Големата река.

Онаму, од чуката сé уште надоаѓаа војници. Можеби неколку стотици војници. Како сини сеништа. Зад нив - кордон полицајци. Ја претресуваа целата околина.

Оттаму одекнуваа и тешки митралези.

Брант и Јане како да добија крила, бегајќи покрај река. Наеднаш откај тополите - оган!

(Обрач).

Залегнуваат. Се обидуваат со две бомби. Отвораат оган со сета сила, како да ги има цела чета. Низ чадот и мешаницата, можат да забележат како неколку војници во сини униформи низ паничен бег се устремуваат кон касарните. Наеднаш Брант добива некоја неверојатна сила.

(Ганчо, учкурот ти падна, еј! - се провика несвесно и скоро не верувајќи во она што го гледа и она што се отргнува од неговите сопствени гради).

Се крева бргу и не чекајќи, го повлечува со себе и збунетиот Јане.

Сега бијат назад со шмајзерите и се штитат при повлекувањето.

"Јане, ти прв!" вика Брант на сет глас, како да е генерал и како да командува со цела армија, а не со едно збунето пребледено и инаетливо момче, што не може дури ни да сфати дали тоа неговите нозе како менахички пергели ги движи оној голем мотор, чиј погон се симнал дури во петиците и чука како споулавен чекан, или го тера оној несовладлив внатрешен оган, онаа треска, оној пожар во него да изрипа и од сопствената кожа, да се нурне, да се изгуби во просторот, да се распрсне и урниса во некои недофатливи длабочини, каде што нема ништо освен прашина, вртоглавица и штама. Усните се сушат, грлото се отвора, како да рикнала од него

цела суводолица за дожд, а дамарите бијат ли бијат, стегајќи го обрачот околу штукнатиот ум и свест на младичот. Тој не гледа ништо, освен молскавици и некои темни мрежи околу слепите очи, што полека тонат и се губат низ матните бранови на Големата река. Така ја поминаа реката и паднаа зад калливиот трап, штитејќи го својот другар и не знаејќи при тоа дали го истура и фрла својот оган кон небото или кон земјата.

(Зарем не беше онаму езерцето?!)

(Зад умот и беснилото. Зад громот и пеколот.)

Се слушаат само силните рафали што јачат насекаде и одговорот во него не може да си пробие пат низ таа мрачевна блокада на свеста.

(Успеа и Брант!)

Пак залегнуваат. На пресок се упатуваат кон езерцето. Низ свирежот од куршумите, можат да се наслутат повремените пискоти и екот од ранетите бугарски војници. Брант ги стиска забите и цеди некакви отровни осила кон другиот брег.

(Паси коприви, Ганчо! Овде и тревата гори, Гори, еј!)

Беше како улав и здивен и не знаеше дури дали тоа им го зборува на оние преку река, или ги збира своите разлетани брдници од вжештената глава, расеани по полето, како што вилнееше и се кинеше онаа челична мрежа од распрчканите куршуми по калта на крајбрежјето.

Јане полека се созема и сега веќе знае како да се мушне низ секоја тревка, низ секоја бразда и ендек од оваа непрегледна долина.

Ливадите се на дофат.

Малечко езерце. Тополи.

Кал.

Се́ уште ги гонат. Модрата глутница уште пишти и вие. Брант не ја штеди муницијата. Конечно се добраа до првиот густиш. Сега се доближуваат еден до друг и се провлекуваат низ росните гранки од пролистаните стебла околу езерцето.

Калешот сфаќа дека поминало најгустото и одвреме навреме го свртува својот зажарен поглед де - кон гонителите, де - кон Брант.

"Се плашиш ли, другар?" и не сакајќи, му се откина прашањето, што му се лепеше и меткаше низ јазикот уште кога ја совладаа реката.

Овој само се поднасмеа, не свртувајќи се кон него. Го покажа само својот сигурен црномурест профил, пресечен со онаа стара лузна и некоја малечка, неуловлива искра на самозадоволство прелета низ неговите усни.

"Брливко," му рече само и му ја разбушави кадравата русокоса глава, како што го правеше тоа секогаш, кога беше задоволен со Јанета.

Но, сега го виде бледото и преплашено лице на својот млад соборец и сфаќајќи ја наеднаш неговата панична желба да измами макар само дел од едно толку нужно признание, што може да го доближи до него, сосема близу до него, да се стопи во таа трепетна разиграност на младешкото срце, што чиниш ќе изрипа некаде од процепот на закопчаната јака до вратот, изербатена сета со црвеникави пласти кал, тој проникна во желбата на младичот.

"Само умрените не се плашат од ништо, Калеш," рече.

На овега му светнаа очите од восхит, чиниш токму во тој миг ја проголта најмудрата тајна, што кога и да е му се укажувала пред нив и продолжи да го води својот другар низ врвиците, по кои така убаво се снаоѓаше.

Тој шлапкаше несмасно со своите натежнати топуци, и не сакајќи воопшто, сепак ги пронаоѓаше оние стари драсканици низ врбјаците, во вид на прободени срца, иницијали од тетовираните стебла, врз кои годините и времето свиткале уште по некој прстен. Окитот на росните гранки се сливаше и шуркаше врз неговите спотнати образи и како да ја гасеа таа ладна пареа што избиваше од нив. Тоа секогаш румeникаво лице, сега само ќе го искривеше својот бледолик профил и во следниот миг, при секој свој мимолетен наод, ќе се поднасмевнеше во себе.

("ВАНЕ - ЛИЛЕ = О"

"МОНЕ РОДНА"

"ИЛЕ
МОРИС
ЅВОНКО
ЈАКОВ
ДОНЧО"

"ЈАНЕ 1937 Г.")

Се слизгаше лесно и вешто низ расквасените патеки и се обидуваше да се отргне од тие смешни примки на лудините, што сè уште бодинаа низ неговата крв.

(Да се доберимe до чаркот! Да се доберимe до воденицата! Чиниш, ене ја, тука е, пред носот, а пустињата како да има крилја и бега ли бега од нас! . . .)

Пукотниците откај чуката полека стивнуваа. Опасноста како да мина. Најпосле, замре сè.

Таму, крај чаркот и воденицата го минаа попладнето, обидувајќи се да спијат и да се исчистат од калта и себе си и оружјето.

Но, дождот расипа сè.

Не можеа ништо да сторат освен да чекаат во своето засолниште и потоа да се обидат да се отргнат од таа калилива дупка.

Откако се изгубија чергарите од нивната близина, сфатија за последен пат дека времето не е нивен сојузник. Ја следеа со погледот безгрижната черга што го остави само чадот и чудесната минливост на огновите и којзнае дали не посакаа во тој миг да летнат некаде далеку со тоа преселно јато.

Мрачевата што толку долго ја чекаа им лежеше на душа а небото сè уште не им ја подаруваше. Сè уште можеше човек да распознае човек, а ѕверот ѕвер. Седеа молкум, ко две изгубени сенки и ја чекаа ноќта.

А онаа ноќ, онаа друга, поинаква ноќ, оломнани, онаму во градот, наеднаш допре во сеќавањата на Јане, како кога ќе ве затече и ви се притаи некоја другарка од зад грб, шегувајќи се со вас и со своите благи и нежни дланки ви го одзема и видот и здивот, кикотејќи се пригушено на вашиот "невешт" обид да ѝ го погодите името. Таа чудесна криенка го одвлече кон овој неповторлив вител на летните

омами во прегратките на ноќта, крај паркот, мостот, корзото и гитарите, во близина на сите распрснати срчи од смеа, солзи, крв и збратимување, во близина на пресечениот и прекинат пој на секогаш помалку комичните тинороси (њоловци) од нашите сокаци, кон онаа бескрајна шаренолика низа што како бршлен се виткаше и сплеткуваше по неговите и туѓите рамења како китка, скокотлива и мирисна китка од усните, прстите и белите гулапчиња на Горномаалките и Долномаалките, зовриени и избезумени од вриежот на крвта и сите невидливи пареи и чие име сега тој веќе не можеше да го погоди.

Полицискиот час одненадеж и без милост ја прекина таа чудесна и неповторлива игра и донесе едни други, нови правила и игри, едни поинакви криенки и мижуркања со имињата, што наместо со благи и нежни момински дланки, началникот Димов ги измамуваше со камшици од сушени воловски кожи и црева во участокот.

И таа ноќ, т о ј, немирко и укубетлија на векот, што веќе со години од петни жили се обидуваше да им дорасне и да им доскокне на сите оние помалку горделиви испосници од погорните класови на гимназијата, се нурна во таа возбудлива ноќна авантура, заедно со веќе прекалените, отрпнатите и converted превеани чираци на црвеното подземје и илегалата.

Како мораше сега да им изгледа ним, кога тие до вчера со некоја особена подбивност гледаа на сите лелеави кадравци, чија единствена мисла е како да ги збунат девојчињата со коцалки и да се перчат на сите страни со својот мермерен гард - "е баш ми се свирка на сé!"

Се меткаше и ја обиколуваше со недели и месеци таа испиена тајфа "книжовни" молци, тие таинствени и бескрајно самоуверени лилјаци со окалки и го продлабочуваше меѓу себе и нив оној надмоќен и семожен конспиративен јаз: сомнителен, незрел, непроверен.

Како сега тоа можеше да им изгледа ним и какви беа тие сита и решета низ кои е нужно да се провре сечиј пилиштарски клун - тој никогаш не дозна.

Сé до оној ден, до денот дур да дојде да копа и прекопува во подрумот на Атанас железничарот онаа чудна и неверојатна мома, со пресата и матриците на Прогласот и сé дури таа иста калешица, Гена, или како сé не ја викаа веќе, не направи да се почувствува во еден миг како да ја открил Америка, како истиот тој миг да допловил како капетан на фантастичната "Аврора" и од палубата на бродот извикува некакви судбоносни пароли. Толку го исчекуваше тој ден, цртајќи низ својата вообразена фантазија најневозможни призори и слики, што кога се случи тоа, дури и не сакајќи си призна себе си дека помалку е разочаран. Мислеше дека започнува да живее како некој од Бога скроен јунак во романите, а ваму, работата била сосема поинаква. Требало да се чека, да се влечка, да се притајува, да се тетерави и да се лизга по сокаците. Којзнае што си замислуваат тие. Ако мислат дека јас ќе се согласам само тукутака да се тркалам од затантената железничка станица до градот и назад и наизуст ќе учам некакви излитени и будалести гатанки, тие силно се излагале. Богами.

Дотрча, така, тој ден кај другарот Владо и ги изрече своите напамет научени зборови, иако на драго срце би изговорил пцоста, зашто којзнае што не очекуваше тој да преземе и стори и каква сé важност не си придаваше во тој миг. Тој си замислуваше летови и чуда, а ваму:

"УТРЕ ЌЕ ГО КОПААТ ЛОЗЈЕТО НА ГАЗДА КОЛЕ. МУ ТРЕБААТ ТРИЕСЕТ АРГАТИ."

"ЖЕНИ ИЛИ МАЖИ?"

"МАЖИ. СÉ ОДБОР ЈУНАЦИ."

И не беше свесен дека, по првиот сомнеж и зачуденост во погледот на илегалецот, крајот на лозинката го воведе во еден нов свет и од тој ден, тој почна скоро секојдневно да ги истура своите малечки и неверојатни товари од ученичката торба, пред веднатите носови на довчерашните неверни Томи, не пропуштајќи притоа да си додаде и некоја особена важност, откако конечно сфати во што била работата и што сé му носи таа курирска торба во очите на "книжовните" молци. Сега ги делеше и лево и десно своите паунски сигнали, како да дели милост, распродавајќи ја на грамови својата невидена убавина и преправајќи се дека тоа и не е некоја особена цена за недовербата и евтината преценка на неговата кожа што му ја должеа тие. Од ден на ден, се пластеа пред одушевените лица (сé уште свежи од печатарската боја на гештетнерот) повиците, агитките, брошурите и друга "црвена" литература, а зборуваше "еве ви уште малкуцка од овие мачкотници, добри се за потпалка оган", а потоа продолжуваше и понатаму да трча, да ака по сокаците и да ги аби своите жални трикатни крпеници од она што некогаш било "Бата". Се редеа дните во една збркана и несопирлива затрчаност, како да се натпреваруваа кој од нив ќе донесе некоја поголема новина, кој ќе измисли некоја почудна и потешка итрина.

И тогаш дојде и таа ноќ, првата ноќ што требаше да се откине од опашот на полициските патроли, да се преврти часовникот на окупаторската ноќ и да ѝ се погледа на темнината в лице. Требаше да се постават тие скалила, да се копа и гребе по тие ѕидишта, да се подметне грбот за тоа мачно катерање и вишнеење по урнатините на Еврејското маало и потоа да се копа, да се копа до дно. Да се гледа во млечната патека, или да се следи трагот на Големата и Малата мечка, да се ослушнува последниот кикот на полноќната патрола што го предизвикал некоја минута до полицискиот час некаков си "Папагал" со големата бела сибирска мечка поради нејзината смешна немоќ пред црниот алпски орел, да не се мисли по можност на Малечката и Големата Жана (особено не на оние долги и врели игри со "џамлии" под јорганот, поради што утредента на часовите по "мајчин" език може да се гувее, глувари и блада пред таблата како смртен виновник), да му се верува на дугарот Јаков (без поговор и псовки) дека треба дикелот да се забие лево и само лево, да се дебне од секој шум, од секоја сенка и одглас во ноќната штама и најодзади да се преправа дека сето тоа е само најобична предострожност, поради вардење и единствено поради вардење на Кумовата слама од крадци или пожар (како валтеншаунг.) Натаму, треба да се издржи (што е можно повеќе) погледот на

онаа стара и злокобна вештерка, и откако на шегата ќе ѝ ја свиткаме шијата, да се биде во полна боева готовост да се достои и рапортира пред другарот Владо и оние од Месниот. Потоа може да се шепоти како во некое бунило (или по вкус) она "Марија даж´д нам днјес" и да се свирка одвај чујно (сол) - до - си - ре - до - сол - ми (-ла - фа)  поради секој залутан пес во ноќта. Но, не треба да се губат попусто нервите. Треба да се остане мирен докрај, па дури и кога почнува да се верува во некакви чуда и магии, па и во тоа дека, ете, и вештерката го исполни своето проклетство кога од дното на црната утроба тукуречи на дланка ја извади и покажа животната прикаска за Хаим сарафинот, или некој друг, собрана само во еден обичен глинен ќуп: петолирки, наполеондори, лири, четвртлирки, руски, францјозефки и римски монети, дублеа, нараквици со разни монограми и украси од змиски глави и разноразни опашки, а секоја од нив плетена со по четири златни жици и долга по половина метар, грутчиња чисто необработено злато, бисери, ѓердани, златни заби, прстени со рубини, топази, сафири и смарагди . . .

И којзнае дали тој ќуп сега не блескоти толку силно над овој отпретан еврејски катафалк, мигајќи кон старата вештерка ко да е полноќно сонце и поради овие изгубени, збиени, ококорени и задишани копачи што го бараат патот. Го држат цврсто ќупот во своите раце, снаоѓајќи се во мракот, одат, молчат, но не им веруваат дури ни на сопствените очи и не смеат да го испуштат ни за миг овој драгоцен товар, чиниш ако им се слизне од раце и случајно падне, ќе експлодира најголемата бомба што кога и да е некој ја држел во рацете и ќе ја запали ноќта.

(Не ја запали ноќта.)

(Само го осветли патот.)

А тој, го дочека денот и се упати "на занает во Белград", носејќи во бовчата сирење, леб и стари крпи и потоа се прости од другарката Гена, некаде пред Велес, не можејќи сепак да се одбрани од коската што му застана в грло откако остана сам, во она пусто село без кучиња, обидувајќи се да привикне на шајачните панталони и на мислата дека дури и не позволи мајка му да го бакне (магарето!)

Тогаш ја дочека својата врска, гледајќи рамно и тврдо во селанецот што дојде на коњ, кажувајќи ја јавката и повторувајќи постојано во себе како поп едни исти зборови, што требаше да му го одвлечат погледот од реката што се губеше зад ридиштата.

"УТРЕ ЌЕ ДУВА ЈУГО!"

А сега, ете, ноќта тукушто се спушташе и тројцата цивили со чанти, оддалечени само дваесетина метри од местото кај што беа Јане и Брант, нестрпливо и залудно очекуваа да им се одзоват капнатите делии крај Големата река.

"Ах, мршојатци! - простенка низ заби Брант. - Сега уште вие бевте кусо. Зар и вие морате да ни се присламчувате, - шепнеше како низ бунило тој. - Одете си мирно по патот. Ние сме службеници од рудникот," свика силно и подготвувајќи се за најлошото.

"Тогаш покажете ги легитимациите!" - одговори со ист тон еден од тројцата агенти и не стори ни чекор два, зад нив веднаш се појавија група вооружени полицајци, како во тој ист миг да изникнаа од ендекот.

Брант срипа на нозе и откопчувајќи го мантилот, веднаш отвори оган. Но, овој пат агентите беа сосема подготвени и тие во истиот час се фрлија во ендекот крај џадето.

"Малечок, по истиот пат! Назад! Бргу!" - викаше Брант, блувајќи огин кон напаѓачите и повлечувајќи се назад низ грмушките.

"Момчиња, пали!" - се чу некаков извик и во истиот момент, Брант знаеше дека низ неговите жили се стркала некоја огнена топка и тој почувствува некаква чудна топлина, што проструја низ неговото тело. Не одѕивајќи се наназад и не знаејќи дали веќе Јане се извлекол, тој продолжи да пука и откако се увери дека гонителите на се отвораат, се докопа некако до еден поголем врбјак и почна бргу да се повлекува.

А само пред неколку мига, еден чекор, а можеби не и толку, го делеше од признанието пред Калешот дека е при крајот, дека е готов и дека не може повеќе, но еве, сега, токму кога така неочекувано се соочи со вистината дека веројатно е ранет, тој како да оживеа и како допрва да почна да се ашка со овие ненаситни стрвини, со овие сеништа, од кои веќе цел ден бега како прогонет ѕвер.

Тогаш виде, всушност, дека Јане е тука, покрај него и дека не го испушта од вид.

"Назад! Кон езерото, Калеш!" - викна, како да не го чу забрзаниот здив на својот другар, што бревташе со полни гради во неговата близина и знаеше дека овојпат пајакот добро ја исплел својата мрежа и дека нема лесно да ги пропушти низ неа. По неговата глава мислите се врткаа и судруваа со секавична брзина и тој скоро инстинктивно погледна кон спротивниот брег. Веднаш сфати дека овојпат не смеат повторно да се изложуваат низ рамницата. Затоа, скоро како давеник за сламка, се фати со мислата за другиот брег, таму, кајшто најмногу ги очекуваат, токму спроти нив, во овој дел од реката, кон чифлигот.

(Чифлигот, чифлигот! . . . одѕвонуваше во неговата свест, како да го пронашол одговорот на најтешкото прашање што кога и да е го решава во животот, но сега знаеше дека тоа е навистина последната и единствената шанса и дека по неа не им останува ништо друго, освен да си го заштедат последниот куршум).

Трчаше како споулавен и не знаеше од каде доаѓа таа подмолна жештина, што му ја облива целата снага и покрај дождот, што сé повеќе и повеќе се засилуваше. Калта џоркаше на сите страни, лискајќи се дури до брадата и трчајќи по раскваесната земја, тој како да се џиткаше натаму, наваму, од едно до друго стебло, додржувајќи се одвај на нозе во својот налет, и шлапкајќи му се пристори дека земјата наеднаш почна да се лизга, тетерави и паѓа како пијана кокошка. Набрзина, побргу и од мигот кога се реши на тоа, тој го слече мантилот со едната рака, па пискливо и продорно го побара и Јаневиот. Овој го отфрли веднаш од себе,

гмечејќи го и без многу да му ја мисли, во трк, го обеси врз слободната рака на Брант.

"Таму! Кон чифлигот! Да се добереме до другиот брег!"

"Зар пак?!" се опули малечкиот.

"Нема друг излез," срежа и продолжи да се пробива како луд.

Мракот полека ја совладуваше долината, а дождот што веќе сосема се засили, ја покри реката со онаа густа и одвај проѕирна мрежа, и не помина многу, кога матните бранови на Големата река прилегаа на зовриен котел, врз кого некоја огромна и невидлива шепа, и пред да се разигра бескрајното оро од пенливи клобурци, полека и скришно го спушта огромниот капак на ноќта.

Го поминаа чаркот во еден здив, без обѕрнување, а пукотниците сѐ уште не стивнуваа. Ги тутна мантилите врз грмушките, некаде кон крајот на густишот, онаму кај што жуборкаше некаков поток, кај што започнуваа оние ливадишта и се спуштаа низ врбите во матните бранови на Големата река.

Сега дури и не можеше да го чека Јанета докрај и без да дознае дали тој веќе поминал или не, се нурна во батакот, тињата и сазот од брегот, сфаќајќи уште тука дека веќе се прости од едната, а малку потаму и од другата кондура. И веднаш, уште по првите чекори, онаму каде водата стигнуваше одвај до колковите, му се причини дека одненадеж ги губи силите и дека наеднаш почнува да му се замаглува свеста. Одвај ги извлече оловните нозе од длабочините на песокот во кој пропаѓаше и чиниш веќе дека во следниот чекор нема да се извлече, зашто го теглеше некоја необјаснива сила удолу, ко да се најде среде жива кал. Тој се веднеше, ганѕаше и влечкаше по крајбрежните тревишта, лигавите корениште и жили од врбјаците, по одроните со грутки кал и како низ сон го чувствуваше топлиот здив на Калешот, што со последниот грч на своето тело го влечеше кон брегот. Имаше само уште толку сили, виснат на рамото од Јанета, да се сметне кај првиот свијок на чифлигот и тука, малаксувајќи сосема, падна ничкум на земјата и ја изгуби свеста.

Од онаа страна на реката, наеднаш одекнаа две силни експлозии, а веднаш потоа, како здоговорени, се огласија продорните митралески рафали од пазувите на чуката.

Јане немоќно и беспомошно се џараше во лицето на својот другар, не можејќи да поверува дека ова спружено и малаксано тело во темницата, овој црномурест ломбак, наеднаш го издаде снагата, кога таа беше најпотребна, кога можеби недостигаше само чекор или два, па да се стори и она што изгледаше скоро невозможно, неверојатно и безнадежно.

Го теглеше и тресеше за рамиња со сета сила, обидувајќи се уште еднаш да го освести и тогаш му светна во главата.

(Може е ранет!)

Ги провлече своите прсти низ неговата коса, сакајќи да го подземе одоздола под вратот и тогаш сфати сѐ.

Долу огновите лудуваа и пиштеа како сета земја да се испијанила, како да се премеќа и блува. Се слушаа некакви извици, експлозии на рачни бомби и потоа

сосема јасно се чу врескотницата кога кренаа на јуриш. Оргијата на гласовите и огновите наеднаш секна. Одненадеж - замре сé.Ноќната штама го сви својот опаш околу чаркот и како ѕвечерка се повлече во својата дупка. Мантилите го издржаа и последниот апеж.

Некаде откај Главниот друм, одблеснаа фаровите на два бугарки камиони. Четири жолти лача ја сечеа темнината и ја распаруваа утробата на ноќта, а дождот како да ѝ ја миеше свежата рана. Светлината се слизна покрај струполените тела на друмот и во тој миг Брант повторно се врати во свеста. Долу, покрај нив, се случуваа чудни нешта. По патот се лизгаа некакви сеништа. Издолжени, нестварни и туѓи.

Педесетина војници истоварија два топа (!) и ги вперија цевките во правец на чаркот.

Јане го крена под мишки својот другар и подметнувајќи му раме, го повлече по благите врвици на угорнините зад чифлигот, не сеќавајќи ги дури ни бакнежите на начичканите глогови, капини и вреж. И помисли:

(Ноќта е тука. Дождот не стивнува. Брант е ранет, бос, сиот е никаков, накривнува и ечи. Но, ене, зад полето возот веќе пишти и знам дека со едното уво на шините можам да ги слушнам гласовите од жолтата куќа.)

Веќе трет ден небото се истура врз градот. Јас по цел ден само се излежувам, по стопати се враќам на една иста препрочитана реченица и се меткам од прозорец до кревет.

Ѕиркам во својата зелена тетратка. Леле! Што сé не сум пикнала во тој алвациски тефтер! . . . Не. Ноќе веќе нема ништо да чкртам. Тоа е глупаво. Сé изгледа некако поинаку. И навистина. А падне ноќта, одеднаш сé е така црно.

А јас, од сабајлиња до вечер, во куќата ти изигрувам некаква кума лиса: "Оф! Ех! Уф" - по цел ден.

Утринава, пак како да станав на лева нога и вујна ми со ништо не може да ми погоди. Кутрата. Ме гледа и сал се крсти.

"Што ти е, ќерко, - вели, - да не си болна?"

"Не, вујно, не," велам - "Ништо не ми е."

"Но, како да си малку бледа."

"Можеби. Бледа велиш? Којзнае. Од времето ќе е, белки."

Ми носи чај. Ја гледам. Сé уште е јадра и здрава, каква што ја знам отсекогаш. Се ближи кон педесеттата, а косата уште не ѝ ја красат седефови венци, додека главата на вујко ми му е сета како Снешко Белчо. Постојано е во движење. Место не ја фаќа. Такви жени никогаш нема да офнат. Кога ја зел вујко ми, имала само седумнаесет години, а тој е постар од неа за цели дванаесет. Можам да си ја замислам. Таа, здрава, румена и лична селанка, а тој сиот онаков каков што си го знам. Има една нивна слика на ѕидот, во собава кај што спијам, уште од она време. Постојано ми е пред очи. Сé дури не заспијам.

Јане ги има цртите на вујна. Таа е некако бела и едра. И вујко ми Ате е висок и јак. Но, неговите црти се груби, машки.

Досадно ми е. Умирам од досада. Ноќеска долго се мачев да заспијам. Врнеше цела ноќ. Сонував некои чудни соништа. Сé нешто - врзи скини. Крајот не можеш да им го фатиш. Утринава кога се разбудив, помислив, готово е, испливав. Неоти. Пак - иста песна.

Има една историја, мене никогаш не ми ја кажуваа. Ја дознав случајно, од татко ми. Со Јането се родила и сестра близначка. Но, таа умрела веднаш по раѓањето. Никогаш не собрав сили да ја прашам вујна за тоа, иако саноќ бладав во сонот како Јане се искачува по Марковите кули со мене и го испушта змејот над градот, велејќи ми да се држам цврсто за шарениот опаш, а јас му велам летајќи над амбисот дека треба да одам за Скопје. Јане повтораше на сет глас "значи - бомбони!", велејќи, а јас: "не, не се тоа бомбони, туку бомби," а тој пак: "да, да, знаев јас уште одамна дека ти повеќе си го сакаш Џими Мускатот, отколку сестра ми! . . ." и тогаш се скина змејот, а јас носена од ветрот, паѓајќи некаде кон

кланицата (кај што се собираат орлите), го чув неговиот очаен крик од кулите: "Збогум, Кефалонијо - о - о - ооо!"

Сонот уште ме мачеше кога влезе таа. За малку, ќе се излаев. Погледнав во нејзиното ведро лице и сепак некако се додржав. И поарно. Што има тука да ја растресувам жената. Зар малку грижи си има таа и без мене. Вака ведра, ретко ја гледав. Нека си е жената, си велев. И онака ме гледаат како Велигденско јајце.

Се свиткав под јорганот и пак потонав во своите книги. Ништо не сфаќав. Буквите како да си играа мајтап со мене. Како да се впуштија во некоја општа трчаница и збрка, па чиниш де како потполошки ќе вртнат со опашот, де како стоноги ќе се мушнат во некакви невидливи дупки. Почнав да се нервирам. Станав. Се приближив пак до прозорецот и решив. Одам. Што биде - биде. Ако сакаат нека паѓаат и тикви од небото. Ќе црвјосам вака. Не можам повеќе. Се облеков на брзина, го отворив чадорот и ѝ реков на вујна дека ќе одам во читалиштето. Таа ме гледаше како да не сум токму. Немав време да ја смирувам. Вујко ми Ате тогаш обично го прима и отпушта утринскиот воз, а јас не мислејќи му ја многу, се витосав кон градот, шепотејќи во себе некакви смешни комбинации, што се разбуричкаа низ мене по долгата бессоница како илјадници бубачки во главата, а немаше кој да ги ишка.

(Мајка ми веќе скоро дваесет години жнее на небесните ниви, а јас за ништо не можам да се фатам. Сé што правам, го правам од узур, шепнев.)

Дождот почнуваше полека да стивнува и кога пристигнав некаде кон мостот, тој веќе сосема беше престанал да паѓа. Тогаш, отпрвин срамежливо, а потоа сé појасно и појасно, жетварките од исток го поддаваа својот голем шарен срп.

Некаде зад мостот, откај безбројните бавчи и врбјаци крај реката, се зададе некој старец со мотика на грбот. Одеше пред мене полека и како да подзастануваше одвреме навреме, чиниш сака поудобно да распореди некаков невидлив товар на своите широки рамења. Се загледав за миг малку повнимателно во необичната прилика на старецот и откако ја препознав долгата побелена коса на тилот, што паѓа дури до рамењата, како нешто да ме пресече во колената.

(Зарем е можно!)

Во тој ист момент старецот се сврте кон мене. Јас веќе сосема му се доближив. Воопшто не се сомневав дека пред мене стои стариот Чех. Во тој миг дождот пак почна да ромори, но сонцето ниту за педа не отстапуваше пред облаците. ("Мечка се жени", ми прелета низ свеста онаа детска искра, што никогаш не престанува да тлее во вакви прилики.) Тој некако ја поткрена својата голема рака и мирно изусти, скоро како и да не им верува на сопствените очи:

"Тина Витанова, не ли?" "Да, - реков - да." "Зар е можно . . ." "Да, - повторив, - да." "Еј . . .!" "А вие, сé оној истиот . . ." "Не, ќерко. Ми остана само мотиката. Ништо друго." Се загледав во него повнимателно. (Навистина, помислив, какви му се пак сега овие ѓаволи и бесови што ги нарамил на грб!) Не морав да го прашувам.

"Дојдоа, ете, некои такви шугави времиња, ќерко. Што да се прави. Гледаш и самата - копам. Бавчанџија сум. Копам и живуркам."

"??!"

Тој го сфати мојот зачуден поглед.

"Да, да, - рече, - цел живот се кријам и бегам од варвариштата, а тие бесни орди дури и тука ми стапнаа на врат. Од нив не може да се избега тукутака. Но, најважно е дека сме живи и здрави, зар не. А, ти, како си? Колкава си станала, машала! Веднаш те познав."

"Добро сум, добро. Благодарам!"

"Ако, ќерко. Тоа е најважно."

"Јас, пак, не ве препознав веднаш. Си реков: која ли е оваа препотопска мустра, што вака наеднаш воскресна од оние ендеци?! Признавам. Малку ме исплашивте. За малку ќе побегнев."

Тој се смееше.

Одевме, еден покрај друг, не знаејќи што повеќе да си кажеме. Сето време се обидував да го следам долгиот чекор на овој жилав старец и гледав дека ни петте изминати години (кога последен пат го видов), ни немаштијата што така одненадеж и очебијно го склештила, не фрлиле никаква сенка врз него. Одеше исто онака исправено, со мотика на грб, како некогаш и со двоцевката и ловџиската торба на рамо, одеше со онаа иста сигурност во себе, само што сега наместо неговиот голем мургавец, покрај него клинкав јас, обидувајќи се да не ја забележи мојата збунетост и љубопитност, што беше далеку од секакво сожалување.

"Каде е вашето куче?" прашав.

"Кој? Гаро ли? Ох, умре сиромашкиот. Зимава. Се сеќаваш ли уште на тој стар крондир?"

"Како не би се сеќавала. Што страв сум изела од него, е - е - еј."

"Вистина?! Кој би рекол. А тој беше така мирен. И верен. Да си го познавала само. Има, така, некои кучиња, итри, умни и ѓаволот не им е рамен. Таков беше и мојот Гаро. Ех, кутриот . . ."

"Ви недостига многу?"

"Многу."

Накачивме по старите калдрми на шадрванот, бирајќи ги отскраја поголемите камења кај што може да се стапне и да се избегнат надојдените црвени потоци, што се слеваа, жуборејќи низ стрмните и тесни сокачиња.

Стариот Чех, набргу, ја оттурна дрвената порта на една стара куќа кон крајот од уличката и ме покани да влезам. Се најдов пред тремот на една трошна куќарка, окружена со мал двор, бавча и три сливови стебла, чии гранки веќе беа добро набабрени. Се качував полека по дрвените басамаци кон чардакот и се љубував во секоја цепнатинка, што ја оставил забот на времето врз старите штици од оваа трошна куќа. Седнав и се загледав во расцутените трендафили од бавчата, не симнувајќи ги очите од бунарот и камената клупа под сливовите стебла, кои бездруго, лете се убави сеници за старецот. Сонцето сега благо ги милуваше оросените гранки во дворот. Старецот набргу донесе цреши, што претходно ги извлече од мусандрата и отиде некаде да ги замие.

"Вчера бев на лозје. Роди пустињата. Уште се свежи. Земи."

"Убаво ви е тука," реков.

"Ах, ќерко моја. Живеам како јуродив во оваа грбава колиба. На времето, ја купив од некој меанџија, тукуречи бадијала. Има едно десетина години оттогаш. Да издржи барем уште некоја година, сполај му на Бога . . ."

"Сами ли живеете во неа?"

"Не токму. Има со мене една маченица. Се крепиме под старост. Дојдена е од некаде, самиот Господ знае откаде, кутрата. Семка без корен. Како и јас. Како нафора е. Фалбата е ´рѓа, но таа е и вистинска умна и вистински учена. Слугинка Ескулапова."

"Ама тешки думи изнакажавте. Непотребно се нагрдувате и себе си и нејзе, зар не."

"А, што друго сме ние, ако не тоа, ќерко?"

Сакав веднаш да речам: "Па, ако е таа таква, како што велите вие, ќе знае да ги ублажи барем маките, ако ништо друго," но истовремено, сфатив дека тоа би била премногу груба шега за добриот старец.

Тој, во истиот миг, како да проникна низ сенката од мојата полунасмевка, па рече:

"Ене ја и сега ака низ градот. Сигурно шмитнала некаде да помага, а за сето тоа ни мангар не ќе побара од никој."

Гледав во неговото умно лице и знаев дека сега е мачно да се борам со тие стреловити очи што ги проѕираат сите матнила што ме обземаа во тој миг (да ловам и душкам по тие смешни латинштини, што тој ги истураше небаре како пцости, или барем како оправдување за она "та кој видел аир од сите уки и науки, ќерко") сега, сега кога тој веројатно толку се здушил со земјата и повторно открил што значи тоа да се оплоди таа црна утроба, цедејќи ја дури и својата старечка снага, пред да се слее со неа засекогаш, допирајќи се и губејќи, во таа жестока прегратка сé до корените, до семето и ´рткитe на проклетијата, длабоко, жилаво, како единствена страна на својата природа и како свој единствен излез. Како откритие по неволја. Како доброто парче во секое зло.

Наместо тоа, гледав во неговите нажулени рачишта, што можеби веќе никогаш нема да ги плетат оние чудесија (преку кои го знаев), и самата не знам зошто, реков:

"Таа е Русинка, зар не?"

"Да. Веројатно е."

"Зошто "веројатно"?"

"Кој може така лесно да ги изброи и одреди стадата и пасиштата Господови, ќерко."

"Се зборуваше дека во вашите жили тече и Еврејска крв."

"Да. Се зборуваше сешто. Чуден е светот. Светот ти е, ќерко моја, едно големо старо душкало, што и под кожа сака да ти се вовлече. За полесно да те дере. Таков е светот. Но, не сме Евреи. Ни таа, ни јас."

Тогаш, како да сфати дека малку ме сневесели, стариот Чех почна да ме испрашува де ова де она, играјќи си мижаница со мојата првобитна љубопитност и бркајќи ме вешто од сопствените меѓи, небаре изигрувајќи бостанско плашило и божем сметајќи ме за некаква граблива птица, почна да ми плетка некакви чудни прикаски без ред и смисла, сакајќи да го одвлече моето внимание на некои други мочурливи страни од рамнодушноста, сакајќи веројатно да ми ја поврати онаа празна и немушта насмевка на лицето, што жмирка и бега од предмет на предмет, како што се лепи пеперутката од цвет на цвет по полето.

Убава мустра ми кроеше стариот Чех. Го сфатив. И немав којзнае какви причини да гребам по тие стари урнатини и дебели ѕидишта на старечката осаменост, иако во себе постојано морав да ги ослушнувам крцкањата на зинатите муцки, да ги ишкам заборавените слепи лилјаци и да ги внушувам страшилата што се плеткаа низ моите уште неизговорени гласови. Немаше веќе ниту трага од оние стари топли извори на откривањата и сега низ грлото и градите струеше некаква тешка и невидлива ладна переа, што се лепи и ме гуши, заканувајќи се сосема да ме зароби. Знаев. Тоа пак се појавува преправеното лице на она старо чудовиште со илјада пипала, со онаа црна непроѕирна облека, она безглаво страшило и ловец на соништата што постојано душка и рие низ свеста како непресушна понорница, како стоглава хидра, како хоботница што ја фрла својата сепија пред мене за да ја сокрие својата стара маска на заканата. Стравот, како огромен лигав влекач, како (дождалец) што се открива пред сонцето, се вовлече со сета своја должина низ мојата подотворена љубопитност и јас немав сили повторно да ги повлечам тешките порти назад, на нивното старо и недофатно место.

Наместо тоа, прошепнав нешто околу мојата збркана и беживотна кошница на секојдневјето (јас сѐ уште свирам - татко ми брои пари - вујко ми испраќа возови) и се изгубив незабележливо од домот на стариот Чех, дури и не свртувајќи се кон неговите зачудени очи и негодувањето, што сосема го прекри доброто лице на старецот.

Се втурнав низ тесните улички на шадрванот, омаена, задишана и растреперена сета, вслушувајќи се во отчукувањата на чекорите и одгласите на камената калдрма и грозејќи се од блуткавиот вкус на непцата, како да ме печеше бакнеж од нечија лепрозна уста што се вовлекла во мене од некаде, цицајќи ми го здивот и шепотејќи некакви таинствени и безнадежни зборови.

(Опашот на сознанието и клунот на тајната се колваат во мене уште од морничавиот крик по Кефалонија ноќва и сега одблеснуваат во прекршениот сон. Јавето е доблест, што се протега од највисокиот врв до најдлабокото дно, зашто едното крило од тоа искинато тело непрестано лета кон кулите, а другото кон провалијата, изгубена зад клисурата, онаму кај што се котат карпестите гнезда на оние орличишта.)

(Зар стравот не личи на онаа луда птица што ноќеска ја осудија на смрт?!)

(Одговорот е само доживотен пленик, што секојдневно го прави последниот обид за бегство.)

Ги среќавав по сокаците и тесните улички на шадрванот (низ својата необична затрчаност) безгрижните толпи момчиња и девојчиња со црешови плетенки на рамињата и сакав да им се придружам и покрај тоа што ме задеваа, не им ги знаев ни лицата ни имињата и не знаев кај се упатиле тие. Не успеав да ги следам. Беа премногу шумни. Нивните песни ми беа сосема непознати. Тоа беа некакви нови песни, родени на улицата или по тајните скривалишта, далеку од сé што знаев дотогаш, без оној веќе помалку излитен ориентален виј и дерт во прекумерната секунда од седмата стапка, но со некаков чуден предизвик на суровата самодоверба и младешкиот немир, што тешко се прикрива. Како да беа накитени со најчудесните ѓердани, што кога и да е некој ги изнел на виделина од старите ковчези што нафатиле сто оки прав и оставени од чукундедовците за спомен.

Не ги следев. Само ги наслушнував. Им се восхитував скришно. Јас мислев дека старите песни се веќе одамна заборавени, а дека за нови нема време. Се излажав. Сé е поинаку. Сé е поинаку. Одев кон паркот.

Оттаму најпрвин допреа до мене металните звуци на "Шуми Марица", а потоа, кон угорнината, го забележав насобраниот свет што врволеше и ја обиколуваше бугарската воена музика. Застанав некаде зад камениот мост и не можев да се решам на ништо. Солдатеските, блех - оркестрите и сите слични џангрлашки ми удираат директно на малиот мозок. Ми одат на нерви.

Чекорот секна токму на крстопатот.

Се обѕирав околу себе. Се вrткав околу мостот, како слепа кобила на гумно, не знаејќи каде да фатам. Стоев беспомошно и ги кршев своите прсти, принудена да ги голтам фалшивите крешченда од потпуриите на Фучик, Вебер, Верди и Чајковски. "Набуко" беше сиот пренапрегнат како балон што чиниш секој миг може да препукне, "Волшебната флејта" крескаше како чучулига, "Маринарела" сепак ме натера да се изнасмејам поради комичниот истап на соло пиколото, а пак "Оревокршачката" ме дотепа докрај и веќе немав сили да се обѕирам на што и да е.

Почувствував лесен допир на рамото. Се свртив, опкружена сета од толпата луѓе. Беше Невена. Одвај еднаш, помислив. Ми се насмеја и цврсто, цврсто се гушнавме, обидувајќи се да го избришеме како со гума во споменарите времето и далечините што нé делеа толку години. Одвај наоѓавме зборови и си се восхитувавме една на друга, гушкајќи се непрестано. Беше некако извишена и разубавена. Косата ѝ беше убаво потстрижена, а прцлите ѝ даваа некој наперчен и безгрижен изглед. Имаше фустан со бели бобици и сега можев да се уверам дека оние облини околу колковите што се закануваа да испилат едно самозадоволно и гојно даскалско коковче, сега сосема исчезнале. ("Не ти давам роза, таа бргу вене, јас ти давам слика, да ме помниш мене.") Ох, Господи, не можев да ја препознаам. Се клештевме и смеевме на сет глас, како да сме сами на мостот. (Не бевме сами.)

Уште кога ми се приближи таа, некако со работ на погледот, го забележав насмеаното лице на бугарскиот лајтнант, што сето време стоеше покрај нас и очигледно, уживаше во ненадејната глетка што му ја пружаше нашата срдечна

средба. Најпосле, Невена сосема се созеде, покажувајќи ми го својот наконтен кавалер.

"Маринов. Мило ми е", рече овој, пружајќи ми ја својата дланка со онаа полусериозна гримаса на симпатичен никаквец, што жените веројатно ја оправдуваат кај таквите мустри.

Не знам. Можеби се лажев. Не му обрнав многу внимание. А тој пак како да не изгледаше премногу навреден поради тоа. Се плеткаше тука сето време како верно куче, чиниш единствената должност му е да нѐ варди и чува од некои невидливи сенки и како да му е сеедно што никој не го забележува неговиот опаш, што постојано се вртка и сука околу нас. Јас сега ѝ се посветив на Невена, обидувајќи се да го истиснам од неа и последниот одговор на моите безбројни прашања и убавиот бугарски лајтнант долго не можеше да дојде до збор од нас. Во меѓувреме, бугарскиот капелник веќе успеа да ги испреврти партитурите на сите румби, валцери и танга и од мојот отсутен дух, како од некој недопирлив брег, се слизгаа и гребејќи тонеа во матицата на рамнодушноста сите "Розамунди", "Дијани", "Санта Луции", "Продадени љубови" и "Лили Марлени".

Откако ги исцрпивме сите заеднички палаври што во тој миг можеа да ни паднат на ум (низ повремените љубезности и цврчорења на Невена кон Маринов), јас почнав да се шегувам со начинот на кој бугарскиот капелник постојано се кострешн како був и им се заканува на флигорните и тогаш прв пат ги фатив оние чудесни одблесоци во зениците на Невена, што како две уловени плашици преткаа во мрежата на позорноста пред убавиот лајтнант.

Овој како да беше охрабрен поради тоа.

"Вашата ценета пријателка, очигледно се разбира во воена музика, зар не," рече тој, трудејќи се да ѝ даде сосема рамнодушен тон на својата забелешка.

"И во хумор," додадов јас, без многу да му ја мислам.

"Е, со тој дар, се надевам, допрва ќе нѐ почестите," рече тој, багателно истурајќи ја својата пенлива белина на насмевката.

Го барав погледот на Невена, но од неа сега забележував само студена укоченост и некаква извештачена смиреност, што повеќе потсетуваше на предупредување и укор, отколку на предизвик или пак соучество.

(По ѓаволите, што ли е пак сега ова!)

Решив сепак да го прерипнам јазот и да ја откријам нејзината провидна маска.

"Од неодамна, - реков, - ни во хуморот, ни во музиката, немам прилика да уживам."

Тој, најверојатно, лошо ме разбра и итро вадејќи го портофелот од внатрешниот џеб на копоранот, побрза веднаш да ми излезе в пресрет.

"Што се однесува до хуморот, за жал, навистина ќе морате и понатаму да си се снаоѓате самите, како најубаво знаете и умеете, но барем за музиката немајте гајле. Таа е тука! Еве, повелете. Ова е билет за вечерашниот концерт во Камениот двор. Ни доаѓа царскиот симфониски оркестар од Софија. Гостува многу извесниот

Сашо Попов. Повелете, повелете, не двоумете се. Невена веќе ја прифати поканата."

Овој вешт Маринов, како да успеа на брзина да ме фати во тесно. Навистина бев затечена.

"Не знам, - реков полека и развлечено, трудејќи се да добијам во време. - Благодарам на љубезната покана, но јас не сум слободна."

"Простете што си земам за право, но мислам дека напросто е глупаво да се пропушти таква прилика. Освен тоа, во овој град секој ден не гостува Сашо Попов, ако нешто воопшто ви кажува тоа име," рече тој, безмалку навредено.

"Верувам, верувам. Вие сте навистина љубезни. Јас сум овде гостинка и имам стотици обврски, верувајте ми."

Изгледаше разочаран и го направи последниот обид: "Вие само повелете, земете ги билетите. Не морате да доаѓате ако не сте слободни. Никој не ве принудува на тоа, зар не." Маринов беше во право. Тешко можев да изнајдам некоја нова причина за да ја одбијам неговата покана. Ги зедов билетите. Набргу, променадниот концерт на бугарската воена музика заврши и луѓето полека се разотидоа. Тој љубезно се прости од нас, не пропуштајќи да ја спомене својата надеж дека вечерва ќе нѐ види на концертот "задолжително и двете". Се поздравивме со бугарскиот лајтнант, а Невена без да трепне, веднаш го даде ветувањето и во мое име. Останавме долго сами на мостот, копајќи по заедничките спомени, смеејќи се и чудејќи на сите промени што ги откривавме една кај друга и некако незабележливо се упативме кон џамијата, кај што живееше таа. Влеговме во онаа стара куќа со мал двор, ограден со ѕид и железна порта. Ни не осетивме кога влеговме во неа, толку се бевме расприкажале. Невена имаше помалечка сестра и брат, а сега дома беа само тетка Олга, мајка ѝ и баба Милка, која поради старечко слепило, постојано седеше на едно исто место во ќошот на кујната. Братчето и сестричката отишле уште сабајле кај тетки им да си ги наполнат торбичките со оние преостанати шарени дрангулии и подароци уште од Велигден (што измина уште пред две - три недели), а пак чичко Боро даскалот некаде "сигурно бистри политика" во некоја од меаните. Јас секогаш најпрвин ѝ бакнував рака на баба Милка и потоа долго се впушташе во својата помалку и тажна и смешна игра на погодување, редејќи цели дузини имиња на Невенкините другарки. Овојпат веднаш ме позна. "Ти си Тинчето на Витанови, не ли," рече, крескајќи како жаба и стегајќи ми ја раката. "Јас сум, бабо, јас," велев изненадена и смеејќи се, ја пуштав да ми ја чепка косата, лицето и снагата. "Остави го девојчето намира," ја караше тетка Олга, не пропуштајќи на секој трет збор да го вметне и она "стара вампирко". "Пушти ги девојчињата да седнат. Зар не гледаш дека се изморени," велеше таа. "Изморени?" А одошто се изморени тие? Лозје да не копале? Оди чедо, оди и седи си до баба. Откога не си била тука. Нѐ заборави, бре - е- еј." "Не сум ве заборавила, бабо. Како би можела вас да ве заборавам," негодував јас. "Арни ли се твоите по дома?" "Добри се, бабо. Добри." "Ако чедо, нека се само живи и здрави, сполај му на Бога." Потоа Невена се растрча по куќата и пред тетка Олга да го изнесе

задолжителното слатко, поттурна пред мене цела чинија со цреши и слатки. Кај нив секогаш се чувствуваше оној мирис, каков што го има секоја домаќинска куќа: дуњи на креденец, слатко од лубеници, домашна ракија, вино. Се смеевме како улави и почнавме да се конкаме. Тетка Олга, чиста и секогаш убаво намирисана, постојано во својот стар црвен пењоар, нудејќи нѐ со слатко, почна благо да нѐ укорува да не ѝ ги избербатиме белите чаршави со тантели. "Погоди кого сретнавме денеска, мамо," извика радосно Невена, не обрнувајќи внимание на нејзините цимолења околу тантелите. "А откаде пак јас да знам кого сѐ сте сретнале денеска," се поднасмеа таа, правејќи се малку невешта. "Жоро. Жоро Маринов. Замисли, нѐ покани на концерт во Камен двор." "Подобро речи ќе одам на концерт," ја исправив јас. "Не, не и не! Не сакам да слушнам. Доаѓаш и ти и фит. Види ја ти неа. Постојано нешто ми изигрува тука, госпоѓицата. Се знае, нашата скопјанка веќе нема време за вакви провинциски ќермеси, не ли." "Будалче, па јас немам ни тоалета за концерт. Каков концерт, по ѓаволите. Уште за тоа сум стасала." "Не доаѓа предвид. Тоа не е никаква причина. Јас ќе ти позајмам. Барем за толку имаме и ние."

Се вмеша тетка Олга, сета насмеана и задоволна, но сепак некако добронамерно пресретнувајќи ја. "А татко ти" Што ќе рече тој на тоа? Го праша ли ти него?" "Што има да го прашувам сега и татко ми пак за тоа, ти се молам. Белки не мислите дека уште ќе ме држите по цел ден дома и ќе си играм со кукли. Сешто!"

Тетка Олга се обрна кон мене, внесувајќи ми се доверливо и скоро шепотејќи (да не ја чуе "старата вампирка").

"Тинче, тој Жоро Маринов, што човек е? Како изгледа? Таа веќе на глава ми седна со тој софиски лепезан. Те Жоро ова, те Жоро она. Тој само ветува и ја мами, кутрата. Татко ѝ, чичко ти Боро, толку го почитуваат овде и властите и, што се вели, сите градски главатари, а таа, ете, како да решила да му залепи лајно на образот. Не знам, чедо." "Се мамите, тетка Олга." "Но, мене малку ме плаши сето тоа. Како ти изгледа тебе тој?" Бев изненадена. "Кој? Маринов ли? Не знам, - реков. Јас денес го видов прв пат. Не би знаела што да ви кажам. Навистина." Невена сето време некако чудно ѕуреше во мене и ме меркаше под око.

"Остави ги. - рече таа разочарано. - Што има тие да ми се плеткаат по моите работи. Сакаат да си го бркаат носот во сѐ. Е, не давам!" Се јави баба Милка. "Ќерко, каде рековте дека ќе одите?" "На концерт, бабо." "А што е тоа? Да нема пукање таму? Не одите, ќерко. Зар не го слушаш татко ти што зборува по цел ден. Оној Итлер уште имал бомби. Цел свет можел да го запали ѓаволот." "Молчи, бабо, какви бомби! . . ." "Ако чедо, ако. Вие не слушате постари. Затоа тие чуми и поразии. Дојде судниот ден, еј Господи! . . ." "Море, витосај ми се оттука," рече нервозно Невена и погледна во мене изгубено, како да сака да ѝ потврдам дека сѐ е проклето глупо и заколнато против нас. Таа продолжуваше да се инаети и кара со тетка Олга и баба ѝ, не свртувајќи се кон моите мигања и ишарети. Потоа, се качивме во една од горните соби и скоро цело попладне го минавме во разгледување на нејзиниот чеиз, разни стари албуми и слики и токмејќи се, виткајќи и контејќи како две гизди белосветски.

Денот бргу ни мина низ тоа занесно маткање и цврчорење по огледалата и одаите на горниот кат и освен што се симнавме да ручаме, Невена ниеднаш не ги остави домашните да допрат до нас.

Најпрвин одбрав некаков долг розов фустан, па потоа секој миг се колебав меѓу еден син костим и некаква тиркизна комбинација со фустан, елек и блуза и откако конечно сфатив дека проблемот со кондурите е нерешив (Невена носеше два броја помали од мене) се откажав од сѐ и силно посакав да се извлечам од ова глупаво ветување, што го бев дала за нејзина љубов. Но колку веќе се ближеше часот да се сретнеме со Маринов, таа беше сѐ понервозна и поупорна во настојувањата и најпосле успеав да ја убедам дека ќе одам само под еден услов: ако си останам во својата скромна секојдневна црвено - црна комбинација од плетената блуза и црната широка сукња. Отпрвин, таа како да беше малку навредена поради тоа, но откако ѝ ги наполнив ушите дека само така и единствено во таа облека се чувствувам природно, некако со тешка мака, но сепак ја прифати мојата причина. ("Што ти можам, кога толку упорно си решила да изигруваш црна овца", како да велеше нејзиниот разочаран поглед.)

Вечерта, на концертот на Царскиот симфониски оркестар од Софија, во Камен двор се насобра чуден свет.

Маринов изгледаше совршено мирен и видливо наперчен со оној свој помалку орловски профил и иако во почетокот ме погледна некако чудно, сепак веројатно не сакаше да помислам дека е навреден поради мојата гардероба. Повеќе изгледаше изненаден, отколку навреден. Затоа, Невена блескаше сета. Нејзините вештачки бисери, нејзиното деколте и долгите ракави од тил на црната вечерна тоалета, украсена со брош и вештачка црвена роза, веднаш упаѓаа в очи. Во публиката доминираа униформите. Во збиената сала од Камен двор, одличниот оркестар на Сашо Попов навистина се изнамачи да го изнајде вистинскиот звук и динамика, што инаку го бара Моцартовиот дивертименто. Веројатно затоа, во продолжението тој едноставно се определи за популарните Штраусови партитури, а откако забележа дека публиката громко се одзва на тој негов избор, тој скоро целата програма ја исполни во тричетвртински такт и тука и таму со по некоја полка.

Маринов ликуваше. Тој само одвреме навреме ќе се обрнеше де кон едната, де кон другата од нас, покажувајќи го белиот сјај на своите заби и сигурноста на заводничкиот профил, како да сакаше уште повеќе да ја нагласи онаа очигледна супериорност, што извираше од секој негов поглед и збор: "Ете што знаеме ние!"

Последниот акорд на задолжителната "Шуми Марица" го дочека во еден мермерен став на целосна укоченост, чиниш истиот миг ќе полета врз градите на Сашо Попов и извлекувајќи ја сабјата од диплите, како витез, ќе пожнее сѐ што ќе му се најде на патот. Во тој миг, и не сакајќи, погледнав во полутемнината и опцртот на тоа привлечно лице и помислив дека има нешто чудно во таа истурена вилица, што потсетува на оние бестрашни птици од грабливиот сој. Затреперив некако беспомошно и изненадена од таа исконска решителност. Излеговме во свежата

продорност на ноќта и сфативме дека дождот, нашиот верен придружник, како што нé испрати, исто така, ни го подготвува својот нељубезен пречек во пазувите на студеното црнило на ноќта.

Маринов весело ги отвораше вратите на црната Олимпија и по неколку мига, откако се сместивме, се втурнавме низ тесните улички на градот. Беше доцна и улиците беа мрачни и пусти, а поради дождот и полицискиот час, тие изгледаа пострашно од кога и да е. Бргу го изминавме центарот, каде што под стреите на кафеаната се тутулеше бугарската патрола и Маринов излезе да ја испрати Невена. Таа, се разбира, очекуваше и јас да појдам со неа и да спијам кај нив, но ми се чинеше дека не би смеела повеќе да се задржувам во градот и дека и онака моите сигурно веќе се бескрајно загрижени што ме нема. Одвај успеав да ја уверам во тоа. По неколку минути, Маринов се смести кај воланот и ме замоли да поминам на Невенкиното место. Реков дека ми е сеедно и дека тоа ништо не менува. Дождот стануваше сé посилен и ние до станицата не разменивме ниеден збор.

Кога стигнавме пред жолтата куќа, јас му се заблагодарив и сакав веднаш да се нурнам кон вратите, но тој одеднаш го остави автомобилот да брмчи, додека фаровите го осветлуваа влезот на куќата, и извлекувајќи се од своето седиште, ме настигна пред прагот.

"Госпоѓице Витанова, - рече, - Ви благодарам што дојдовте."

"Зошто? - реков јас. - Треба јас да ви благодарам што ме поканивте. Беше прекрасно. Навистина."

"Госпоѓице Тина . . ., - продолжи тој, некако двоумејќи се.

"Да. Повелете."

"Не знам. Можеби сум смешен, ама морам да ви кажам. Има, мислам, во вас нешто недоречено. Нешто скриено. Признавам, не успеав за ова кусо време да откријам токму што, но страшно ме заинтригиравте."

"А што тоа?"

"Ви реков, не знам. Нешто тајно. Скриено. Би сакал пак да ве видам. Тогаш веројатно ќе знам што е тоа."

"Слушајте, Маринов, - реков јас, - Истото тоа, ако не и повеќе, со малку труд, веројатно ќе го откриете и кај Невена, верувајте."

Тој се штрекна и во истиот миг се поттргна некако пред мене, како да не паѓа врз нас дожд, ами врела вода.

"Тина Витанова, - рече, нагласувајќи го секој слог пооделно, - јас сум слободен човек и се однесувам како слободен човек. Така се однесувам кон другите, а така барам и другите да се однесуваат кон мене. Вие, како слободна девојка, најарно треба да го знаете тоа."

Го гледав возбудениот лајтнант и не знаев што да му одговорам на тоа. Сфатив дека нема некоја решителна намера да ми го сврти грбот, па откако набрзина промрморев нешто како поздрав, се изгубив зад вратите.

Надвор остана да кисне на дождот убавиот бугарски лајтнант, ѕурејќи во затворените врати од жолтата куќа и во тој миг човек тешко можеше да проникне

во тајните на зелените очи на Маринов, во кои како да тлееја некои бенгалски искри, или тоа само така изгледаше, поради продорниот одблесок на жолтите фарови од старата црна олимпија што брмчеше на дождот.

Вујко ми Ате ме пречека на прагот преплашено, стегајќи ме на своите растреперени гради и шепотејќи "малечка моја, малечка моја," како прв пат да ме гледа во животот.

Тоа секогаш траеше само еден миг, еден мал и неуловлив миг: првин ќе одблеснеше молњата, како огнен сноп што секавично се распрснува сред зелените committed сртови отаде шините, начичкани со непрегледни островца од булки, а потоа Јане ќе ги фатеше низ тесниот процеп на вратите од фургонот оние илјадници искри, што во рој се разлетуваа откај машиноводачот и се губеа во ноќта.

И идниот час, одекнуваше громот . . .

Како да беа дел од опашот на секоја молскавица, што е во некој луд договор со тактот на локомотивата и постојано играат една иста игра, иако до неговите очи не допираше ништо освен грст водена прашина, а дебелиот плашт на темнината го тераше да верува во секакви чуда.

Јане не знаеше ни колку е часот, ни што сé се случи од моментот кога ноќва ја напушти жолтата куќа од предградието и што се случува сега, во овој доцен час, во мрачниот агол на фургонот од товарниот воз. Тоа, всушност, не беше ни полусон, ни несвестица. Ни сон, ни јаве. (Ништо не се случуваше.)

Ни ревењето на Лена по синот единец, ни немуштиот поздрав на татко му, ни стаклестиот поглед на Брант сега не допираа до него.

Беше сам и безнадежно изгубен во мракот.

Го слушаше само овој монотон татнеж на машината во ноќта и со некој одземен или заборавен дел на сетилата од прстите ја гмечеше бавно и тапо корката од погачата, што му ја нарами Лена, заедно со торбата и неутешната скрб. Не јадеше. Не спиеше. Не гледаше ништо. Јане само го слушаше оној едноличен и тап екот: "Не сме - еш да по - то - неш! Не сме - еш да по - то - неш!" што го редеше и повтораше по стопати забрефтаниот воз, такашто единствената свест што сé уште допираше до него беше свеста за изгубениот сон и гладот. Тие неутешни маченици веќе со денови виеја и риеја низ него како бесни и изневерени пци, но немаше никаква утеха и надеж дека најпосле ќе замолкнат еднаш. Само одвреме навреме, ќе се довлечкаше така, ни мртов ни жив, до процепот на подотвореното крило на фургонот и ќе го изложеше лицето на оние саѓави дождови шуркања, што се сливаа од русите кадри до исушените усни и пак ќе се стркалеше назад, во својот агол.

"Тина е тука," велеше Ате.

"Тина! Каде е Тина?!" се ѕвереше Јане на сите страни, чиниш воздухот ќе го гушне.

"Отиде в град."

"Ах, татко! И ти, само така . . ."

Тие зборови сега се слизгаа низ неговата свест како сенки и чиниш, вон од видот, здивот и сетилата, како заборавена немоќ и со последниот напор на волјата, таа сега ги пружа своите трепетни раце низ решетките на товарниот воз.

(Ја чекаш како гладна година, а годините се пластат, длабоки, шугави, кучешки красти . . .)

(Те учат да зборуваш. Те учат да молчиш. Само чекањето, пусто да е, ука не фаќа . . .)

Тогаш, со сета сила, во него се нурна и вовлече стравот и сомнежот за Брант, што умираше таму пред неколку часа на неговите раце, во неговиот жилав и несвесен преграб, стегајќи ги оние ковчести прсти, како да ги држи со менгеме, дури се обидуваше да ги одгатне оние ледени шепоти од стиснатите вилици:

"Гена . . . писмото . . . помниш . . . Калеш . . . последната куќа кај Џ. . . ."

Го остави така, и покрај проколнувањата и ужасот во очите на Ате и неутешниот рев на мајка си и се втурна со онаа преостаната сила и гнев во овој полноќен клопарник и не знаејќи дали неговиот другар веќе ги скинал конците или не, или пак е судено да се мине уште низ некоја ала, уште помачна, поморничава и погрозоморна и од самата смрт. Се нурна во оваа последна ноќна потерница по изгубените траги на онаа козја патека што ги водеше уште од она планинско село и ги изневери токму пред самата цел. Сега, кога изгледаше дека сѐ е изгубено, дека ништо не е сторено и како попусто да ги фрлија дните и ноќите и оној оган во ова бесполезно акање и тетеравење по излоканите урви, сега, кога мораше сѐ да тргне пак од почеток, како ништо и да не било. Јане знаеше дека тоа долго патување во ноќта нема крај и дека таа вртешка нема веќе никогаш да престане. Тоа чувство на изгубеност, колку и да беше чудно, го уби во него и последниот трепнеж и, препуштајќи се на едноличниот ритам на локомотивата, во прегратките на ноќта, фрлен и заборавен во ќошот на овој затантен полноќен воз, што се виткаше по змиулестите шини, низ молскавиците и грмотевиците што се губеја во далечините, се почувствува наеднаш ослободен и појак од сите маки.

(Како ли изгледа сега Тина!)

И наместо неа, тенка и висока (беше некако уверен дека е бездруго и тенка и висока, оти поинаку не можеше ни да ја замисли), го виде она незаборавно вишнеење во септември, на самиот праг од војната, во она циганско лето, на рингишпилите крај Големата река и оној последен (но, навистина чесен!) ќотек, што го изеде од татка си Ате, со дебелиот војнички ремен, виснат секогаш над помијарникот. Со денови собираше ситнеж, додевајќи на сите можни начини, како што знаеше да ги собира со денови безбројните снопови сусарка за Сурова, кога ги палеа оние огромни огномети и рипаа преку нив на полноќ, како да надлетуваа некакви вештерки и зли духови, а утредента веќе не можеше да ги препознаеш, онака натокмени во оние најсмешни и најчудни партали и маски што кога и да е некој можел да ги измисли. Беа вистински ѓаволи. И не одеа на Водици, да се фрлат во смрзнатата река за да дојдат до крстот, или поради тоа што му веруваа и го сакаа поп Дукана, туку поради тие свои ситни ѓаволштини и ситнеж, со кој ја трупаа и дуздисуваа онаа своја маалска пештера, преполна со најневеројатни чудесии, таа вонземска Аладинова дупка, во која можеше да се најде сѐ, од игла до локомотива: ножеви и праќи, змејови и стари фонографи, батерии и радио делови, стари цокули

и дресови, кино - кутии со стакленки и цртежи наместо филмови, стотици пара искинати чорапи и крпени топки, првите испушени дузини цигари "купечки" и украдени, делови од стари велосипеди што никогаш не успеаја да ги склопат во еден - една вистинска менажерија, едно фантастично ѓаволско гнездо, малечок и проколнат за вјеки веков од поп Дукана "еретички храм", за малите изгубени душички, тие мургавци и шегобијци што упаѓаа среде литургии со оние свои магарштилаци и врескоти што се прикрадуваа отаде дворот на црквата па сѐ до влезот и канделаберот (кај што обично се меткаше полуслепиот клисар) и откаде нивните магарешки рикови на поп Дукан со епитрахилот и панагијата му се присторуваа како некое чудно претсказание за безверниците, како зов на Господа и како анатема, како ерихонските труби пред Судниот ден . . .

А тогаш, тој ден, како за инает, не можеше да ископа ни еден мангар и мораше со часови да ја убедува Тина да ги раситнат последните три динари за рингишпилот.

Седнуваше веднаш до неа и ја туркаше на сите страни, високо високо, чиниш ќе ги допрат обалците и се вртеа така цел ден, омаени и занесени од таа чудесна вртешка, што им ги замати и очите и свеста. И потоа се случи тоа што најмалку го очекуваше и сакаше, токму кога му беше најубаво од кога и да е кога бил заедно со неа, почна да блува и наеднаш пребледе и се изгуби сета, малаксувајќи и виснувајќи како трупец на седалото, бледа, изнемоштена и нема. Тој со сет глас викаше да го сопрат рингишпилот, но во таа општа мешаница и врева ниту го слушна, ниту го виде некој. Мислеше дека е мртва и кога некаде пред зајдисонце го изговори првиот збор, тој поверува дека неговата единствена молитва што ја знаеше напамет (поради врбовата шиблинка на катихетот) ја извлече мртва од гроб и тогаш одненадеж реши да не се задева веќе со поп Дукан.

Си дојдоа дома дури доцна навечер, виновни, изгубени и неми и откако утредента си го откри кабаатливиот газ, го виде и својот Господ и сите светци, добивајќи за секој вртеж на вртешката по пет ремена и тоа беше последната суровост на Ате што падна врз неговиот грб.

Сега, наеднаш, се сети на првите стихови од тој псалм и поверува дека тоа му доаѓа некако како добар предзнак за другарот што крвареше во неговиот дом и пред да сфати дека тие детински комбинации со Тина и Брант се само една бесмислена илузија и пуста желба што очајнички го тера од мислата за смртта, ги сети бледите алки од молскавиците, ги позна црвените сртови под ридиштата на Џ. и знаеше дека во следниот миг возот ќе почне полека да чкрипи и да ја осветлува неговата последна станица во ноќта.

# ВТОР ДЕЛ

Саноќ се мешколам и превртувам во постелата, обидувајќи се да го зграпчам сонот за шија, но тој, (неверникот) постојано ме отфрла од својата рамнодушна прегратка, чиниш, во последен миг и без колебање. Станувам. Светлината бие право в очи, боли и пече, како некој да рони сол во жива рана. Ко вештерка со долги нокти пред моите клепки, како оса ми се пика низ косите, низ трепките и дамарите и штипка, штипка, како да сум ја разјарила, како да сум ја предизвикала, небаре сум ѝ стапнала на опашката.

(Убоди ме осо! Ајде, што чекаш? Изврши го тој свој мал и славен чин. Ајде, проклетнице!. . .)

Го демнам тој отровен жалец, тој величествен несполук, тој опнокрилен харикири и се вртkам околу себе, како затечена во грев.

На отворената страница од мојот зелен соновник, мојата малечка астрална мапа, и не знам уште како да го наречам тој свој зелен ephemeridis, како исушени латици од синолички во хербариум, или мувин измет на таван, се мрешка некаква нечитлива реченица, над која со часови се мачев ноќеска.

"*Денес го сретнав стариот Чех*, а потоа Невена ме запозна со Маринов. . ." Шипинки! Какви не гатки се стаиле во матната лејка на госпоѓицата, ти се молам. Стариот Чех, Невена, Маринов. . .

Го гледам часовникот. Да не се мрднаа овие стрелки, се прашувам. Па, уште малку и ќе се раздени, по ѓаволите. . . Морам за нешто да се фатам, иако знам дека пајакот на бесоницата веќе одамна го исполни ѓерѓефот на мојата ноќна мора. Одбивната белина на отворената страница, чиј одблесок е само еден жолт кружен доблест среде мојата умора, ме фрла во некакво тапо бессознание. Тонам во својата последна химера, за која ноќва можам да се сетам.

(Зар не би било добро да го имам премудрото богатство на светот барем еден миг и да ја нарачам највисоката мермерна кула за гробницата на стариот Чех. Како мој прв и непринуден завет. Без кумири и индулгенции. Единствено, да се издлабат само некакви обични зборови. Нешто како:

"*Си умре,*
*сиромав!*
*А имаше златно срце. . .*"

Или, нешто слично. Ох Господи! Та, тој, веројатно, ќе ме наджевее и мене и сите нас. Што сѐ нема мене да ми истекне. Го гаснам светлото. Темнината им годи само на моите уморени очи. Инаку, сѐ друго се губи и лепи врз својата глува постојаност. Веќе го познавам секој ќош, секој проклет предмет во собата и низ оваа гробна тишина како да ги наслутувам сите лелеави сенки и мртвила, што го

измачуваат мојот напрегнат вид и свеста. Каде? Каде, по сѐ што се случи ноќва, по ѓаволите. Веќе не можам да се измамам ни самата себе си. . .

Отпрвин полека, а потоа сѐ појасно допираат до мене некакви тивки и пригушени липања. Го распознавам гласот на вујна ми. Плаче! Не паметам кога таа некогаш плачела. . . Што ли ја возбудило толку, во ова глуво, во ова ниедно доба на ноќта, вујна ми Лена?!. . .

Се преметкам низ собата како сениште. Не знам што да сторам. Мислам, ќе помине. Како грд сон. Како привидение. Лелекот на вујна ми Лена е сѐ посилен и сѐ појасно допира до мене. Се прашувам по стопати што би можело да го предизвика тој јад, што во оваа длабока и морничава темница, се огласува како некоја подмолна соблазна, како некоја црна коба, што навестува тежок и непредвидлив чин. Очекувам немо и како прекорница да соберам сили и да се оглушам од сѐ, стегајќи ја во грчевита прегратка својата усвитена глава, меткајќи се од вратата до прозорецот, но не успевам да се ослободам од кукавичлакот што саноќ ме измачува и ме обзема сета. Ме зграпчува, ми се следува во крвта, во здивот и вовлекува во веќе одамна изгубеното и опустошено гнездо од аголот на собата. Се плашам. Нешто се кине. Секнува. Нешто страшно и тешко се лизга и гребе по мрачните рабови на оваа соба. Како да се повампирувам. Како да станувам оска на страшниот танц од шумот и сенките, што се врти и врти околу мене како луда ветерница.

Наметнувам некаков темен плед врз голите раменици и се спуштам по скалите. Сега сосема добро го слушам липањето на вујна ми. Се прикрадувам до нејзината врата. Таа е. Таа. Тропам. Чекам. Ослушнувам и истрпнувам. Се здрвувам и не можам да се помрднам. Стојам, обесена врз рачката на вратата и молчам како кип. Најпосле, се нурнувам внатре со сета сила и го наоѓам нејзиниот безумен поглед во мракот. . . Сама е. Паѓам врз неа на креветот и шепотам како луда.

"Вујно, ти плачеш! Што се случило? Страв ми е, вујно. Кажи ми. Овде се случува нешто. . . се случува нешто. . . нели. . . кажи. . ."

Таа молчи, ме стиска во својата прегратка, ми ја прибира косата и ми ги брише солзите со својата груба дланка. Ја гледам и пак паѓам врз неа, неутешена, чувствувајќи како солзите ни се мешаат по вратот, по образите, по градите.

"Вујно, кажи ми!..."

Таа уште посилно ме стиска. Го кревам своето лице и наеднаш, во темнината, проникнувам во таинствениот блесок на нејзините насолзени очи.

"Јане! Јане ли?!. . ."

Таа ме стега со сета сила во својата прегратка и чувствувам како рамењата ѝ се тресат и како се мачи да изговори некој тежок и недофатлив збор. Не кажува ништо. Само се засркнува и плаче.

"Што е со Јане? Кажи ми, вујно, те молам! Да не е..."

"Не!" се штрекнува таа, секавично и избезумено, како да ја брка сатаната од себе.

Во тој миг, врз креветот плиснува еден продорен сноп од електрична ламба и, скоро избезумена, срипувам, истрпнувајќи сета.

На прагот од собата стои вујко ми Ате.

Како омаена, го прелетувам краткото растојание помеѓу креветот и вратата од собата и се сринувам во неговата прегратка.

"Не плачи, мило мое. Не плачи. Сé е в ред. Сé е в ред. Смири се . . ."

"Што му се случи на Јане?"

"Ништо. Ништо не му е на Јане. Смири се, ќерко моја. Сé е в ред. Сé."

("Сé е в ред" и тоа е единственото нешто што можеш да ми го кажеш и да го измислиш во овој миг. Ах, вујко мој! До кога ќе ме мамиш со овие твои убави прикаски. Сееш трици, наместо отворено да ми ја кажеш вистината. И слеп знае колку е часот. Се плашиш и чуваш од големи зборови и како божјак ми се крстиш и кумиш ("чувал Господ од поголеми несреќи!"), а ваму, јас истрпнувам и се тресам како трепетлика во ноќта, изгубена и сама пред твојот праг.)

Ме гледа. Се сожалува.

Ме води по темните скали на подрумот и го осветлува лицето на црномурниот. Го гледам тоа спотнато чело, тоа бледо оросено лице, тие непознати очи, над кои се слепиле немирните црни коси, онаа долга лузна, што како пијавица се слизнала од образите кон работ на усните и молчам, молчам, чиниш секој миг ќе се урнисам во темната бездна на ноќта само да не е таа негова огромна и жилава чепарда, што ме стега и ми ги одвраќа очите од трепетната свеќа што догорува низ онаа шуплива прозевка од подрумските процепи, над тоа измачено бледолико лице со лузна, лице на аскет, што чиниш се стопило со ѕидот, како фреска.

Молчам. Се тресам и му се вовирам дури во сенката.

"Ете, затоа сношти те корев. Имаме ранет човек во куќава, а ти дури до прагот ми го нас´ска кучиштено. Сношти, пред да се вратиш, го довлече Јане, ни мртов ни жив. Малку требаше, па да се судрите на влезот," тој тоа и не го зборуваше. Само го простенка. Во еден здив. Низ заби.

"Ох, вујко, прости ми! Те молам," липав, гушкајќи го.

"Молчи. Тивко, ќерко моја. Не се вознемирувај. Тешко е ранет. Одвај крвта му ја сопрев. Можеби ќе се извлече, кутриот."

"А Јане, вујко?"

"Јане? Тој свитка опаш, ѓаволот. Рече ќе се врати. Којзнае."

Го оставаме ранетиот и потоа се качуваме во собата на вујна, обидувајќи се да ја смириме. Варам кафе од јачмен. Ѝ го носам во собата, но таа веќе станала. Надвор се разденува. Вујко ми се плетка околу кујната, а јас се обидувам да се расонам сосема, плискајќи си го лицето со студена вода. Не оди. Сега, откако ноќта почна да се повлекува (колку бргу почна да се разденува!), чувствувам како се повлекуваат сите премрежија, како да стивна шумот на крвта во дамарите и како да потече сé во некоја чудна и далечна притока на сонот, низ оние исти гребени, низ кои до пред извесно време се чепатеше матицата на поројните возбуди и напливи на стравот, сé како да си легнуваше во своето корито. Здивот се врати во своите меѓи и оттаму се пружаше онаа стара глетка кон нивите на стрпливоста. Поплавата мина и сега чувствував дека имам сили да се справам со сите гнилежи што ги оставија

вртежите по оние ровки и неотпорни брегови на мојата самотија. Знаев дека предметите за мене во идниот миг ќе почнат да го губат своето значење, својата позната форма и старо место во просторот и откако филџанот со јачменовото кафе наполно се изли врз масата, сфатив дека сé е попусто и дека барем еднаш морам да си признаам самата себе си (со онаа мерка над која никој не ги ставаше своите тегови) дека сонот, всушност, е само една поточна терезија за онаа дефинитивна состојба што некои ја нарекуваат рамнотежа, а јас со својата вечна тврдоглавост да ги смандорам нештата докрај, го наречував само поевтина цена за изгубениот мир.

Сум спиела долго. Без сеништа, премрежија и слики. Како мртва. Станав дури напладне. Ги раскрилив завесите и се уверив дека по толку време, надвор е вистинска пролет.

Во куќата владееше гробен мир. Ја ослушнував тишината и се обидував да ги поврзам скинатите конци на настаните што ми се испреметнаа низ главата во изминативе дни.

Ми се сврти и смеша наеднаш сé.  Се симнав кај старите. Вујна ми, спротивно на сé што дотогаш бев навикната да гледам, седеше на креветот задумана и се џареше наоколу, отсутно, во некои невидливи точки на ѕидот. Не. Не ја вознемирив. Воопшто како да не ме забележа. Како да беше обвиткана со некоја невидлива копрена и не се обѕираше на ништо. Беше потоната во своите мисли и само по отсутниот сјај во очите, можеше да се наслути дека таа и нема некаков определен предмет во тие мисли, туку сеедно и бесцелно лунѕа околу празнината што ја опкружува и се обидува да му се предаде докрај на тоа пијанство, на тоа глуво лелеење во просторот, што толку прилегаше на некоја смерна помиреност со нештата, по која сé станува безвремено и неранливо. Трпки ми минаа низ снагата од таа слика.

Појадокот беше на маса, но јас ниту сакав, ниту можев да јадам. Не чувствував никаков глад. Се искрадов полека од куќата и излегов надвор, во градината, барајќи го со погледот вујко ми Ате.

Зад станичниот перон, блескотејќи на пладневното сонце, ја забележав модрата лимузина на градскиот таксист. Вујко ми се зададе откај перонот, идејќи ми в пресрет. Ме гледаше како да се исчудува што сум тргнала кон него, но јас и не дочекав сосема да ми се приближи, нестрплива и нервозна, прошепнав:

"Како е тој?"

"Лошо, лошо, лошо. Нешто веднаш мора да се стори. Се губи, кутриот."

"Вујко, но ти рече.. ."

"Знам, чедо, знам. Но, ете. . ."

Немоќно ги крена рамениците. Тогаш решив.

"Одам в град. Знам, знам, не грижи се. Точно знам што ќе сторам. Никакви непромислености. Не сум дете. Верувај ми, вујко. Одам."

Го оставив таму, пред оградата, со неговиот вознемирен поглед и се упатив кон таксистот, што го беше скрил своето лице од силните сончеви зраци со спуштениот качкет над очите и седеше на предното седиште, испружувајќи си ги

нозете од отворената врата. Ми рече дека некого очекува и не погледнувајќи во мене. Го молев долго и откако низ своите безволни, но доста вешти потпрашања, разбра дека сум му ќерка на Петар Витанов, сепак попушти и на крајот се реши да ме префрли до градот. Рече: "Па белки, нема шанот да му падне ако почека малку. А можеби и ќе го стигнам. Ајде влегувај."

Ме симна во центарот. Му го подадов чантичето и му реков да си земе сам. Беше задоволен.

Штом излегов од лимузината, се судрив со толпата народ, што се беше собрал околу бугарската свечена процесија. "Убиле некој нивен фелдфебел сношти," ми рече еден од минувачите. Воената музика набргу престана да трешти. Развлечените колони од процесијата наеднаш се стуткаа и збија и по неколку мига над плоштадот падна некоја злокобна штама, што како сé уште да ги впиваше последните акорди од посмртниот марш.

Пред насобраниот народ се појави Маринов.

Отпрвин зборуваше тивко и воздржано, а потоа, неочекувано и торжествено се провикна за "часовојот што падна на поста си - и тоа од кого? - од разгаканите гарвани и кукавици, од шумкарите, од народните врагове, од џелатите на свободата - од тој џган."

Во тој момент, исто како што почна наеднаш да вика, пак се повлече наназад и замолкна, како да собираше сили за еден нов ораторски атак.

Се загледа долго во молкнатата толпа и тогаш, чинам, ме забележа. Иако оддалечен, сепак го сеќавав оној жолтозелен одблесок на гневот.

"Одмаздата ќе биде тешка! Т е ш к а  и  п р а в е д н а!" се провикна на сиот глас. Потоа, театрално го спушти гласот и кревајќи ги рацете во висина на своите очи и откако ги впери прстите кон ковчегот на мртвиот бугарски фелдфебел, ги рашири своите згрчени десет прсти: "За секој убиен војник на Големата мајчица Б´лгарија - десет предавника!"

Неговиот гневен восклик остана без одѕив меѓу насобраната толпа народ. По него, говореа и се менуваа говорниците, но никој не ја достигна жестокоста на Маринов, со оние негови восторжни и патетични пози. Толпата немо ги следеше тие гневни тиради и полека почна да се разидува. Тогаш, капелникот, што вчера ме изнасмеа на променадниот концерт, ја крена својата палка и во наредниот миг, одекнаа истите циликања на посмртниот марш а поворката немо и торжествено се упати кон гробиштата. При поминот, Маринов се сврте кон мене и доверливо ми кимна со очите, со некаква натажена насмевка и, чиниш, и во еден толку важен и редок чин, сака да ме увери дека сé уште не го заборавил своето ветување. Којзнае. Можеби и не мислел така. Сеедно. Се упатив кон Шадрванот и набргу се најдов пред дрвената куќа на стариот Чех. Го најдов зафатен со црпење вода од бунарот и, задишана од трчањето и качувањето по угорнината, се плеснав врз камената клупа под сливите од дворот. Го видов неговото задоволно лице, но не му се приближував и долго не можев да дојдам до здив. Не рече ништо. Само продолжи да го вади цвеќето и одвреме навреме доверливо се обрнуваше кон мене, обидувајќи се низ

онаа негова интелигентна насмевка да проникне во мојата возбуда што не можев да ја сокријам. Којзнае, тој веројатно беше уверен дека моите немири потекнуваат од облаците, или некоја слична етерична сфера. Неговата добродушна симпатија над моите невешти обиди да ја надраснам и скријам возбудата од неговите погледи, како да велеше низ оној немушт, но речит начин: "Ако де, ако. Знам јас. Се случува тоа на тие години. Кога другпат, ако не сега." Како да знаеше дека таа возбуда не е предизвикана само и напросто од трчањето по сокаците. Таа кај стариот Чех, очигледно, будеше некакви розикави и прелестни одзиви, такашто спокојството и уживањето со кое тој сеедно продолжуваше да си ги вади своите трендафили, кај мене сѐ повеќе и повеќе предизвикуваше чувство на немоќ.

Не знаев како да му се приближам и да ги раскинам тие милозливи копрени од старечката насмевка, што во тој миг, и не сакајќи, кај мене будеа само отпор и моето трпение набргу почна да се губи, зашто сочувството на стариот Чех, на начинот што ми го укажуваше тој, беше само еден љубезен, но несмасен начин да ми се искаже нешто што не е многу далеку од една несвесна, и затоа, мошне мачна пресуда во тој миг.

Тогаш, за среќа, резето на портата се подигна и низ неа во следниот миг се појави високата побелена глава на старицата. Станав, итро ѝ притрчав и ѝ ја бакнав раката, што таа веднаш и како попарена си ја повлече и збунето го промрморев своето име, на она нејзино отсечно:

"Катерина Смирнова."

Ме гледаше љубопитно еден миг.

"Чие си ти, чедо?" праша.

Стариот Чех ѝ рече сѐ.

"А, така . . ." се присети таа и се упати кон тремот, не чекајќи да го слушне и крајот на Чеховата прикаска.

"Нада Витановиќ. О, да! Совршенаја женштина. Помнам, помнам красавице. Ти совршено подобна . . ." и се изгуби по скалите, чиниш годините не претставуваа никаква пречка. Се присетив на зборовите на стариот Чех. Маченица! Неоти. Се поткренав полека од камената клупа и нежно го допрев по рамото стариот Чех. Тој се потргна изненадено, се сврте и ми се загледа во очите, како да сакаше да ме обвитка со својата широка насмевка.

"Еден млад човек, - реков - умира онаму, во нашиот дом."

Тој, наеднаш, ја спушти својата лимена прскалка на земја и ме прифати за раце, чувствувајќи дека секој миг можам да се расплачам.

"Те разбрав ли добро. Што ми зборуваш." рече тој. "Па, зошто молчеше досега, дете мое? Катерина! Катерина, симни се веднаш долу."

"Што е? Што станува старик, кажувај."

"Симни се долу, реков. Или, подобро, првин земи си ја торбата. Одиме на железничката станица. Веднаш."

"Што е сега, старик? Каде гори толку, та што си се раздрал наеднаш."

"Не дрдори глупости, ами симнувај се кога ти велам. Ме слушаш ли? Побрзај."

По некое време, се спуштивме по стрмите сокаци на шадрванот и се упативме кон мостот.

Ја влечев торбата на Катерина Смирнова нагнетена во сламениот куфер и одев на една пристојна оддалеченост од старечката двојка, чувствувајќи дека врската помеѓу една млада госпоѓица што се упатила кон железничката станица и оддалечените старци минувачи (со она нарамена мотика од грбот на старецот) е речиси сосема невозможна и не може да побуди некакви сомнежи кај кој и да е. Сепак, се борев со самата себе си и се трудев да не подзастанувам често и само одвреме навреме успевав со доста напори да го префрлам товарот од едната во другата рака и да фрлам по некој скришен поглед кон Чех и Катерина Смирнова. Не чувствував никаков страв, ако не беше страв тоа што постојано ги бркав разбуричканите суеверни напливи од мислите, такашто моите смешни комбинации со чекорите и одгласот на оддалечениот ут крај реката се обидував да го усогласувам со некој неверојатен систем да не паѓа на деветката (деветката е датумот на моето раѓање) и сé некои такви недоквакани нешта, иако, во тие мигови, и покрај мојата малечка снага, чувствував некоја луда, некоја пијана самодоверба, такашто оние стари шеметења по руските романи и лудувањата по оние бесни јункерски игри со смртоносните рулети, сега ми прилегаа на некакви детинести и несолени шеги. Ја стегав рачката од сламениот куфер и веројатно си придавав некоја чудесна важност на самата себе си,  одејќи напред гордо и исправено, и покрај товарот што ми ги здрви рацете и потта што сета ме обли. Не. Не чувствував никаков страв. Око не ми трепна. Само одев и гледав упорно напред како маска.

Мислев на стариот Чех.

Чуден некој старец.

Го барав и се обидував да го фатам во најпростите траги на тие огромни стапки што ги оставаше на својот пат, но чувствував ужасна немоќ и попаѓав во некои заборавени стапици.

Одев по своите стари патишта и се фаќав на старите примки од прикаските на Чех, како да лутав по некои разурнати мостови што никаде не водат и ништо не поврзуваат веќе. Како прикаската за младиот фон Емерлих, на овој ист мост, на свртувањето за Солун, пред три години.

Можам да си го замислам. Со таа негова побелена грива, со тие длабоки проникливи очи, со онаа чудна, одвај забележлива насмевка, како недофатна сенка врз избрчканото лице. . .

Среде оној метеж, сред таа глетка на денот од свештениот оган и громките "татковштини" на цар Борис кон "поданиците". . .  . . . "на сите предавници на Големата мајка Бугарија, на сите српски шури и лижисани - нека им е просто! . . . Дојде денот на слободата, бугарски народе!. . ."

Чех не можеше да го излаже таа сива и алчна фигура, накитена со едноставноста на дворски шут. Тој не ги пропушти решителните мавтања и

ѕвечкањата на "балканскиот клучар" (со кајзерски благослов) среде згрчената толпа.

Се притаи во својата чкрипава чардаклија кај Шадрванот, ја нарами мотиката и се спушти кон ливадиштата под градот.

(Очи нека вадат, кучиштана.)

Дури и не го забележа гневното лице на младиот фон Емерлих среде прашината и конвојот што со мака пробиваше пат низ тие столетни дупки.

>>Der ist ohne weiteres, irgendein Verückt Mann. Bettler, order so was.<<[1]

>>Ja, Herr Oberläutnant.<<[2]

>>Geh, und mache ihn mir aus dem Weg, diesen Dreck."[3]

>> Ja, Herr Oberläutnant.<<[4]

>>Herr Offizier! Der Mensch, der ruhig auf seinem Weg geht, is doch kein verückter Mensch, nicht war?<<[5]

>>Siehemal! Er spricht Deutsch, mein Gott!<<[6]

>>Deutsch zu sprechen, ist es irgendwelche Zauber?<<[7]

>>Wass?! Er, er erlaubt sich noch zu beleidigen. Herr Dimof, dieser Mann . . . dieser Alten . . . was ist er . . . ein Jude?<<[8]

>>Nein Herr Oberläutnant, ein Taugenichts. Ein alter untergegangener Tchehe, oder Hungar . . . werweiss Taugenichts, sage ich Ihnen.<<[9]

>>Noch heute ihn fest nehmen!<<[10]

Дебелата свеќа над бледоликото лице од ранетиот веќе догоруваше и малечкиот пламен одвај го издржа налетот на промајата од подотворената врата. Се симнавме во подрумот, неми и молкнати и да не беше оној подмолен крцкот на штиците од скалите, некој би можел да помисли дека на дното од жолтата куќа се појавиле духови и среде бел ден во неа се населиле некакви чудни сеништа што шумолат и се лизгаат по ѕидиштата. Катерина Смирнова се обѕрна околу себе, барајќи со погледот каков и да е предмет на кој би можела да го спушти за миг своето уморено старечко тело, но откако се увери дека ништо слично на стол не се метка во близината, ја остави торбичката, клекна врз свитканите колена со помош на Чех и погледна во ранетиот, спрострен врз дебелиот душек на подот. Во тој миг, вујко ми Ате ја наднесе над неа газиената ламба и скржавата мижуркава светлина

---

[1] "Ова е, бездруго, некаков луд човек. Просјак, што ли."
[2] "Да, господине оберлајтнант."
[3] "Оди, и веднаш тргни ми го од патот тоа ѓубре."
[4] "Да, господине оберлајтнант."
[5] "Господине офицеру. Човекот што си оди мирно по својот пат не е луд човек, зар не."
[6] "Види! Па, овој зборува германски, боже мој!"
[7] "Да се зборува германски, зар е некоја врвна мудрост?"
[8] "Што? Уште се осмелува и да навредува овој лудак! Господине Димов, овој човек ... овој стрец ... што е ... Евреин?"
[9] "Не, господине оберлајтнант. Обичен скитник. Некаков стар пропаднат Чех, или Унгарец. Којзнае. Скитник, ви велам."
[10] "Да се приведе! Неизоставно. Уште денес."

падна како немлива сенка и го пожолти оросеното бледолико лице со лузна. Смирнова го поткрена ќебето, го виде изнемоштеното тело, обвиткано со ленено платно околу градите и рамето и му го допре пулсот. По некое време, ја отвори торбичката и му ја подаде на Чех, а овој, веднаш го зеде под рака вујко ми Ате и побара чист сад и вода. Катерина ги извади слушалките, обидувајќи се со моја помош да го поткрене малаксаното торзо на ранетиот, но откако се увери дека од тоа нема никаква полза, се наведна и почна да го ослушнува отчукувањето на срцето. Стоев над неа, со ламбата в раце и се обидував да проникнам во значењето на оние тивки и нејасни воздишки, што таа постојано ги цедеше низ нос и како опиена ги следев со ламбата движењата на вештите раце, што бавно бавно лазеа по телото на ранетиот. "Од кога е тука?" праша, не гледајќи ме. "Не знам. Чекајте, реков. Има мислам едно два - тринаесет часа. Повеќе не." Таа ја сврти својата глава и загрижено погледа во мене. "Ти, красавице, чула што гангрена, тетанус?" "Да," реков истрпнувајќи сета. Ја гледав преплашено и како да го сфати моето немо прашање, се сврте пак кон ранетиот и не изусти ни збор. По некое време само промрмори нешто како "илјадници игли во глуждовите" и тогаш се стрчав дури до бавчата по оној троножец, врз кој поминав толку спарни летни ноќи. Не помина многу кога Чех се појави со садот и инструментите и Катерина побара да се донесат сите ламби што ги имаме во куќата, додавајќи (кон вујко ми) "и твојата железничарска, да", "па и свеќите не се без полза, може."

Тогаш, отпочна нејзиното долго и мачно патување по сенките, светлините и одблесоците на дното од изгубената жолта куќа од предградието и тоа слепо и тешко буричкање по раните и крвта со тие малечки острила низ кои се судираа блескотниците под кората на мракот како да прилегаа на некаков дервишки ритуал, и јас, како во црна магија, гледав во црномурното лице на ранетиот партизан и испотените влакнести гради, без да почувствувам дека и самата ја стиснав вилицата гледајќи во издрасканите усни што се пенат и лепат и без да сфатам дека низ младата темна шума на градите од ранетиот, како во потоци се лизгаат и мешаат потта и крвта.

Чех и вујко ми цврсто го држеа за половината и вратот, не попуштајќи ни за миг и пред да се освестам што се случува, над жолтиот сноп од газиената ламба, Смирнова го покажа она малечко крваво шилче, што сосема се извиткало и сега, во прегработ на тенката пинцета, таа го држеше пред очите на двајцата мажи како да го зграпчила најголемиот ловечки трофеј. "Се забил дури во клучната коска. Малечка пукнатинка. Ништо особено," вели. Бара ленено платно. Ја затвора раната. Свиткува триаглесто клопче околу вратот на ранетиот. Потоа, го спушта на грб изводенетото тело и она бледо аскетско лице, гледа во нас, ко да блада, чиниш сонува со отворени очи.

Катерина Смирнова го засече со ножичките завојот од нозете што го измајсторил вујко ми Ате, велејќи му дека мора некаде веќе да ги испробувал тие марифети, кога, ете, успеал да ја врати и таа тешка црна крв во нејзиното старо корито. Овој го споменуваше Солун, или такво нешто, и жално се насмевнуваше зад

грбот на старата Русинка. Рече: "парче од граната?" Таа рече: "Да." "Момчево имало среќа?" "Да," повтори Катерина. "Ногата е во ред". Потоа се изми, ги собра инструментите и се упати кон скаличките. Ги испративме до прагот.

Потоа, излегоа низ бавчата и се упатија кон реката и јас долго ја следев со погледот старечката двојка што сви кон реката и постепено се изгуби во заслепувачкиот блесок на пладневното сонце.

Гледаше немо во темната силуета над себе.

"Колку е часот?" рече.

"Мркна."

Ништо не разбираше. Ни каде е, ни што се случило со него.

"Која си ти?"

"Тина."

"Тина - која?"

"Тина Витанова."

"И?"

"И ништо," рече таа.

Му го остави јадењето и се искраде како сенка. Тој ни не погледна во топлата супа, што се испаруваше во мракот. Во неговата замаглена свест затрепери жолтеникавиот одблесок на свеќата и нечујниот тек на топлиот провев, што се лизгаше по немливите ѕидишта на оваа црна стерна, како некоја млачна дождовница, во која се слеале сите болештини.

Беше тоа само еден неодгатлив момент, можеби некаква таинствена lucida intervala што пролета и проѕуни низ свеста, пред повторно да го совлада мракот. "Мркна", "мркна" ли рече темната силуета, или тоа беше само уште една бледа сенка, што се слизна по ѕидовите. Тој не можеше да ја додржи ни дофати таа искра, што така одненадеж проблесна во мракот. Како летна светулка, како плашица што ја прободува осамениот зрак на залез над свети Канео, како ветрушка што го вее златниот прав на расцутената вишна крај прозорецот од жолтата куќа во предградието. Темно - зеленикавата кора на предметите во подрумот ги правеше непрепознатливи и најострите рабови на камеништата, а во својата немоќ да открие макар само еден малечок дел од нив, тој повторно падна и се сплетка во мрежата на бессознанието, склештен во тешкиот јарем на својата агонија. Тој, всушност, веќе и не се бореше со ништо. Искинатите конци во неговата заматена свест се роеја како вински мушици сред нагмечен казан наесен. Само преткаше, по навик, или од некој нејасен бол на сетилата, што се вкрстуваа и разминуваа низ неговата свест. Тоа не беше ни бол, ни пијанство, ни несвестица. Само некое тивко и тапо копнеење.

"Мрки!" - дочу однекаде. - "Мрки, ти ли си тоа? Одговарај". Тој само се влечкаше и гребеше по мрачниот агол на подрумската соба и, иако сосема добро го препознаваше гласот на својот стар другар (оној ист манук што го зарази со оваа тешка и неизлечива болештина), се двоумеше и не знаеше што да стори во тој миг.

"Лила е фатена", му беа првите зборови на дојденецот, штом се втурна онака разјарен и изѕемнат во подрумот, иако ни лозинката не ја кажа и ниту со еден поглед не се обѕирна на неговата полна ококореност. Тој трпеливо чекаше на прагот и демнеше какво и да е прифатливо објаснување. Но, обѕирите тука не

значеа ништо. Изминаа цели три дена откако беа свршени сите рокови. Никој не се јави. Тој можеше тука, над скржавите жарчиња од мангалот, да ги испече сите преостанати костења од последниот пакет што стигна со возот од Ѓевѓелија и пак попусто да си ги трие и крши изѕемнатите дланки, да цркне и сконча како пес. Тие не доаѓаа. Но неговата треска и огнот не попуштаа ни за миг. Тој веќе ја беше изгубил и најмалечката надеж дека ќе го сопре тркалото, што така врапито се нурна во својата последна и недогледна прудолина.

Надвор свиреше и беснееше онаа лута и невозможна кошава, на која никогаш не успеа да се привикне докрај и од која постојано влечеше некакви тешки настинки, откако студот убаво ќе се навреше длабоко во него, дури до коските.

Тој, Бранко Терзиев, или Терзиќ, како што го пишуваа во книгите, терзиски калфа и гурбетлија, црномурест младич со стреловити очи со одвај забележливи нијанси на кривогледост и "чокалиски" акцент што "веднаш го открива јужното потекло", работник низ чии раце поминаа толку јаки, цврсти и сјајни платови на господата што секојдневно се меткаа низ мувлосаните коридори до банкото на г. Катиќ, ѓончеше по улиците со некакви смешни курки и литарки, кои не само што не можеа да опстојат на змиските апежи од Панонија, ами напротив. Веќе толку беа излижени и изветвени, што тие одамна ја преминаа границата на смешното и сé повеќе и повеќе стануваа некакви жални крпи и крпеници, вистински барјак на неговата сиромаштија, виснат постојано "на половина копје" од Теразие до Вождовац и назад, секој ден, без престанок. (Требаше да изминат цели три години, додека не успеа да скрпи нешто што би можело да се нарече капут).

(Не можам, бе брате. Тука ништо не помага. Што можам, ајде, кажи ми. Јас сум си јужно ѕвере. Сонце ми бара душата, па тоа ти е!. . .)

Кога дојде прв пат во Белград, со својата малечка бовча в раце, мислеше небаре ќе полета. Како да имаше крила во нозете. А јадеше еднаш дневно. И дали и толку. Понекогаш ни толку. Живееше од некое огнено љубопитство што постојано го држеше во некаков непопустлив грч да граби и граби напред, како омаен, без да се осврнува на што и да е. Се плеткаше во сите мешаници, се бркаше во сите каши, без страв, стреловито и стрмоглаво, како запурничав уште од оној ден, од она студено утро, кога г. Катиќ замавта со утринското издание на "Политика" и ги впери прстите во оние црни страшила на Александровата заповед, од која и косата им се ежеше на глава.

Годините се тркалаа како некои занесни и недофатливи кругови од Теразие преку Балканска до Славија, од Калемегдан и Мостар до Раковица, низ сите селидби и окапувања од дупка во дупка, од Вождовац до Далматинска, од Чубура до Цвијиќева. . .

Дојденецот не ни седна. Процеди нешто преку себе околу изменетиот ред на нештата и му го остави вкусот и здивот на улицата низ безбројните пцости, некакво искинато парче хартија, некаква адреса и тоа беше сé. Тој не се впушташе во никакви објаснувања, па дури ни околу она "Лила е фатена", ни околу неговата болест, ни што да е друго што можеше да внесе макар каква и да е живост во ова

безнадежно сопче. Го остави во неговата пијана и трескавична загледаност во сопствените дланки и профуча како промаја, како фурија низ таа подрумска дупка, низ таа црвлива визба, во која од сите страни се проѕеваа темните и невидливи процепи на ѕидиштата и прозорците, како да бучеа некои подземни водопади, како да бодинаа коњите на испијанетите лали со санките и прапорците од онаа страна на Сава и Дунав, лудувајќи со незаситната Панонска блудница во тие проклети февруарски денонокија, без престанок, до бесвест. Студот се вовлекуваше во креветот, се лепеше дури во коските. Ги натутка врз себе скоро сите стари крпи до кои можеше да се добере низ тоа беспомошно тетеравење од ѕид до ѕид, тресејќи се како наводенето глувче во ќошот и тутулејќи се врз крцкавата пружина на железниот кревет. (Се обидуваше да ја гушне и стисне Лила во својата студена прегратка, силно, силно, чиниш сака да ја задуши, но таа се слизгаше од неговите изнемоштени прсти, небаре е создадена од пена и снежни пластови на виулиците и се топеше во бездната, претворајќи се во некаква ладна пареа или нечујна пцоста од минувачите, што се лизгаа над оние долги и недофатни цевки од подземјето, од кои горе, во светлината на денот, се коти некое мазно и разгалено маче, од некој убав, непознат и далечен свет. Таа се премеќаше низ жолтите бранови на надојдената треска, како вир во свеста, како некоја згмечена и фрлена страница од стар весник и леташе на сите страни со разблудните крила на виулиацата, од ѕид до ѕид, од излог до излог, од шахта до шахта, со своите подјадени и искинати букви што се читаат само низ решетките од подземјето - "Лила е фатена."

"Лила е фатена. . ."

Од Стеван остана само румениот одблесок на смрзнатиот нос и наснежените трепки што ги истурија оние крокодилски солзи над мангалот и црвливите костења.

А вечерта, кога пред кафеаната кај Бајлоновото пазариште одекна продорниот писок на полициското свирче и подоцна чкрапна чакмакот на железното петле зад грбот, тој наеднаш се најде на влезот од оние бескрајни лавиринти, каде што Лила веќе ги смрси конците, каде што светкаат џелатските боксери на Пеќанац и кучиштата што се сменуваат секој миг. Секој миг. И без престанок.

Тогаш, тој сосема добро разбра дека засекогаш исчезнале отровните мириси на костењата во визбата на Далматинска улица и дека отсега па натаму ќе марширa низ едни поинакви дупки и коридори, дури и не обѕирајќи се на плувачките и крвта што се блуе, секне, засирува и испарува меѓу нозете што газат, како врз измет и кал. Го виде и она што беше преостанало од лицето на Лила и последен пат пропелтекави дека не го познава, губејќи се во кошмарот на железните боксови и ехото на отворените закани.

(Не го познаваше.)

Железните боксери на Пеќанац тука ништо не можеа да сторат. Тој не слушаше, не гледаше, не зборуваше. Тој не го познаваше лицето на Лила. Тој не познаваше веќе ниеден лик. Пред неговите очи се слизгаа само безживотните сенки.

Главњача.

547 дни и ноќи безуспешно лекување на заборавот. И смртта на Лила.

"Лила е фатена . . . Лила е фатена . . ."

Жестина стоеше над ранетиот црномурец, со ламбата в раце и некаква картонска кутија, не гледајќи во неговото спотнато чело и изгубен лик и се веднеше да ја запали новата свеќа крај неговото легло . . . Како да осветува мошти на одарот од некој мртов и заборавен туѓинец, за кого ни смртта ни обичаите не кажуваат ништо и како никогаш да не ѝ биле познати и блиски цртите на тие црвени безверници што ни пет пари не даваат за своите кучешки скончувања. Се обидува да го следи погледот што лута и се топи во темнинтата и го вади лебот од картонската кутија, внимателно оставајќи го на работ од  постелата. Тивкото шумолење на хартијата отпрвин му ги приближува и наднесува нежните дланки на непознатата девојка и тој не може да сфати каква е таа таинствена и белузлива копрена што се витка околу неговото чело. Ги фаќа со работ на очите движењата на тие бавни долги прсти што буричкаат и претаат низ отворените крила на картонот и помислува за миг дека паднал во некој чуден и изгубен свет, како последен потомок од некое заборавено племе, легнат крај Пандорината кутија, од која секој миг треба да го извлечат и последното зло. Гледа со чудење во долгите коси на девојката, што светкаат со некоја заблеснувачка аловина над запалената свеќа, а потоа, без да сфати што и да е, го бара со погледот својот Калеш, сакајќи да потстане, но наеднаш, разбира дека левата нога му е сосема одземена. Ги чувствува диплите на завојот околу градите и се прашува да не ѝ паднал в раце на Анѓелина, штом така го престегнале со триста лакти платно. Гледа во русокосата како во призрак.

("Која си ти?"

"Тина."

"Тина - која?"

"Тина Витанова."

"И?"

"И ништо".)

Се обидува да ја сврти главата на другата страна, но не успева.

"Не мислев тоа, - вели - Каде сум?"

"Не грижете се. Само ви донесов нешто за јадење. На сигурно место сте," вели девојката со ламбата в раце и полека се искрадува по скалите, покривајќи го со својата голема сенка и тишина што ја остави зад себе.

Вчера Невена испратила абер по вујко ми задолжително да се видиме. Се сретнавме во читалиштето. Рече: "Еднаш кога ќе се удавиш во оној твој бунар од книги, сто кофи не те црпат."

Слатко се изнасмеав. "Будалче! А ова твоево овде, што е тоа. Тунел? Впрочем, во неделата бевме цел ден заедно, зар не," реков. "Да, да. Доаѓаш в град сама и дури и не помислуваш да се јавиш. Многу брзо ти се смачи моево муцуле, госпоѓице Витанова." "Ајде, ајде, не трескај глупости. Воопшто не сум била в град." "Тоа зборувај му го на друг. Само уште како лажга не те познавам." "Ама што ти е тебе, навистина. Не сум била в град кога ти велам." "Их, та - па? Кому му зборуваш. Те видел Маринов. Не се слепи луѓето, белки."

Ме збуни. Сосема. Не го тргнуваше погледот од мене и дрско ми се внесуваше в лице како надуена жаба пред скок. Во тој миг можеби навистина изгледав смешно. Мојот обид да изиграм невешто јагне немаше никакви изгледи. "Ах, да," сепак изустив. "Колку сум заборавна, Господи. Бев по лекови. Знаеш, вујна ми Лена нешто не е арна деновиве. Кутрата."

Се гледавме немо и со нагласена љубопитност. Очекував нешто да каже, но таа не рече ни збор. Почнав нервозно да се шеткам покрај преполнетите рафтови со книги. Во читалиштето, освен нас двете, немаше ни жив човек. "Овде нема ни жив човек", реков. "Колку пусто и осамено место, за една девојка каква што си ти. Просто човек страв да го фати." Таа немо ги следеше моите чекори. На нејзиното безизразно лице немаше ни трага од доверба. "Поарно," рече по кусо молчење. "Така, барем, намира можеме да се изнаприкажеме." "Не ми рече дека работиш овде," реков. "Не си ме ни прашала," рече. "Кој те натера?" "Што?" "Кој те натера да работиш тука?" "Зар морал некој да ме натера. Всушност, ми предложи Маринов. Тој најмногу инсистираше." "И. . .?" "И што "и?" "Мислам, како ти е?" "Мене ми е убаво."

Се љубував во редиците со книги и одвреме навреме отворав по некој бугарски наслов. Поголемиот дел од книгите беа сосема нови и страниците сѐ уште не им беа расечени. Овие книги, бездруго, имаат сосема сосема жална судбина, мислев. "Колку книги", реков. "Да," рече таа. "И сѐ - нови." "Да," повтори таа. "Од каде ги добивате?" "Кој би знаел. Повеќето ги набави Маринов. Тој лично одеше неколку пати во Софија." "Тој е голем љубител на книгата, изгледа." "Тој е благороден човек, пред сѐ. Художник, како што велат тие. Образован. Алтруист." "Да. Така и си мислев. Особено кон понежниот пол, зар не," реков.

Таа ме погледна прилично загадочно. Изгледа, повторно ја навредив. Како да се наднесе над мене, иако беше пониска за цела глава. Нашиот разговор запливa во матни води. Беше очигледно дека веќе не сака да се преправа. "Слушај Тина," рече сосема решително. "Ти како да имаш нешто против Жоро Маринов, зар не?" "Не

ми паѓа наум." "Не сакаш да речеш, белки, дека само така ми се причинува." "Токму тоа сакам да го кажам. Само така ти се причинува." "Блазе си ми. Ти прилегам на гуска, што ли." "Тоа ти го велиш, не го велам јас." "Ох, бездруго, бездруго, госпоѓице Витанова. Твоите нежни ракавици не смеат да паднат во оваа провинциска кал."

Се гледавме долго и скоро непријателски. Не ни требаше многу. Можеби фалеше само уште една ваква искра за да избувне кавгата меѓу нас. Можевме така да се задеваме до недоглед. Веројатно прилегавме на оние две кози на мостот од прикаската. Сепак, ми беше смешно тоа взаемно надмудрување, особено сега кога со ништо не можев да ја споделам таа подгреана возбуда на мојата пријателка. Во тој миг, ме погледа некако под око и рече: "Впрочем, тој постојано се распрашува за тебе." "За мене?! По кој повод?" "Не знам. Прашај го самата. Тој е художник, зар не. Можеби сака да те нацрта." "Види, види. Кога ти е роденденот?" "Ми помина. Зошто?" "Којзнае. Ме правиш некако блажена и дарежлива, па можеби ќе ти го подарам тој портрет за спомен."

За миг се гледавме во недоумение и потоа одеднаш прснавме во смеа.

(Господи! Чувај ме само од големи ветувања, од чувство на вина и од лицемерното самосожалување.)

Знам. Има некаде клучови што ги отвораат сите врати. Јас пак, кутрата, тропам ли тропам и сал се клештам кон Невена, а ваму, работата била сосема проста. Се покажа дека балонот на напнатоста е само еден обичен меур од сапуница и во неколкуте следни минути се кикотевме и виткавме ко да не било ништо и како да не паднаа тие глупави зборови меѓу нас. Се разгаливме до солзи.

Само уште Маринов ни недостигаше во тој миг. Се појави однекаде, задишан, спотнат, и не стигна честито ни да се поздрави, а веќе почна да се извинува што упаднал вака наврапито, велејќи дека е само на помин и дека нема време да се задржува ни миг. Невена не дочека ни да здивне. "Ние за волкот - а волкот на врата!" извикна радосно таа. Тој се насмеа со симпатија на нејзината забелешка и веднаш одврати дека му годи споредбата. "Сте ме очекувале, значи! Кој би рекол. Комплименти, комплименти. Таков сум јас: кај не ме сееш - таму никнам!" "Ретка ѕверка си ти Жоро," се издаде Невена, не можејќи да ѝ одолее на возбудата што пак го гледа убавиот лајтнант. "Кога би се имало малку повеќе време да се копа по нас, лесно ќе се открие по некоја црта од животинското царство. Мене уште во училиштето, на пример, најчесто ме споредуваа со орле." Притоа, погледа во мене со некоја искричава самодоверба, сакајќи веројатно да го испита впечатокот што го оставил со својата забелешка. Изгледаше надуено и наперчено и јас не знаев дали во тој миг тој си ласка себеси, или пак се обидува да фаќа на скромност. "Тоа си е наш азијатски атавизам", се обиде на брзина да ја разреши енигмата што ја прочита на моите зачудени очи. Го погледав бело и се направив како да не сум го разбрала. Тој си го избриша спотнатото чело, погледна во картотеката, ја пофали Невена и по извесно двоумење, нé покани на брзина на вечерашната игранка во Офицерскиот дом. Јас молчев, а Невена радосно плесна со дланките. Тој ги набра веѓите и

забележа дека е време да престанам постојано да се извлекувам. Не знаев што да му одговорам на тоа. Го оставив во уверување дека сум согласна со него. Не реков ни "да" ни "не". Ми беше сеедно. Тој погледна во рачниот часовник, откако гонгот на ѕидниот саат се огласи во големата просторија на читалиштето и како затечен се чукна по главата, како во тој миг да ги испуштил сите возови на кои морал да стигне. Се нурна, скоро трчајќи кон излезот и спомна дека сé е договорено, а своето "довидување," иако изговорено набрзина и во еден здив, го нагласи како да изречува некаква чудна и неразбирлива пресуда. Зад него остана само одгласот на дванаесеттиот гонг од ѕидниот саат. Невена се разбуричка нешто по картотеката и потоа долго не проговоривме ни збор. Јас сосема полека (морам да признаам) не без извесно уживање и понатаму го предизвикував оној долг и едноличен крцкот на штиците покрај долгите низи со книги, но ниту гледав во нив, ниту пак ме интересираа во тој миг. Штотуку го бевме скршиле мразот меѓу нас, кога овој наконтен и намирисан Маринов мораше да бапне вака наеднаш, како жива закана, како предизвик што нема ни причина, ни смисла. Сé ми се смеша наеднаш. Немав ни желба, ни време да чепкам по оној полумрак со кој нé засени налицканиот лајтнант. Наслутував и пред да влезам тука. За нас веќе нема надеж. Нашите отровни стрели се разминаа во сите можни правци. Отидов од неа без ни најмало чувство на вина и без ниедно празно ветување. Ѝ реков: "Зафатена сум." Токму така. Просто и јасно. Како стогодишна магла. Ми е гајле.

Сé си има своја цена, свое име и свое место, а јас никому и ништо не му должам.

Не знам каде и по кој повод, бев сретнала некаква реченица отприлике вака нафрлена: . . . "досадно и празно како во некоја затантена провинциска железничка станица . . ."

Тие зборови долго ме следеа на мојот пат и ми се плеткаа низ мислите како рој неизбежни муви во летото што настапуваше. Отпрвин се бранев како умеев и знаев, а потоа сé пуштив по ѓаволите.

А ваму, во оваа моја затантена провинциска железничка станица, фрлена на Бога зад грб, ме пресретнува угаснатото лице на вујна ми Лена и чувствувам дека вака повеќе нема да оди, дека мора нешто да се стори, нешто задолжително мора да се преземе, да се измени овој несносен ред на нештата, овој притисок што како бигорје налегнало врз жолтата куќа, инаку моите гради веќе не ќе можат долго да се опираат на товарот што го теглам веќе со денови. Треперам и се плашам дека вака повеќе нема да издржам и најпосле, со некоја преостаната нишка од тие испокинати пајажини на сопствената немоќ, успевам да се нурнам за миг во плитката проѕирност на себеизмамата, залулкувајќи се и повлекувајќи се во себе си, но не гледам ништо за што би можела да се фатам во таа бескрајна малаксаност од гребењето по лажниот ѕид на огледалото и тоа е најлошото од сé. Сега сум како птица во кафез. Како риба на суво. Веќе не ги следам ни сопствените траги, па дури и да знам дека сум била на правиот пат. Полека, но сигурно, го губам тлото.

Надвор сонцето пека, житото жугнало и сега во бранови ги расплиснува своите натежнати мириси, градината на вујко ми Ате грее, насекаде живот. . . а јас, сум се стуткала овде, во својот ќош и чекам, беспомошно и немоќно чекам таа да се тргне. Не знам дали добро го чув сношти вујчета, кога рече: "Те молам, запомни, ќерко! Отсега, па за понатаму, секој ден, точно во два поручек, симнувај му го јадењето долу на оној клетник. Знаеш како е. Кај нас секогаш може некој да бапне на врата. Барем вујна ти нека е горе. Да се најде, злото да не нé најде. Што да правиме, нé снајде и ова чудо, ете."

Се врткам околу кујната и мудрувам како да отпочнам со тие свои јатачки селидби од катот до подрумот и пред да пресудам со што убаво ќе ја наградам онаа издлабена цепанка долу во земуницата, беспомошно се пулам кон вујна ми Лена, надевајќи се дека најпосле ќе ја помрднам од мртвилото што така наеднаш ја прекри и здрви деновиве. Таа седно талка со очите кон прозорецот и немо ѕури кон светлината. Молчи и седи како мумија и јас најпосле сфаќам дека самата ќе морам да се снаоѓам, ако не сакам и понатаму да се нуркам во оние празни очни длабнатини на вујна ми Лена, во таа мóра што натежна меѓу нас и веќе не може ни да се гледа во неа без страв.

Се симнувам со своите картонски чуда по дрвените скали на подрумот и му носам леб на човекот, на кого дури ни името не му го знам.

Низ скржавата шепа на светлината, што низ процепот на дрвените скали мрзливо ги протега своите проѕирни прсти, ги среќавам неговите будни и втренчени очи. Матнилото од нив веќе како сосема да извеало. Тој лежи, поткренат на лакотот од здравата рака и сиот е на штрек. Оживеал некако, кутриот. По првата љубознателна сомничавост, сепак ме препозна и малку попушта напнатоста меѓу нас. Неговиот мемлосан душек се свиткал под него како отфрлена змиска кожа. Ме следи со своето бледолико и изнемоштено лице, на кое грчот сосема попуштил и јас можев дури и на вратот да го почувствувам топлиот здив што се лепи врз мене од тоа влакнесто и брадјосано чудо. Молчи и алчно ги следи моите бавни движења. Господи, дали од него избива презир, или за ова изгладнето трепетно тело моите раце навестуваат гозба. Впрочем, има сé: леб, сирење, варени јајца, сол. Ништо не заборавив. Се потргам и гледам да се мушнам некаде зад сенката на последните басамаци од дрвените скали. Се обидувам да станам невидлива, но морам да седнам, зашто ниската таваница не ми дозволува дури ни да се исправам. Не оди. Тој само молчи, ме гледа со некое чудно чувство помешано со недоверба и испитување и не мрднува од својот душек. Го следам секое движење на тоа суво, ковчесто и долгнавесто тело и со болка ги меркам ѕидиштата и таванот што ми седи на глава. Тој веќе како да ме стрела со своите темни и дури малку како наводенети очи и тивко се накашлува со својот длабок и рапав глас. Најпосле, без и најмалку желба, сфаќам. Треба да се истаам одовде. Треба да ја мрднам својата опашка. Бавно и нечујно се поткренувам и се катерам по крцкавите скали на подрумот. Некаде пред излезот од процепот, застанувам и незабележливо се свртувам удолу. Тој како волк се нафрла врз јадењето. Трпки ми минат низ снагата. Овој човек умира од глад, ме

жегнува за миг. Одам повторно во кујната и се обидувам да ископам сé што може да се најде во оставата. Освен леб и сирење, нема веќе ништо друго. Се меткам немоќно натаму - наваму и најпосле сепак се решавам да му ги однесам сите преостанати трошки. Стојам и очекувам, свесна дека тој изгладнет волк во овој миг бездруго не ја љуби претерано мојата мирисна близина. Се гледам во огледалото. Немир и нервоза читам во своите очи. Каква смисла, какво право имаат моите скапоцени мириси (наследени од заводничкиот арсенал на вдовицата од Свиштов) во оваа смрдлива и гнила дупка, среде оваа мамлива реа, Господи! Влегувам кај човек спотнат, блед, испиен, гладен, целиот враснат во брада, ранет и врз душек што мириса на земја, а јас, госпоѓицата, во летен фустан со длабок рез а ла Дина Дербин, четвртасто деколте, бела кожа, зарумени обравчиња - не, јас бездруго сум се мрднала од мозокот! Сиромав! Сигурно помислил дека сум сениште, што ли. Слегувам пак. Ме гледа немо и се прибира за миг, престанувајќи наеднаш да џвака. Се приближувам до него и му го подавам лебот, трудејќи се да го измамам најневиниот израз на своето лице. Моето шушкање го вознемирува и јас можам да му го сетам забрзаниот здив, што се заканува секој миг да секне и да се задави поради непроголтаниот залак. Го ослушнувам. Тоа е одвај забележлив трепнеж, но тој сигурно не се плаши од ништо, тој е маж . . . Сепак, не можам да се отргнам од усилбата да ѝ се приближам на таа заробена немоќ. Ја прибирам кутијата со ронки, а тој сеедно молчи, исчекува и не мрднува, седнат како кип, небаре скаменетиот Буда го пронашол дури овде својот двојник и дури не погледнува во мојата збунета насмевка. Пак се искрадувам, трудејќи се да не му пречам веќе. Тој го демне секое мое и најмалечко движење со видно олеснување.

"Како можете да дишете во оваа црвлива дупка", се осмелувам наеднаш, и самата не знаејќи откаде толкава храброст во мене, свртена и стоејќи над него, како да му зависи животот од тоа дали ќе му прозборам или не и не сфаќајќи ја сосема сета ужасија на бесмислата што ми падна однекаде на ум.

Тој ме гледа со некое благо сожалување и дури не ги помрднува усните, иако зракот што паѓаше врз неговата лузна како да затрепери во тој миг.

Не ми одговори.

Јас се свртив и почнав да се искачувам по скалите, наведната над својата кутија и засрамена дури малку поради својата глупава несмасност. Кога стигнав до последната скалила, наеднаш ме стигна неговиот длабок и рапав глас, што одекна во тесната подрумска дупка.

"Знаев дека пак ќе се свртиш."

Овој пат сосема ме збрка и веднаш крвта ми навре во образите. "Навистина?" реков. "Вие сé гледате. Дури и во ваква рог - темница кајшто прст пред нос не се гледа."

"Да. И кога на полноќ излегувам со татка ти да украдам троа свеж воздух, те гледам како се премеќаш во креветот". "Неоти. Тоа би било малку премногу, зар не", промрмори сосема збунета.

Тој пак не одговори, но ми се причини како да ми се потсмева во себе. Веројатно се мамев, а тоа и онака ми беше сеедно.

"Тој не ми е татко", реков.

И видов како низ острицата на зракот за миг се накриви големата лузна на усната, како да сакаше да изусти нешто, но бездруго само ми се причинило така, зашто освен длабоките темни очи, во подрумот сé како наеднаш да згасна и потона во глувата мрачева.

Noќеска мислев на човекот со лузна. . .

Кој можеше да поверува дека вакво чудо наеднаш ќе се надвие над мирниот дом на Ате железничарот?! Изгледаше сé толку обично и тивко во оваа изгубена и осамена куќа од предградието . . . и, ете, како одеднаш сé се измени!

Кој е тој човек? Што бара тој тука, меѓу нас? Каква е таа сила што го натерала кутриот Јане да нé турне во оваа каша. Да стане паликуќа на сопствениот дом.

(проклетство? безумие? зла судбина? војната?)

Овој темен натрапник, што подмолно ечи во подземјето е како шкорче од кое за миг може да избувне пожар во ноќта, тој како од темели да ја растресе оваа трошна куќа и сега ги кренал нашите судбини врз своите нејаки, ранети гради, чиниш, овој миг ќе нé фрли некаде во некоја длабока пропаст, во небиднина.

Веќе со денови слегувам и се качувам по дрвените скали. Ги гледам тие скришни мижуркања што го дебнат секој мој чекор и чувствувам дека со секоја скала сé повеќе и повеќе како да се лизгам во некоја неизбежна стапица.

Вчера, сосема неочекувано, почна да ме испрашува за Јане. Отпрвин, просто не можев да верувам какви сенешта не му паѓаат на ум. Те дали свирел на армоника, те дали бил шегаџија или намќор, дали го сакале девојките, дали како единец бил повеќе галеник или сам си ги свршувал работите и сé некои такви сопки низ мојот укочен ȏд ќе ме пресретнеа по скалите, што отпрвин не знаев дали да се лутам или да се смеам на сето тоа. Потоа, при секое мое слегување ќе нафрлеше по некоја ујдурма, обидувајќи се да измами од мене сé што ќе ми истекне за Јане. Да пукнеш од смеа. Вистина, мене никогаш не ми требало многу да ме тераат на тоа. Можев со саати да ломотам за својот пргав братучед. Но, ми беше чудно и необично што во себе никогаш не собрав доволно сили да го наведам со нешто барем еднаш на она што мене сеедно и непрекинато ме копкаше во тој миг - к о ј е т о ј. Чиниш, секогаш во последен миг успеваше да се повлече назад, во својата дебела кожурка, како вистински еж, но откако претходно на оној негов чуден начин сета ќе ме избоцкаше со своите смешни задевки и потем наеднаш замолкнуваше, како да не било ништо и како до пред еден миг да не се плеткал како гладно волчиште околу мојата безнадежна лековерност. Доаѓав тука, променета и чиста и му ги носев тие замотани книжни фишеци со храна, а тој со некаква чудна подбивност кон себе си, ќе се стркалаше во својот ќош и ќе почнеше полека да шушка и грицка, како некогаш свилените буби над зелените лисја од црниците, горе, на таванот од жолтата куќа. Отпрвин, молчев и се преправав во невино цицалче, а всушност,

долго и трепетно се глодав во себе - кој е и каков е овој чудак, што така одненадеж се насука во ова темно дно. Најпосле, престана и тоа да ме мачи, зашто набргу меѓу нас како да се вовлече некој таен знак за распознавање и сé си тргна само од себе, како да морало така да биде и како за тоа веќе одамна да решиле некои невидливи моќници, горе, над нас. Тој не зборуваше многу. Се смееше силно, длабоко и чисто. Како да не се криеше од никого и како да не се боеше од ништо. Беше мирен и јас по малку му завидував на тој чуден мир, што извираше од секој негов збор. Во почетокот бев малку дури и лута и не недостигаше многу за да пламнам, а сепак сé се свршуваше со оние мои тивки воздишки дека веројатно е Рус штом успеал во ваква една тескоба и гнилеж да собере цела степа мир. Никогаш не одговори на моите сомнежи, иако неколку пати ме издадоа нервите: "Па, ова не е ни шума, ни орман - ова е само една смрдлива визба 2 со 2!" Еднаш дури го нареков и "клен заринет во батак".

Чувствував дека тој предизвик малку потешко го проголта, но сепак само се накашла и ме остави да се шеметам низ мракот како слеп лилјак. Тој е некако повлечен во себе и веќе со денови одвај ќе стави нешто в уста, ништо не зборува, а неговиот мрзлив здив се шири околу мене и како некоја одвај насетлива скокотливост го обзема сето мое тело, ми се вгнездува дури во сржта и веќе знам дека тој речит молк стопати потешко ми паѓа, отколку неговите довчерашни задевања. Не можам повеќе да се преправам и знам дека наскоро пак ќе пламнам. Тој, пак, како сосема да не им обрнува внимание на моите малечки бубачки и перчења, а претчувството дека бездруго верува оти сé ми е преку глава, ме запира за миг од каков и да е обид. Станувам немоќна и смешна на самата себеси. Потоа, наеднаш се соземам и сфаќам дека црвот, всушност, рие само низ мене и трепнам дека со тие мои "пречувствителности" не правам ништо друго освен што го збунувам човекот и сакам со што и да е да го уверам дека ниеден молк, ниедна итрина не може да ме фрли во таков оган што ќе ме разголи толку за да се збудалам, да се распаметам и врескам. Не оди. Ниту имам сили тоа да го покажам, ниту тој се претрга, за да ми угоди. По ѓаволите. Најпосле, што сакам јас? Та, тој можеби воопшто и не ме забележува. Јас бездруго сега сум му токму стотото од сите сто гајлиња и којзнае дали веќе не сум му здодеала до немајкаде. Утот крај реката е поразговорлив од овој немтур, мислев. Тој како наеднаш да се претвори во глув, нем и слеп соучесник на моите "грешни" обѕири и таа тивка војна што извираше од секој поглед и што така несмасно ја предизвикав, верувајќи дека барем за миг ќе го помрднам од тоа негово "степско" седло, сега ми прилега само на некаков истрел во празно.

(Можеби се преправа. Можеби го закопал својот нож во мракот и го дебне мојот прв погрешен чекор.)

Не знам.

Го прашав за Лила. Се штрекна и истрпна сиот. "Откаде сум знаела за Лила?" "Те мачеше насоне," реков. Тој не рече ништо. Само се накашла и замолча наеднаш. Ежот пак се стутули во него. Изгледа ја утнав работата (иако не сакајќи) и

веднаш поитав да се вадам. "Лила е мајката, не ли?" "Не," одговори суво. "Жената?" Молчеше. Повторив уште еднаш - "жената?" "Чув," рече нетрпеливо. "Не сум глув."

Како да го навредив. Ги кренав рамењата и го оставив сам. Решив веќе ништо да не го прашувам. Не чувствував никаква вина, а сепак предизвикав сомничавост и недоверба кај него.

- Зошто е таков? - се прашував. - Тој може да ме задева за сé, а ваму, ни името уште не си го кажува. Нека оди по ѓаволите. Многу ми е гајле за тој немтур . . .

Вечерта ни не го погледав. Само се искраднав и измолкнав од подрумот, решена да не ја скокоткам веќе таа ранлива кожа, правејќи постојано едни исти грешки.

Но штотуку се искачив по скалите, оддолу одекна неговиот тежок и рапав глас:

"Добра ноќ, Тина!"

Се свртив и погледнав надолу, како кога прв пат ме сепна со својата несмасна задевка, ги збрав рамењата и прошепнав:

"Добра ноќ!"

"Се викам Бранко," рече тој.

Гледав и молчев еден миг, нерешително стоејќи на врвот од скалилата и, најпосле, свртувајќи му грб, рамнодушно процедив:

"Добра ноќ, Бранко!"

Утредента беше сосема друг човек и се обидуваше да ме разгали со своите итрини околу Јанета, но јас веќе не се фаќав на тие примки, а покрај тоа, делуваа и мошне излитено.

Сфати.

Ми должеше нова проценка. Поточна. И без одлагање.

" . . . има, така, некои госпоѓици со тантели, со оној танкочуден навик во однесувањето . . ." - се обиде за последен пат да исфрли нешто од стариот предизвик и не погледнувајќи во јадењето.

Лесно проникнав во тие груби сметки. Неговиот кантар не мереше точно.

"Јас не сум никаква госпоѓица со тантели. Јас сум му сестра на Јанета."

Тоа сосема го сепна.

Оттогаш ја обрна плочата.

Рече: "Понекогаш, ете, се случува да пресечам некоја деланка, но тоа не значи дека мислам така. А ти . . . не замерувај, Тина."

Подоцна разбрав за Лила. За Белград. И за штрајковите во 38-та. И за големата провала во 41-та. И за Главњачата. И за нејзината смрт.

Иако тој зборуваше суво. Скржаво. Небаре, со клешти му ги корнат зборовите.

Од минатата ноќ досега толку нешта се изменија. Ненадејно, првин оддалеку, а потоа сé поблизу и поблизу, во некое глуво доба на ноќта, одекнаа првите истрели. Наближуваа како некоја злокобна предвесница. Истрпнав и се укочив сета,

не знаејќи што се случува. Јазот помеѓу злослутните трепнежи и горчливата вистина, како за миг да го проголтаа овие ненадејни истрели во ноќта. И пред да сфатам што се случува, несвесно стискајќи ги нежните рабови на памучните завеси, низ кои се плеткав како уловена во бунилото, ги стискав дланките на усните, ги кршев прстите и се криев со некое тапо опирање на растрепереноста, што се закануваше да ме обземе сета. Но каде?! Гледав во студената непроѕирност на прозорецот помеѓу два истрела и викотниците што допираа отаде реката и знаев дека низ тој злокобен гргор бугарската патрола пак тргнала во лов, како и толку пати пред тоа.

Јас на брзина ја зграпчив доползу изгорената свеќа под иконата на св. Богородица и се втурнав надолу, по скалите. Се притаив немо до стариот ковчег на вујна ми Лена, што ја покрива скришната врата кон подрумот и се обидував да продрам во најтемниот ќош на скривницата. Попусто.

Го слушав како ечи.

Го слушав како се превртува, како да се бори со некакви сеништа, што не му даваат да здивне ни миг. Нѐ делеа само неколку кревки штици, а чувствував како да нѐ делат којзнае какви далечини.

(Стравот е длабока и мрачна пештера на неизвесноста.)

Стоев и се измачував себеси, шепнејќи и молејќи се како богомолка, повторувајќи од збор до збор некакви неразбирливи проклетства, несвесна за нив дури ни по откритието за нивната возможност, како црна кукумјавка, кобејќи и редејќи без глас.

Надвор сеедно беснееја глутниците, а јас дури не знам ни кој, ни како, ни кога ја положил мојата немирна дланка врз растурената постелнина и врз таа валчеста и накривена перница, што утринава морам долго да ја местам за да не верувам повеќе во чуда, за да не поверувам ниту за миг во смешната претпоставка дека мојата дланка е само една укочена, заборавена и застаната стрелка на часовникот што чека.

"Имате ли плат за траорна облека?" издекламирав во еден здив и истрпнав во истиот миг.

Во шивачкиот дуќан во центарот на градот и ѕунењето на мувите како наеднаш да замре. Испиеното лице на мајсторот, што пред тоа само безволно климна на моето "добарден", откако тешко и дури по третиот обид успеав да се справам со чкрипавата врата, ме гледаше како тој миг небаре проголтал жаба. Сепак, веднаш се прибра.

"Носите ли мустра?" рече.

"Да, - реков, - уште дедо ми носел таква облека."

Немаше ништо страшно во начинот на кој ми го постави тоа едноставно прашање, но веднаш штом го стокмив одговорот, како да му спадна камен од срцето.

"Добро е. Ајде дојди. Ќе ти земам мерка."

Останавме наполно сами, јас и мајсторот со испиено лице, во малечката соба веднаш до работилницата, во која, наведнати и молкнати, четири момчиња ги гонеа своите Сингерки.

"Ме праќа Брант," реков простум.

Тој невешто се обидуваше да ја скрие својата збунетост и возбуда што, очебијно тоа име го предизвика наеднаш кај него. Јас го познавав лицето на овој човек од безброј видувања и дури ни во најзбрканите соништа не очекував дека еден ден со него ќе споделам каква и да е тајна. Немав никакви илузии дека низ неговата глава се меткаат поинакви мисли. "Брант?!" - рече тој, не можејќи сепак докрај да ја одглуми рамнодушноста. "Како е тој?"

"Сега е малку подобар," реков.

"Малку подобар! Што значи тоа "малку подобар"?"

Го погледав со извесна колебливост.

"Тој е ранет," реков.

"Па каде е сега тој?"

"Како"каде"? Кај нас. Ви реков, зар не."

"Слушај, убавице. Сфатив дека е кај вас, но кај вас - каде?"

"Кај вујко ми Ате."

"Железничарот?"

"Да."

"И?"

"И ништо."

"Да, да. Сфаќам - рече, откако ме измери од главата до петиците. - Треба да го сместиме некаде. Таму е опасно, - шепнеше, чиниш, како за себе. - Токму време избрал, - продолжи во ист тон. - Сега ни пиле не може да прелета. Може ли да оди?" се сети наеднаш и погледа во мене остро, како низ неговиот мижуркав и нервозен поглед да прелета некаков пророчки сјај.

"Не, реков. - Не верувам."

"По ѓаволите," процеди тој.

Нервозата сé повеќе го засенчуваше неговото испиено лице.

"Слушај. Газдата може да наиде секој миг. Не знам што да ти кажам."

Јас беспомошно ги симнав рамениците.

"Има ли оружје?"

"Два шмајзера, пиштол, неколку бомби, муниција . . ."

"Добро, добро. Сега чуј. Во провалата многумина испоапсија. Неколкумина од месниот се повлекоа во околните села. Овде, во градот, не може ни пиле да припари. Не доаѓа предвид. Единствено . . . да, слушај. Хм! Друго и нема, по ѓаволите . . ."

Ме гледаше, како да се обидуваше да проникне и да ме прострела со својот ситен и мижуркав поглед што извираше од тоа испиено лице и за миг, не сакајќи, се вратив на вчерашните зборови од Брант (откако безволно и преку заби ја истресе пред мене својата тешка торба, од која во невреме и, чиниш, токму во последниот

миг пофти да ја вади својата луда глава, небаре полноќните пукотници го гонат на еден таков очајнички избор, на оние зборови што како вртешки ги истураше пред моите зачудени очи, велејќи "кој, Моне ли, та тој само на малиот и домалиот прст може да го заврти половина маало, тој ти е, сестро моја, еден вистински преметар, дури не си трепнала ќе ти го разврзе и најзамрсениот јазел, тој ти е, ете, еден таков и таков чуден сват, едно малечко вистинско сврдле што и низ иглени уши ќе ти се провре, таков алабашов корен уште не засадиле на црнава земја . . .

Не, не и не. Сега е сѐ поинаку, братец. Ти бездруго си се префрлил малку. (Да кренам ли раце од сѐ?) (А што да правиме со чирачките денови во Белград!) (Кроце, Монка, кроце! Колај има . . .)

"Го познаваш ли Тињакот?" се вџаши наеднаш во мене, фаќајќи се како давеник за сламка.

"Онака."

"Го познаваш, или не?" беше нестрплив, чиниш секој миг може да избувне.

"Би можела да се снајдам."

"В ред. Тогаш, чуј. Најпрвин ќе дојдеш до тополата. Оттаму одиш накај стратиштето. Нема друг пат, не можеш да погрешиш и да сакаш. На крајот, токму претпоследната куќа од десно, онаа што има малечок двор и полуразурната ограда од ќерпичи - тоа е таа куќа. Ќе влезеш во дворот и ќе ја заобиколиш. Од западната страна, кај што се потпира ридот, има џам. Ќе тропнеш двапати по три удари и еднаш само два. Разбра?"

"Да."

"Ќе се појави една девојка на твои години. Кажи ѝ само "ме праќа Кинезот." Разбра?"

"Да. Тоа е сѐ?"

"Сѐ."

Излеговме од малечката соба и овојпат не морав да се мачам околу чкрипавата врата. Мајсторот со испиено лице сам се справи со неа. На излегувањето само подвикна некако самоуверено и деловно "моме, наврати по два - три дена" и веднаш почна да ги кара момчињата што скришум ги оставија своите Сингерки, за да ме измерат поубаво. Јас им се насмеав колку што можев пољубезно и се изгубив за миг. Мајсторот остана на застаклената врата и ме гледаше со оној свој мижуркав поглед, што не ветува ништо добро. Не знам зошто, бев некако убедена дека тој не ми верува многу. По некое време, откако наближив кон Тињакот, претчувството не ме излага. Верував дека само така ми се причинува, но колку доаѓав поблизу до свијокот и тополата, одгласот од пукотниците стануваше сѐ појасен. Почнав да се сомневам за миг во сѐ и наеднаш како да ми се пресекоа нозете. Посакав да се вратам назад. Сепак, имав сили да продолжам до тополата и не треабаше да помине многу за да сфатам што ме чека. Ме пресретнаа грубите пцости на двајцата вооружени бугарски војници, од кои едниот нервозно ми пријде и ми свика да се вратам назад. Јас не покажував желба да му свртам грб и веднаш му тргнав в пресрет. Тоа како сосема да го збуни и наеднаш почна да вреска на сет глас. Откако

сосема му пријдов, тој како малку да се поколеба и рече со некој повоздржан тон дека е "блокада на реонот" и дека понатаму не може. Без да му ја мислам многу, го пресретнав со својата наместена дрзост дека сум дојдена по Жоро Маринов и дека за мене не можат да важат неговите смешни заканувања. Тој за миг ме погледна некако чудно, под око, кривејќи ги усните и смеејќи се под мустак, и најпосле, уверен дека сфатил во што е работата, некако покровителски ми дошепна:

"Лајтнантот Жоро Маринов не е тука. Замина во лов на диви гуски," и во истиот миг некако самозадоволно се раскикоти, како да ми ја открил најголемата тајна и како да ја смислил најголемата итрина што можела да се слизне од неговата лигаво - црвеникава вилица. Јас го изнудив својот најотровен поглед што можев да го истиснам од себе во тој миг и со израз на бескрајна навреденост му го свртив грбот, оставајќи му ги до гуша слатките илузии над кои сé уште се пенеше неговиот сунѓерест врат, гакајќи накај својот незаинтересиран пријател крај тополата. Се повлеков низ тесната уличка и забележав дека пред портите се собираат групи од оние најхрабрите мажи и старци, што шушукаат некакви неразбирливи шепнежи и непрестајно се пулат во правецот на тополата откаде пред малку стигнаа истрелите. (Веста блесна како молња.) Кутри јатачки каари, бре - е - еј, како да се вратија ајдучките времиња, ја . . . а млада, млада, млада, чиниш, капка роса, кутрата . . . самата си пресудила, ех . . .)

Жените им довикуваа на децата, ги кореа своите мажи и ги колнеа "старите вампири" што се чепатат по улицата, наместо да си се приберат дома и да си ја гледаат својата работа. Но, овие како да не ги слушаа нив. Јас се љубував и ги впивав тие доверливи и престрашени шумови на старците. Најпосле, сфатив дека неповратно сум се заглибила во калта на своите тешки претчувства и знаев дека тоа "девојката на мои години" ќе е таа проклетница што "самата себе си пресудила" и што "во еден ист ден две куќи завиткала во црно." Откако по извесно време бугарската колона помина покрај нас, јас веќе знаев дека тука нема што да барам, дека ми преостанува само да се вратам назад и да го поминам мостот што ме дели од уште едно искушение на патот до жолтата куќа.

(Не го поминав мостот.)

На тежок петок, како што би рекла вујна ми Лена, а јас без многу двоумење би му го придала и она "црн", не се тргало на пат.

"Ѓаволот ни ора, ни копа," велеше таа.

Да. Освен што везден ќе ти се плетка по патот, поттурајќи ти сé некакви сопки, примки и какви не итрини.

(Еднаш бездруго ќе клекнам пред кандилата на вујна ми Лена.)

Беше пазарен ден, со својот вообичаен вријавец, но сепак го дочув остриот и продорен вик на Невена кога поминував крај читалиштето.

Тинаааа!

(Ме улови. Ме фати пак, ѓаволицата. Не попусто некогаш вујче на шега нé наречуваше "четврток и петок". Таа остана мој петок. Мој црн петок.)

Се свртив немоќно, однемајкаде и со ишарет се обидов да ја уверам во својата грозна итаница. Таа веднаш се истаи од отворениот прозорец и тогаш се зарадував дека одвај еднаш ми успеа да ја одминам. Неоти. Не стигнав до половина мост, кога врз грбот ми падна нејзината шепа. Не можеше да дојде до здив од трчаница.

(Ах, вечни проклетства на малечките места!)

Ме гледаше напорки.

"Што станува со тебе, Тина?"

"Со мене? Што би требало да станува со мене?"

Се обидуваше да се воздржи. Сепак, не издржа.

"Па . . . ете . . . ме одбегнуваш. Ми вртиш грб, зар не."

"Ох, - одмавнав јас, - ти сѐ истата песна."

Мојата изнасилена насмевка и обидот да ѝ подадам рака, таа не ги прифати. Се извлече некако наназад и почна да ме мерка под око. Зборуваше сосема тивко, чиниш, симнува некој голем товар од градите.

"Знаеш, вчера татко ми се врати од Скопје. Бил и кај твоите. Чичко Перо нарачал веднаш да се вратиш дома."

"Навистина?"

"Да. Рекол уште дека можеби до недела ќе наврател и сам. Ако го немало, му рекол на татка ми, "таа пљачките на рамо и на воз!"

"Токму така му рекол?"

"Да. Зар би те лажела?"

"О, не, не. Само, мислев . . . можел и лично да ми се јави, не ли."

"Не знам. Така ми рекоа - така ти велам."

Се гледавме немо.

"Па, тогаш, довидување, Невена!" - ѝ реков простум, без да ѝ пружам рака.

"Довидување!" - прошепна таа воздржано.

Сурија влашки магариња, натоварени за на пазар, нѐ раздели за миг. Одеше бавно и стопаните со своето гласно "чункшшш" се обидуваа врз самарот на едно претоварено магаре да сместат уште две малечки влавчиња. Стоевме отспротива таа и јас, гледајќи се молкома.

"Разбрав за Јане!" - подвикна одненадеж.

Се направив како да не сум ја сфатила, но нешто посилно од мене, ме издаде.

"Што?"

Невена, чиниш во истиот миг, сакаше да тргне преку суријата влашки магариња, но сепак остана како закопана на својата страна од мостот и наведната, процеди како без здив:

"Ништо."

Ми се стори дека забележав солзи во нејзините очи. Не знам. Можеби се лажев. Впрочем, зошто би плачела таа. За мене? За Јанета? За себе?

Чуму?!

Едно знам: оттогаш веќе никогаш не ја сретнав Невена, даскалската ќерка, мојата другарка од детство.

Има лица, кои токму кога се најлути, изгледаат како да навлекле некоја невидлива маска на насмевката. Тоа се чудни лица, како што е чудна дрозерата, што се отвора само кога ги лови наивните инсекти.

Началникот Димов од утрово блуе огин на сите страни и место не го фаќа. Неговото црвено, самозадоволно лице, се тресе од лутина, но притоа како да се смее и постојано кружи од ливчето на масата (инаку, веќе третиот обид да се нафрли концептот на одговорот до Обласниот во Скопје) преку најновиот список што уште вчера му го достави лјатнантот Маринов, па сѐ до огледалото покрај чивилукот, во кое сеедно ѕуреше како маѓепсан и се пулеше без цел.

Најпосле, се врре во сликата на цар Борис.

Гледаше во "празно" еден миг, свртен со грбот кон царскиот портрет и најде дека огледалото на некој чуден начин го искривува Борисовиот профил. Но, набргу и тоа му здодеа. Единствено, расеаноста не го напушташе и се лепеше низ неговите раштркани мисли, како верна придружничка на овој "мочан" ден.

Сепак, беспомошноста со која се обидуваше да се искуба од сите непријатности што му го загорчуваа животот во последно време, не одеше подалеку од опасноста да се фати на привлечната мамка на самосожалувањето. Со носталгија се сети на младиот фон Емерлих и за краткото и среќно здивнување по бомбардировките пред три години. Тоа беа ѕвездените мигови на началникот Димов. Никогаш не беше рамнодушен кон тие мисли. И во чест на среќниот исход од таа тивка битка со расеаноста, бавно и самозадоволно го наполни своето луле. Веднаш потоа, обилниот чад му ги исполни очите со солзи и за миг порасна како паун во огледалото.

(Реа на смртта уше пирува во неговите сладострасни ноздри. Германските тенкови и аероплани уште бучат во неговите уши, железото уште се тркала и гази врз оние кучешки суводолици и му ги заслепува очите до лудило. Рим , Берлин и Токио сеедно одекнуваа во неговите гради. Тој не се предава. Неговото поле е ширно, недофатно. Да се верува во победата до последниот здив. И потаму. Да се верува во сопствената големина, зашто во очите на мравот и кепецот е џин.)

Тој сфати. На свој начин, тие беа во право. Тие бездруго беа во право. По стопати. Илјада пати. Безмерно.

(Вие Балканците сте чудно племе. Сурово. Примитивно. За вас поимот на цивилизацијата не оди подалеку од откритието на ножот, а колежот како да ви е сѐ уште единствениот начин за опстанок.)

Да. Колку грубо и остро. Но, внушително.

И зарем, пак, тоа е многу далеку од вистината?!

Ене ги и сега шајкачите и шумкарите, Арнаутите и сите крсни и некрсни милетии, па дури и овие овде влечковци (Македонци што се кажуваат!) каде секојдневно се гребат и глодаат меѓу себе како кучишта. Кој да го урне Срамниот

столб на тоа задоцнето Каиноавелие? Кој? Кој Господ? Зарем моравме и ние да си ги валкаме рацете со тие изроди, зарем моравме и ние да се вовлечеме во таа кланица еднаш, овде, покрај оваа иста Голема река?! Тие самите ќе си се нагодат сега. Оваа црна Балканска чума, забрадена во чалма, крст и омраза не знае за поголема, за потешка верност, од верноста кон ножот. Ножот е и нивен крст и нивна полумесечина. Нека врие, нека клокоти крвта на оваа тешка зараза. Ние сме единствениот чист народ сред оваа пустелија, на која и Господ грбот ѝ го свртил. Нека ги дотолчи таа беса. Нека му се затре семето на тоа проклетство, на таа циганштија, на тие црвени пцишта . . .

Во канцеларијата наеднаш бапна старшијата Жуглов.

"Господин началник! . . ."

"А ти, бе, волу низаеден, не знаеш ли барем да чукнеш кога влегуваш овде?"

"Простете, господин началник! Мислев . . ."

"Нема што да мислиш. Овде сум јас да мислам, а не ти. Разбра?"

Го гледаше немо еден миг и одмавна со раката, нервозно џбаркајќи во ќесето со тутун. Потоа пак почна да го полни своето луле и, преправајќи се дека заборавил на стутканиот Жуглов, чкрапна со чкорчето и со одвај скриена љубопитност се обидуваше да го измери трепетот на својата дланка. Немирниот пламен во неговите прсти не ветуваше ништо добро.

"Лае ли кучиштето?" - најпосле сржа разјарено, гледајќи си во ноктите, чиниш, ќе се нафрли врз збунетиот старшија.

"Само пцости," ги симна овој рамениците.

"И ти дојде само тоа да ми го кажеш."

"Од сабајле, три кофи вода . . ."

"Молк!"

Гледаше во списокот на лајтнантот Маринов. Ѕверето на јароста пак како да подаваше глава штом стана, ѕирна зад чивилукот и ја улови својата чудна црвена маска на полунасмевката.

МЕСТЕН КОМИТЕТ

1. Иван Апостолов, секретар. 27 години. Студент. Ликвидиран.
2. Цена Поп Георгиева, 21 година, монополска работничка. Ликвидирана.
3. Методие Уларски, 32 години. Земјоделец. Ликвидиран.
4. Петар Караманов, 26 години. Шивач. Ликвидиран.
5. Ниаз Фирдузи, 22 години. Без занимање. Исчезнат.

МЛАДИНСКА ГРУПА

1. Александар (Аце) Филипов, ученик. Ликвидиран.
2. Марика . . .
3. Каров . . .

4. Калешот . . .

Ликвидирано! Исчезнато! Ликвидирано! А, пак шушка! Е, мој Жоро. Ветрогон низаеден! . . .

("Од 1 февруари 1942 год., "започнуваше педантниот извештај на лајтнантот Маринов, - "па сé досега, на теренот од оваа околија, комунисти веќе нема. Откако во месец мај, истата година во провалата уловивме некои од главешините на тоа движење, црвениот ѓавол веќе не подава глава. Тогаш установивме дека само мал и безначаен дел од комунистите и нивните симпатизери, успеаја да се провлечат и да се приклучат на шумкарите, но во *втората провала,* во зимата, минатата година, овој град е чист и злото е пресечено во корен.")

"Пресечено во корен . . . пресечено во корен . . . пресечено - краставици! . . ." повтораше низ заби началникот Димов, чиниш, се пресметнува со беспомошните колони од списокот на Маринов, што цело утро му ги бодеа очите. За миг погледна во безизразната фигура на старшијата Жуглов и како да го стрела со својот закрвен поглед, наеднаш свика.

"Што си се обесил тука, бе? Ја повикај ми го лајтнантот Маринов!"

"Господин началник! . . ."

"Марш надвор! Лајтнантот Маринов реков! Веднаш!"

Симпатикусот пак го предизвика смешниот танц врз лицето на началникот Димов. Прележаната пареза, чиниш, секој миг се закануваше да заседне врз неверојатната насмевка на тоа лице. Едната страна од црвеникавото меснато лице наеднаш како да се здрвуваше, а другата живнуваше, како да сака да искокне од таа непријатна примка. Штом ќе го почувствуваше тоа, Димов веднаш ќе срипаше пред првото огледало и панично се обидуваше да го надитри тој чуден танц на сопственото лице, тој фацијален грч.

Овојпат, му успеа навреме. Чиниш, одамна, сосема одамна научил како ќе му навлезе во дирата на тоа немирно ѕвере, што постојано се задева и му ги кине и мрси конците, и потоа, откако во последен миг ќе ја смиреше својата разиграна вилица, како сосема нов човек, се враќаше бавно во својата фотелја, смркнат и впрегнат во тешката решеност да не се возбудува веќе по никаква цена, па макар и цела Софија на трепките да му се обеси поради тоа.

На вратата се појави истурената фигура на Маринов. Тој салутираше по сите прописи. Димов не се колебаше ни миг.

"Маринов, - почна тој, некако мирно, одвај воздржувајќи се и неочекувано развлечено. - "секој твој збор од извештајот мириса на лук и вода. До кога мислиш да го заменуваш участокот со некаква си литературна трибина, а?"

Убавиот лајтнант најмалку очекуваше такво прашање. Беше сосема збунет и за миг не можеше да изусти ни збор.

"Гледај само што сé не ти паднало тебе на ум: "пресечено во корен", "црвените ѓаволи", тинтириминтири, ти реков - ми рече и слични марифетлаци. Што е тоа Маринов? Извештај за господинот областен началник, или љубовна

поема на некоја си таму твоја Геновева, Жозефина, или какви сé не ги имаш веќе на душа."

"Но, господине началник, таму стои сосема убаво . . ."

"Тикви варени стојат, Маринов! Т - и - к - в - и в - а - р - е - н - и! Чу ли? Ништо јас тука не гледам од она што го барав. Фрази и само фрази. Де, фативме ова - фативме она. Де, ликвидиравме ова - ликвидиравме она. Фативте ветер и магла. "На теренот од оваа околија, комунисти веќе нема," велиш. Што сакаш да кажеш со тоа? Можеби сакаш да се измамиш самиот себе си, или пак сметаш дека началникот Димов наеднаш ослепел, почнал да халуцинира - тоа ли?" - црвениот мев на армониката на Димов пак почна силно да се тегне.

Маринов стоеше како стаписан и гледаше здрвено во својот шеф, знаејќи дека оваа канонада не смее да продолжи, зашто набргу пак ќе мора да трча по вода.

"Кој го уби фелдфебелот Јармилов? Одговори ми, гулапче мое. Кој? Вампирите? Онаа запурничавата кај Тињакот од земја да не изникна случајно? Кажи ми! Ова русокосо ѓале што офка долу, плукајќи му крвави балгами во мустакот на Жуглов, од небото да не падна? Ајде, гукни де, или гукањето кај тебе важи само во вечерните часови . . ."

"Господин началник! . . ."

"Ништо не бива од тебе, Маринов. Од тебе само ташакџиски работи, гоштевки и лумперајки. Чапканлак и ништо друго. Ех!"

Настапи една од оние долги паузи кога на црвеното лице му требаше една темелна подршка на огледалото. Маринов веќе немаше време да чека ова да се повтори пак.

"Господин началник, - побрза тој, - русокосото момче е тукашно. Веќе двајца наши проверени луѓе го препознаа и потврдија дека се вика Јанко Данев, син на железничарот Атанас."

"И?"

"Припаѓа на групата млади комунисти од градот."

"Па, што чекате, Маринов?"

"Не чекаме ништо, господин началник. Копаме."

"Копате?! Копале, орале, сечеле, дереле - знајте: ви давам рок до полицискиот час. Без резултат не ми се јавувајте веќе. Барам апсолутно точен и целосен список на сите комунистички пци, на сите сомнителни и на сите симпатизери. Разбра?"

"Разбрав, господин началник."

"Тогаш - на лево круг!"

(Старшијата Жуглов не ја љубеше претерано музиката. Рака на срце, тој не даваше ни скршен грош за музиката. А и како да ја љуби сиромашкиот, кога откако знае за себеси отсекогаш бил помалку наглув. Му беше речено само "ова ти е грамофон, а ова овде плоча, тука ти е рачката, така и вака ти се навива и точка." Тој, сепак, не можеше да се досети и да се изначуди, чуму му се тие пемпелиња. Ако требаше со нешто штогоде да се надјачат офкањата и викотниците во участокот,

тоа него ни најмалку не го тангираше. Нему не му пречеа. На кого му се тенки ушите, нека си ги затне со восок. Тој си ја гледаше својата работа и не можеше никогаш да разбере зошто и тие не си ја гледаат својата работа, туку постојано и насекаде си го пикаат носот. Немаше пиленце што нему ќе му паднеше во шепите, а да не пропее. Тогаш што ќе им е таа музика, не еднаш се прашуваше. Но, колку и да го напрегаше своето воловско чело, тој пак не можеше да им влезе во тајната на тие "салонски" задевки. Сега, тукуштo ја наврткa таа смешна инка, ги подви ракавите до лактите и се накостреши да го меси кревкото тесто. Се промешколи самозадоволно и тргна кон склупченото момче во ќошот, но тогаш врз неговото широко раме се спушти шепата на лајтнантот Маринов.)

"Жуглов, прошетај малкуцка," му шепна на уво тој.

Старшијата без збор се сврти и веднаш му се покори на намирисаниот офицер.

Во големата просторија на участокот, што инаку на шега ја викаа "црвениот салон" (поретко "сала за танцување"), освен една маса и стол, грамофон и скржава сијалица, немаше ништо друго. Врз решетките на прозорецот беше закована штица. На вратата скришна окалка.

Јане и Маринов останаа сами.

Светнатите чизми на Маринов создаваа силен крцкот од расклатените штици на "црвениот салон". Го гледаше со змиска укоченост убавото, но сосема изобличено лице на Јане. Појде до грамофонот и со негуваниот шилест нокот од малиот прст го исклучи гласот на Империја Аргентина. Му се приближи сосема, само на чекор и застана над неговото струполено тело во ќошот, престанувајќи да го предизвикува несносниот крцкот на штиците и гледајќи од висина право в очи. Наеднаш, клекна покрај него и му се загледа во оние темни жегавици, што во тој миг не изразуваа ништо освен умор и одбивност.

"Калеш," изусти тој.

Низ Јаневите жили како да помина струја.

"Калеш," повтори Маринов.

Сега веќе немаше никакво сомнение. Овој човек му го знае и името и презимето, а веројатно знае и многу повеќе од тоа. Јане се збра сиот, како растреперено голуждраво птиче и ги рукна своите колена дури до гркланот, мотајќи ги во цврстиот преграб на своите жилави раце. Тој здрвено демнеше во чатма - веѓите на бугарскиот офицер и како навиена челична опруга го чекаше следниот напад.

"Сакам само едно да знаеш: Г е н а  н е  с е  и з в л е ч е!" рече Маринов, нагласувајќи го со некоја драматична уверливост скоро секој слог. "Таа самата си пресуди и така завршува секој што ќе намисли со глава ѕид да бута. Те гледам, млад си. Ептен аџамија, што се вели. Зошто се измачуваш самиот себеси? Кажи им сѐ што бараат од тебе и нема да се покаеш, верувај ми."

Јане не се помрдна во својот ќош.

"Знам, како што знам дека ракава е моја - сé, сé ти е попусто, - продолжи Маринов. Тие го знаат одговорот на секое прашање, а тоа што го бараат од тебе, тоа не е ништо. Ситници се тоа, Калеш. Ситници што за тебе многу можат да значат. Премногу се жртвуваш. Вака ништо не добиваш, а ако продолжиш со својата тврдоглавост, можеш да изгубиш сé."

Јане не го издржа зажарениот поглед на зелените очи. Се опули кон решетките на прозорецот и потона во некоја невидлива точка, не мрдајќи, како да блада.

"Грешиш, момче. Грешиш," изусти Маринов.

Јане веќе ја изгуби сметката за часовите и времето. Тој веќе не знаеше што се случува надвор и дали царува тромата полициска ноќ, или пак веќе наголемо владее сонцето од високите Маркови кули. Оваа просторија немаше никаков допир со надворешниот свет и поклопените стрелки на дванаесет од часовникот на Маринов не му кажуваа ништо. Ја имаше пред очи само оваа мижуркава светлина од скржавата сијалица и одвреме навреме воловскиот сурат на старшијата Жуглов.

Последните мугри (што ги пречека со таква чемерна будност) невратно згаснаа на неговите капнати трепки и исчезнуваа од неговата свест.

Во Џ . . . никој не можеше да поверува во смелоста на намерата што го дигна од далечното планинско село на еден таков трнлив и неизвесен пат.

Гена постојано велеше "едно се картите, а друго директниот судир со опасноста што дебнее зад секое дрво, зад секоја грмушка на патот."

Обидот да се извлечат другарите од провалата во градот и да се приклучат на бригадата (што толку долго го посакуваше тоа неодложно освежување) не можеше да се стекне во еден понепогоден миг од овој. Будноста на Бугарската полиција по градовите, апсењата, сатрапот и сите грмотевици што одекнуваа од далечните пештери и волчјите јами на ранетиот ѕвер (како небаре поверува во некаков фантом, што ли) не допуштаа никакви прелаги.

Омарнина се надви над градот покрај Големата река. Тешкиот здив на источните хоризонти забревта и над овие црвени суводолици.

Гена и Јане, во една од тие мугри, се провлекоа низ иглени уши, чувствувајќи го умморениот пулс на градот и окупацијата и се спуштија во тесниот двор на полуразурнатата куќарка на крајот од Тињакот. Кучешкиот лаеж и кукуригот на петлите им беа единствените сведоци.

Три дни попусто преткаа и се обидуваа да мрднат од мртва точка. За миг, врската со "Кинезот", како да ги охрабри. Тогаш, Јане (не можејќи повеќе да ѝ се опира на неизвесноста и бескрајното надевање во "погодниот" час), за миг ја подаде својата љубопитна глава од "дупката" и тогаш наеднаш колата почна да се струполува. Го пресретнаа сомничавите возгледи на најмалку десетина познати лица низ сокаците. Кога токму пред полицискиот час до "дупката" се довлече Гена, пред него како допрва да се испречи злокобната сенка на бессоницата. Морничавата ноќ падна врз неговите плеќи со сета своја тежина.

Не ѝ рече ни збор.

Само се збра во длабочината на своите ковчести раменици и ја дочека зората на нозе, обидувајќи се да ја измами блокадата, да ја сврти неумитноста на потерата и да ги развее во прашината сите траги на збеснатите загари. Пукаше и викаше, бегајќи како луд, губејќи го здивот и чувството за вина, бегајќи од сопствената вина и самообвинувањето, далеку, далеку во прегратките на една неверојатна мисла, побрза и од разумот и сфаќањето, побрза дури и од призракот на огнените топчиња што се забиваа низ врвицата и прашината што ја оставаше зад себе. Бегаше и се врткаше во цик - цак и не му паѓаше на ум да им се предаде веднаш. Чиниш, стопати посака да го стигне меретијата, да го ничкоса докрај таа огнена ала што се загна по него. (Луда главо, што ти е пишано сама да свиваш и сама да растураш секакво оро за кое ќе се фатиш!)

Падна кај оние треви зејтинлии, крај оние жабјаци и смрдежи од понорницата над Тињакот и чиниш ги чести со она старо и одвај забележливо пркосење бугарските душкала, како да им благодари што дошле дури до папокот на волчицата, во овие последни дувла, во овој последен збег од кој веќе враќање нема.

Маринов веќе знаеше по сјајот на модроокиот ѓавол дека тој него, всушност, и не го слуша. Му го протресе рамото. Јане го сви својот стаклест поглед кон орловските црти и се ѕвре во него, како да го проѕира до срж.

"Од неодамна, - рече овој, како да срка медовина, - Тина е моја свршеница. Ти не знаеш . . ."

Уште не дорече сѐ, црвен балгам се разли низ чатмаливеѓите на бугарскиот офицер.

"Пес! - рикна бесно и срипа како попарен Маринов. - Ќе те натерам во мајчината, мршо саката. Ќе те одерам како пиле! На тепсија ќе ми играш. Ќе те здробам. И тебе и твоите стари красти и онаа твоја сестра ченгија," викаше и удираше како крвожеден и разјарен ѕвер. Од неговите шилести чизми, со кои како луд ги черечеше крвјосаните вилици на Јане, на сите страни џоркаше крвта и заедно со обилната слуз, се лизгаа искорнатите заби од истурената челуст. Го грабна за руските кадри и го подигна како расшкембена стока во висина на клецкавите колена и чиниш, истиот миг, како пиле ќе го заколе.

"Гнидо! Гнилежу! Ќе ве дотолчам. Ќе ве дотолчам сите. А неа . . . неа, шугавата овца, тука, пред тебе, ќе им ја подметнам на Жуглов и братијата да ја пердашат еден по еден и наместо да ѝ ја подмачкаат ´рѓата, ќе ги испијанам како скотови и со мочка ќе ја бербатат фанфулата. Разбра?!"

Го тресна и отфрли во ќошот како вреќа и плукна во него, како да плука во скапана мрша.

"Жуглов! Ваму! Ајде, сокле преславско, покажи му на мрсулот како гази германскиот тенк врз црвените пцишта."

Ја тресна вратата од "црвениот салон" и се витоса некаде, како човек што наеднаш ја изгубил моќта и да гледа и да зборува и да слуша.

Среде летната жега, тука, веднаш до патот, од угурсузлак ли, или пак од некоја бескрајна денгуба и узур на момчаците, залудна двојка магаре и магарица бревтаа опашани, откако пред тоа стопати безуспешно се бркаа, рикајќи низ орманот. Гонети од неизбежниот рој муви и штрклицата, нивните куси опаши како да не можеа да сторат ништо, а момчаците, откако се уверија дека шегата сосема им успеа, испоседнаа со своите врбови шиблинки врз стрништата крај патот и се дереа на сет глас.

"Ајде Марко - о - о - ооо!"

Сејбијата на тенконогите ушковци (стопанот беше пристар човек) со несмален бес го удираше "Марка" по грбот и се обидуваше да ги раздвои настрвените животни, но со тоа само ја зголемуваше момчешката веселост и задевањата, што како разлетани камења се тркалаа по неговиот грб. И навистина, убаво се виде дека бувтанбегот не го поколеба ни најмалку "Марка" и во таа нерамна битка со ајваните како тој самиот да го извлекол најдебелиот стап, наеднаш се сврте кон разгаканите шејтани и почна да ги брка накај орманот. Но тие ѓаволиштата, само го маткаа кутриот стопан во круг и одненадеж се појавуваа од другата страна на патот.

Токму во тој миг, некаде откај реката и мостот, кревајќи огромни облаци од прав, наиде Маринов со своите гавази, во црната лимузина на бугарската полиција.

Изнервиран, веќе и поради самиот свечен тон во "испраќањето" на началникот Димов, поради црвениот балгам што сé уште жестоко го печеше меѓу веѓите и поради сé што го окружуваше деновиве, оваа неочекувана глетка што им се испречи на патот и ги принуди да се запрат среде прашината и несносната жега (каква глупава балканска ујдурма, о Господи!) како сосема да ја преполни чашката. Излета како фурија на патот и почна да вреска на сите страни. Но, неговиот бес тука ништо не помагаше. Се накостреши сиот, го проголта својот жолчен наплив, се врати назад кај воланот и тргна право на заклечканите животни. Потоа, се обиде да ги заобиколи и откако сфати дека неговата возачка вештина тука ништо не помага, излезе пак од лимузината, се фати за футролата и, извлекувајќи го својот пиштол, нанишани право во главата на "Марко". Беше сиот растреперен од бес, но стрелаше прецизно и точно во главите и на едното и на другото животно. Погодени магарињата наеднаш малаксаа сосема и се струполија на патот. Тогаш Маринов ги повика своите гавази и им нареди веднаш да ги истаат. Се врати бргу пак кај својот волан, ги сочека за миг своите сопатници и појде право преку "слатката смрт" на ајваните. Зад нив, изгубени во облаците на прашината, останаа само оние избезумени опули на стопанот, момчаците и прегазените животни, а бугарските полицајци со предизвикувачки ишарети мавтаа од задното седиште во правецот на исплашениот човек.

"Говеда! Стока неука!" - се жестеше Маринов и цедеше низ заби некакви одвај чујни пцости. "Шопја вошкилави!"

"Ама им запрживте, господин лајтнант! . . ." гакаа гарваните во лимузината.

Маринов како да не ги слушаше ни нив, ни мувите што се вовлекоа внатре, ни своите жолчни изливи, само се врткаше стеснет на своето седиште и мавташе со растреперената дланка, обидувајќи се да ја разреди прашината од своите усни.

(Полн сум. Полн и преполн од сé, мислеше тој. Што барав, а што најдов. Кај појдов, а кај стигнав. Среде овие тешки волкоебија, жабјаци, голеж. Само чмаење и пустош. Неукост, божјаштво и сакатлак. Ништо од проклетствата на убавината, ништо од загадочноста на женскиот лик, ништо од големите страсти . . . и надевања.)

Тогаш, пред неговите очи, со ништо непредизвикана, се изви онаа дива полунасмевка на Тина Витанова и наеднаш ги стисна забите, небаре ќе ја истисне од своите збркани мисли. Попусто. Жолтата куќа крај свијокот веќе се наѕираше низ облаците од прашина. Однекаде, полицаецот во неговата свест се притаи и ѕирна низ малечкиот отвор на сомнежот, како да го кори што се замајува со такви залудни мисли. "Тој" имаше поинакви планови со Маринов. И знаеше. Како одамна, како отсекогаш само на тоа и да чекал, ја шутна дрвената врата на градината пред жолтата куќа со своите правливи чизми и се упати кон прагот. Тропаше на влезот како да клука во градите на најтврдокорниот виновник (Рица ли треба да ѝ чиниме на проклетијата!)

Тина, потпрена на дланките, врз кои раскошно и со некаква стара постојаност во навиките на една бунџавица се плеткаа нејзините долги руси коси, отпрвин ништо не чу.

Зелениот тефтер, фрлен настрана веќе со часови, го истисна од себе и последниот отпор на закатанчените корици (со ногалките од стариот железен кревет) и со гласен шушкот се преклопи за последен пат. Стигна пред тоа уште само да нафрли како низ некое бунило "кругот се затвора . . ." Ништо друго.

Веднаш го позна неговиот глас. Немаше веќе ни страв, ни сомнение. Само некаква тешка, скоро кобна принуда ја пресече наеднаш нејзината постојана задуманост над нештата што полека се слизгаат по работ на минливоста и, од тој миг, како да беше готова да му се предаде на отпорот што веднаш, и без каква и да е очекувана блискост, нагрна шумно во нејзините гради. Се спушти по басамаците, се притаи зад процепите на подрумската скривница и прошепна како без здив: "Варди се, полиција!"

Вујна ѝ Лена, збунета и исплашена, не сфаќајќи сосема што бара од неа сега овој бесен Бугарин што се разгакал како гавран, стоеше беспомошно на прагот.

"Каде е Атанас, реков? Глува ли си?!" - се жестеше Маринов, чиниш, идниот миг ќе ја клоцне и ќе ја згази како стока.

"Вујко ми е на станицата", се огласи Тина, приближувајќи се сосема до прагот. Маринов се преправи како да не разбрал ништо.

"Ах, и ти ли си тука!" - простенка (како да е токму таа што последна очекувал да ја сретне тука) и појде кон неа, буткајќи ја ревносно збунетата жена, чиниш, ужива во таа изненадна глетка, под вакви чудни околности и како допрва да ѝ ветува доказ за тоа. Им даде набрзина знак на своите придружници и ја потфати Тина под лактовите, воведувајќи ја во кујната, како тој да е дома а не таа. Ја остави да стои до масата и погледна во неа со онаа стара кавалерска багатела и штедрост, истурајќи ги како на дланка: и сожалувањето и бесот и недопирливата надмоќ на својот леден орелски клун.

"Одговарај само со "не" или со "да" и не сакам ништо да ми плеткаш и кроиш во таа умна и преумна глава. Разбра?"

Тина гледаше во него како да е заразен, Не знаеше до каде ќе оди сето ова.

"Јас знам дека е така, но жедно чекам ти самата тоа да ми го кажеш. Колку долго си со црвените?"

"Смешно."

"Ти реков да одговараш само со "не" и со "да"."

"Не доаѓа предвид."

"Ти, госпоѓице, изгледа воопшто не си свесна во што си попаднала. Ти не знаеш во што си се сплеткала и каде се наоѓаш во овој момент. Не знам дали воопшто некој ќе те расплете од сево ова. Но, бргу ќе ти се разбистри. Ти ветувам."

"Воопшто не сте убедлив, верувајте."

"Немој да го чепкаш ѓаволот во мене."

"Ќе ве скарам со единствениот другар, што ли?"

"Слушај ти . . . ти . . . знаеш ли ти каде се пикаш воопшто. Знаеш ли?"

"Да."

"Значи - признаваш?"

"Не."

Маринов најпосле сфати. Пребледе, позелене, потемне.

"Те апсам! Те апсам и тебе и твојот глупав вујко и сета твоја црвена, шумкарска сурија. Ве апсам сите!" Лена почна да се тресе во рамениците, крстејќи се и треперејќи сета, а Тина веќе не го криеше презирот во своите очи. Сакаше да ѝ пријде на вујна си, да ја допре или утеши со што и да е, но чувствуваше само немоќ и бескрајна потиштеност. Во тој миг, во куќата го довлекоа вујко ѝ Ате, возбуден и потемнет во лицето, но решен да ги почести своите неканети гости со оној речит и стамен молк, што уште повеќе го разгори пламнатиот Маринов. Веќе со својот следен чекор, бугарскиот лајтнант покажа дека не мисли многу да денгуби со нив и се растрча со своите гавази, правејќи неописив метеж и шум низ куќата и откако по извесно време ги израстурија и чаршафите и чергите и перниците и масите и столовите и сите скриени ќошиња и отворени дупки, тој со несмалена жестина почна да ги исфрла во коридорот книгите на Тина. Беше навистина жалнa таа негова полициска мудрост, зашто тука освен (Гете, Ниче, Шилер), не можеше ништо да ископа. Се жестеше и викаше како дивјак, барајќи ги низ таа беспомошна заслепеност црвените бурјани во една толку бујна и плодна нива. И откако се увери

дека неговата итрина овој пат не вроди со плод, се запре наеднаш на лицето од Жестина (скоро не верувајќи) и виде како таа се раскикоти од сé срце. Вујна ѝ Лена, иако сосема скршена, погледна во неа како да поверува дека нејзината кутра внука одненадеж се помрднала од умот, но штом ја виде брзата и груба промена на тоа убаво лице, (нагрдено во тој миг од толку скриена јад) како да ја проколнуваше нејзината ледена бездушност. Маринов се устреми удолу кон неа, чиниш, бездруго овој пат ќе ја удави со своите трепетни дланки, но токму во тој миг, еден од гавазите се испречи пред него и со некоја победоносна укоченост на лицето му ја предаде партизанската курка на Брант, што тој најверојатно ја заборавил во некоја од полноќните излегувања со вујко ѝ Ате. Душкалото со незаситена глад, како рис се нафрли на тој ненадеен траг.

"А ова?! Што е ова?! Што ќе речеш сега за ова? Ајде, да чујам. Зборувај. Кого криеш во куќава. Зборувај, бе, куче низаедно!" се устреми кон Ате и од него прсна и последниот меур на надуеноста. Веќе сосема немаше периз пред Тина.

Во коридорот се слушаше само пригушеното липање на Лена. Полицајците ја меркаа под очи.

"Во лозјето ја најдов," изусти Ате.

"Во лозјето ја најдов", повтори кенкаво Маринов. "Велиш? И си ја зеде за бостанско плашило. Нели?"

Тина и Ате стоеја истрпнати, гледајќи во подмолниот и подбивен клун на Маринов и го слушаа одекот на неговиот вик. И наеднаш, тој се сврти накај своите гавази. "Подрумот и таванот! Сé! Секое ќоше. Секоја глувчова црнка. Напред!"

(Поминаа стотици, поминаа илјадници возови од оној самрак, што сега одненадеж се притаи во некој преостанат дел од детството на Тина, за кого таа одвај и ако беше сосема свесна, верувајќи дека веќе одамна и невратно изветреал во метежот на годините . . .

Како да исплива, како да нагрна од некој далечен, од некој бескраен тунел . . .

Јане врапито се гнездеше во таа шеметна слика и не ѝ даваше мир.

Цело попладне се моткаа околу шините, тополите и врежот и како штурци цврчореа околу жолтата куќа, низ омајот на сите прелаги и преправања, низ вртоглавицата на последниот лет околу гнездото на секојдневната криенка, околу подбивниот кикот на Јанета и неговата "еленџиска" непобедивост. Ја бараше и ја губеше со часови и последната надеж дека најпосле ќе ја открие таа длабока и темна пештера, во која белки еднаш ќе успее да ја сокрие својата толку проѕирна опашка, далеку од несносниот кикот на Јанета, како итрец над итреците, како лисица над лисиците.

Цел ден ѝ мина во мижаница. И најпосле, кога веројатно Јане помалку како да свидна над нејзината смешна умора и немоќ, таа токму некаде пред самарак како наеднаш да доби крила и се вовлече во тукуштo пристигнатиот клопарник, сета истрпната и нема, небаре е слеп лилјак.

Возот тргна, а таа, пред воопшто и да се свести каде е и што се случува со неа, остана заробена во ќошот на смрдливиот вагон. Отпрвин поверува дека Јане

пак ја насанкал и уште еднаш се сити над нејзината безнадежна лековерност, но набргу сфати дека работата е далеку пострашна.

Ноќта се закануваше од запад, а таа попадна во една тешка и мрачна стапица, од која не гледаше никаков излез. Се обеси врз рачката од празниот вагон што никој пред тоа не се сетил да го затвори докрај и почна неутешно да реве и довикува, да му се моли на Јанета и да се тресе, премирајќи од страв. Ништо не помогна. Плачејќи и треперејќи како голуждраво ластовиче во ќошот на смрдливиот вагон, ја открија и најдоа дури во Велес, избезумена сета, чиниш, уплавот ѝ се вовлекол дури во коските, па штрека од секоја сенка. Преспа таму, а утредента кога ја довлекоа кај вујко ѝ Ате, Јане како да се сокри во најдлабоката глушчова дупка. Се маткаше цел ден околу куќата и расчепкуваше со шиблинката нешто околу некоја умрена кокошка, што подоцна нешто од расеаност, а нешто од глупавата верба на аџамилакот (дајте ми го ваму оној што ќе му одолее на копанчето со бело мевце!) им ја тресна таа пердушеста мрша право во кошот на разбуричканите пчели и, најпосле, сиот испокасан, се добра дома, со лице како барабан и со глава како скапана лејка, та стопати да го удриш тој нема да мрдне, а камо ли да офне . . .

"Ништо, господин лајтнант", пресудија гавазите. Маринов наеднаш како да се примири и собра сиот и престана да блуе огин. Погледна со некоја необична укоченост во набраните веѓи на Жестина, им покажа со очите накај излезот и ги поведе сите право кон црната лимузина.

"Емил, ти со мене! Вие останете на станица. Ќе испратам по вас."

Ја турна Тина покрај себе и тргна кон градот, не обѕирајќи се наназад и вртකајќи го воланот низ облаците од прав. Во градот беше пазарен ден и тие тешко се пробиваа низ толпата народ. Маринов притискаше на сирената докрај, но притоа воопшто не ја покажуваше својата возбуда, лутина и бес. Како да реши наеднаш да се повлече во себе и затечен во клопката на заканата од својот шеф, ги пребираше потајум тенките сметки за времето што ита како споулавено во прегработ на полицискиот час, а тој сѐ уште не ни мрдна од мртва точка. Тина седеше покрај него, укочена, како восочна кукла и не можеше да поврзе крај со крај. Мислите ѝ летаа на сите страни. Таа ништо не можеше да сфати. Стравот, како оловен стражар во градите, ја вардеше од секаков обид. Седеше како да е закопана во црниот оклоп на лимузината од бугарската полиција.

Таму, во участокот, само што влегоа, ја пресретна уште едно изненадување. Веднаш ги разделија. Беше наредено таа да биде приведена пред началникот Димов. Се чинеше дека тоа не му е по волја ни на самоуверениот Маринов, зашто штом ја слушна поракаta, се намршти и некако со тешко срце се упати кон својот шеф. Началникот Димов, свртен со грбот накај нив, беше загледан во прозорецот, како да му е богзнае колку важно она што се случува надвор од оваа зграда. Само ја поткрена раката, давајќи му знак на лајтнантот Маринов да ја напушти собата, се сврти тромо, бегум мина со погледот во згрчената Тина и седна кај своето биро. Мирно, влечејќи и испуштајќи големи облаци од чад, тој како да го милуваше

своето луле и се вдлабочуваше во некаков ракопис, божем е бескрајно понесен од неговата содржина.

"Значи, - почна развлечено тој, - ти си била таа ретка птица."

Тина ништо не му одговори.

"Колку години имаш, моме?" праша, како ноктите да си ги брои.

"Во август наполнувам деветнаесет."

"Деветнаесет", - рече Димов, како да е одушевен од звукот на тој збор, - "Колку убави години, девојко", рече мирно и тргна кон прозорецот.

Тина само ги симна рамениците. Потоа, како одненадеж тој да се присетил на најважното и како допрва да го забележал нејзиното присуство, се упати кон неа, приближувајќи ѝ се на половина чекор.

"Телефонираше госпоѓата Бонева, вашата мајка", рече и погледна во неа, испитувајќи го впечатокот што го оставија тие зборови врз тоа убаво и згрчено лице на русокосата. Таа не покажуваше никаков интерес.

"Се јави госпоѓата ваша мајка и рече најдоцна до утре сабајле непремено да си во Скопје. Ме слушаш ли ти мене, воопшто?"

"Да", изусти тивко таа.

"Тогаш, се разбравме значи. До утре сабајле. Слободна си."

Тина се колебаше еден миг.

"Слушајте, господине . . ."

"Димов", рече тој.

"Господине Димов, што ќе стане со моите?"

"Со кои твои?"

"Со вујко ми, со Јанета . . "

"Тебе да не ти е грижа за тоа. Се знае кај е твоето место. Во Скопје. Утре сабајле. Разбра?"

"Господине Димов, јас не си одам оттука дури . . ."

"Ќе бидеш присилно спроведена."

Димов се загледа во своите списи, давајќи веднаш на знаење дека за него разговорот е веќе завршен.

Тина сфати. Тука повеќе ништо не можеше да се стори. Таа ја наведна главата, се сврти сета во грч и шумно ја напушти собата на началникот Димов.

Со часови седеше на дрвената клупа во коридорот на участокот, ѕурејќи немо и разочарано во трошните ѕидови со безброј извиени цепнатинки. Никој не ѝ пријде за сето време. Сите ја вртеа главата од неа, како да е жртва на уроци, како да е заразена од чума.

Ништо не ѝ одговараа, ништо не ја прашуваа, воопшто не ја забележуваа.

Мина цело пладне, почна веќе да се смркнува, а неа никој не ја ни погледна.

Најпосле, како да извира од некој грд сон, во коридорот наеднаш бапна лајтнантот Маринов, сиот забрзан и спотнат и таа потрча кон него, како да чекала само тој да се појави и како токму тој да ѝ е последниот спасител.

Но Маринов помина покрај неа, не обѕирајќи се, презрив, полн со омраза и бес. Потоа, одненадеж, подзастана, сѐ уште не свртувајќи се, како да се премислува за миг. Се сврти наеднаш кон Тина, небаре, токму сега ја решава загатката што долго го измачувала, и најпосле решително ѝ пријде. "Да чујам, госпоѓице!" ѝ рече. "Маринов . . . вие знаете . . .," изусти набрзина таа, потстанувајќи. "Јас н и ш т о не знам!" грубо ја пресече тој. "Каде е вујко ми?" му се внесе в лице Тина. "Каде е вујко ти? Каде е вујко ти, велиш?! Дојди!" - ја зеде под рака и ја поведе со себе, упатувајќи се кон една од соседните простории. "Жуглов! Емилчо! Елате ваму!" им свика тој на своите гавази што се меткаа низ коридорот. Ја отвори големата коцкава врата на влезот од претсобјето на "Црвениот салон" и им кимна кон девојката. "Ајде, момчиња! Покажете ѝ на госпоѓицава каде е вујко ѝ. Бргу! Без денгуба!" и шумно ја тресна вратата.

Застана на прагот, ги рашири нозете, ги скрсти рацете на градите, ги набра чатма - веѓите, ги ококори оние зелени очи и го извиши некако орелскиот клун.

Жуглов се опули кон Маринов, стоејќи нерешително за миг. Предобро го познаваше тој орелски устрем за да ја утне наредбата, но сепак стоеше нерешително на средината од собата, ѕурејќи во наперчениот лајтнант, здрвен како кип.

"Жуглов, ајде, сокле преславско. Рица ли чекаш, мамката твоја?"

На Жуглов не требаше истата пцоста двапати да му се повторува.

Тој веднаш нагрна кон Тина, приклештувајќи ја во своите канџи и ја кутна наназад врз масата во претсобјето, токму зад нејзиниот грб. Таа пребледе, истрпна сета, се вџаши и вчудовиди од неочекуваниот налет на бугарскиот старшија, па одеднаш списка и почна да се опира, сфаќајќи ја в миг подлата цел на Маринов, ужасната, но решена да се бувтали, да гине и да ечи ако треба и до последниот здив. "Пушти ме! Пушти ме, муцко погана!" викаше таа колку ја држи гласот, а Жуглов, иако потпомогнат од Емил, сепак не успеваше да се справи со здивената девојка, распретана на масата, што гребајќи и мавтајќи под него, се прпелкаше како ранета ѕверка во својот претсмртен грч. "Рацете, држи ѝ ги рацете, Емил!" Таа плукаше, пиштеше и се измолкнуваше од неговите цврсти преграби, а тој безмилосно и гневно ја сосипуваше со шамари, изгнасувајќи ја сета со своите и нејзините плуканици по лицето и вратот.

Беше попуст нејзиниот отпор.

"Сите ќе ти се изредиме, чумо! Сите!" стенкаше Жуглов над неа, обидувајќи се да ја совлада на работ од масата. Но најпрвин мораше сосема да папса таа несопирлива вртешка, таа запенета запурнина мораше сосема да се скроти, освен ако не сакаше натрапникот да се осебапи врз еден беспомошен и неподвижен труп. Тогаш, пред да ја изгуби свеста, пред самиот раб на бездната во која ја туркаа тие силни рачишта, тие распетлани "камшици" на мажјаците, Тина го фати презривиот сјај во очите на Маринов, склештена меѓу стенкањата, плуканиците и животинската реа, ја истргна спотнатата дланка за миг и со сета сила (пред сосема и да сфати што се случува) ги срина ноктите во воловското чело на Жуглов.

Низ претсобјето на "Црвениот салон" одекна рик на ранет ѕвер.

Жуглов се ничкоса крај масата, стискајќи го во дланките својот киклопски сурат.

"Оф кучкооо! Ееej, ме ослепи курвиштено! Каде си?! Каде си, чумо?! Каде си, змијо отровнице?! Оф, мамката твојаааа!"

Тина се истргна од масата и како сенка се притаи, се слепи до ѕидот, растреперена, изгубена, нема.

Жуглов виткајќи се од болка и гнев, го впери пиштолот потамина и рукна по масата.

На прагот стоеше началникот Димов.

Маринов стаписано се ѕвереше де кон него, де кон избезумениот старшија, отстапувајќи.

"Што станува овде?" се раздра Димов, на сет глас.

Иако сиот збркан, Маринов сепак процеди:

"Господин началник, Жуглов се пошегувал со девојчено."

"Со "девојчено"?! Знаеш ли ти, магаре низаедно, чие е "девојчено"?"

Наместо одговор, Маринов скаменето отсалутира пред својот шеф. Потоа, со мачешки чекор се упати кон гневниот и полулуд Жуглов, удирајќи го со дршката од револверот, токму по средината на тилот.

Жуглов се спростре на подот колку што е долг.

По некое време, Тина, сосема скршена, се упати кон скалите и тргна надолу кон улицата, без цел.

Низ неа, како некаков подмолен виеж на крвта, како таинствен шум и глас што доаѓа од огромни далечини, допре закланиот крик на Јане и таа не беше свесна дали пак безнадежно залутала во тунелите на детството или пак омајното вслушување и трепнежот на шините навестуваат некакви далечни и досега невидени возови.

Зад прагот на жолтата куќа ја чекаше Брант и таа несвесна дека тој дури воопшто и постои, немоќно капна врз неговите оросени гради, тонејќи во неговата длабока и темна прегратка, чиниш, без и да ја почувствува опасноста, наеднаш се урнала во некој стар и заборавен бунар.

"Ме спаси оџакот од летната кујна, " шепнеше тој, чиниш ја милува со своите безмислици и сеедно се обидува да проникне во аловината на разбушавените коси што се плеткаат во солзите и потта, во црвените врутоци на срамот и во гордоста на негибнатата самосвест.

"Бев насаден како гламјосана ластегарка, но барем со поглед кон небото."

А таа се криеше во градите на тоа живо и бликнато тело, голтајќи го здивот на штотуку откриената блискост и за миг се уплаши да не ја потфати ненадејниот пламен јазик на таа врглеста цепанка.

# ЕПИЛОГ

Во војната никогаш немаше доволно сапун. Најчесто се переше со ума. Таму, кај вујна ѝ, некако уште и се снаоѓаа, но овде работата беше подруга, откако нејзините токму навреме се истаија од градот, немајќи сепак доволно дрзост да се испрчат со црвени знамиња на плоштадот. Жестина, всушност, затекна празен стан.

Сега, гледајќи по малку натажено во својот убав син фустан со бели точки (пред тоа пет пати поминат низ млака вода), сфати дека одвај ја збира во половината, иако само пред десетина минути го испегла со тешката јутија, останата уште од времињата на баба Димана, како што се вели по нашите куќи. Таа се гризеше и си префрлуваше самата себеси што испадна таква "овца" и шмугна како залангур низ горјето со одредот на Брант, без да си понесе барем некое парче од оние свински ("коџамити ќерпичи") што вујна ѝ со толкав севап ги влечеше од село. Се еден, само со еден од нив, переа по цели недели. Но залудно беше сега да се мисли на тоа. Онаа стара зилјарка во неа сепак се беше притаила за миг за да ги отсонува со отворени очи сите невидени чудесии: жубор од планински слапови и реки од пена. Но војната сврши, а вујна ѝ Лена последен пат ја виде уште минатото лето.

(Колку ли уште нечистотии чекаат на ред?)

Масата сега беше поставена. Петлето не излезе лошо. Со леб работите стоеја малку послабо, но убаво исцрвените копани беа доволна утеха за сѐ. Навистина, виното малку боцкаше на непцата, но барем него го имаше доволно. Три шишиња. Уште ако се испие и онаа "блага" ракија, што селаните со Велигденски благослов им ја тутнаа за годежот кога се симнаа од планината, веќе немаше зошто да се грижи. Ги чекаше вистинска гозба.

Се врткаше околу огледалото, неутешена од помислата дека единствениот широк фустан што ѝ се најде сепак ѝ создава маки со половината, но не преостануваше ништо друго освен да се помири и со тоа, шепнејќи разочарано "оф, бубамаро, бубамаро, кој ли ми те претвори во бумбар, ѓавол да те земе . . ."

Најпосле, залудноста сосема ја освои. Се изви над балустрадата од балконот и спокојно му се препушти на мајското сонце.

Тогаш, како дречлива слика што преку скрежен џам се прекршува на сонцето, го виде стројниот маж што како челник се прчи исправено и гордо пред единицата, во полн параден чекор и, пред да ја сфати свирепата шега што така одненадеж се стркала од крилото на таа незадржлива толпа, истрпна, пребледе сета и процеди вон сѐ што ја окружува во тој миг.

(Маринов!)

Ги вџаши и ококори очите во челникот и единицата што се оддалечуваше под громките звуци на блех - музиката. Зарем е доцна, ѝ прелета низ свеста. Претркаше и се кубеше од сопствената недоумица и шеметната вртоглавица што се закануваше да ја столчи.

За миг, таа сепак се созеде, се освести, појде, се стрча и најпосле се нурна низ врати, бегајќи од станот како луда.

(Маринов!)

Треперејќи како уплашена птица, се срути втренчено долу од погорните катови, сѐ уште избезумена од глетката кон бугарскиот лајтнант ("Небаре преку ноќ ја сменил униформата," шепнеше таа; "му недостига уште бел коњ, два коња му недостигаат на јуначиштено кое двапати ја ослободува Македонија (!), мислата иташе пред неа, клетвата и мислата како витли се виеја во неа.

Го стисна вратот на железното петле, несвесна и самата откаде низ таа секавична трчаница во рацете ѝ се најде малечката "Берета." Сепак, со вклештените дланки по расклатените гелендери, се нурна надолу и со силен замав почна да граби по неколку скалила наеднаш, нешто што веќе толку одамна не го правела. Ѝ мина низ главата како секавица оној занес со кој некогаш ги линѕаше своите убави фустанчиња, онаа леснокрилост, кога слепечки и како шарена гулабица се урнуваше кон големите тајни и интервали нарамена со црниот ковчег од виолината наместо со крилја и подбуцната од неверојатната прикаска на стариот Чех за историјата на "пивнатиот" творец на "Хуморескатa".

Сега, смаена и изгубена, ја носеше својата жива тајна во утробата и трчаше, трчаше, чиниш, ќе излета и од сопствената кожа.

И пред сосема да се освести и да сфати што токму се случило со неа во овој миг, таа се најде во прегратката на разволнуваната толпа народ што ја понесе со себе, и тогаш, иако пресечена во колениците, ѝ се препушти на матицата да ја влече низ горештината, џагорот, тисканицата, потта и песните што се мешаа среде сончевиот ден.

(Во толпата го изгуби Маринов.)

Сонцето полека го напушташе својот зенит, а таа, малаксана и несвесна за каков и да е напор, не знаеше веќе ни каде е, ни што е, ни кое време е, ни што се случило, ни што ќе се случи.

Веќе долго одеше крај Вардарот и се обидуваше да го отргне од своите мисли ликот на Јане што насекаде се надвиваше како заканувачка сенка на патот. Но, колку повеќе го отргнуваше од себе, тој со еднаква сила, и дури посилно, се враќаше и сплеткуваше во нејзините мисли, во здивот и чекорите, како скриен одзив на реката, како заседа и синкопа на секој екот од песните што сѐ уште допираа од далечините.

Жестина, и не сакајќи, ги оставаше да се тркалат и слизгаат некаде по работ на свеста оние недофатни и далечни неотпори "та-му си клет-ва зе-дов-ме . . ." "на Лва-чан-ска-та ко-ри-ја. . ." "Не-ка раз-бе-рат . . ." и сите други вители што допираа до неа среде таа сончевина, сама и залутана покрај река, го најде Јане повеќе и поблиску од кога и да е.

Не беа поминале ни две недели од оној ден кога до нив допре веста за ѕверштината. Тогаш, кога ни есенските дождови, ни крвавите мугри на февруари не можеа да ја отргнат од стапките на колоната, кога ни гладот, ни студот, ни

виулиците не ѝ беа поблиски од екот на лудините ("кој Јане ли? Ех, тој ветрогон! Кој, ако не тој, измислуваше и истомислуваше со ветерници? Кој, ако не Јане. Ќе се извлече. Ќе се извлече тој. Ќе видиш.")

(Не се извлече.)

Го довлекоа, сред лето, во раскован ковчег, со оној ист полноќен клопарник што засекогаш го оддели од прагот на жолтата куќа. Неговото лице, неговите очи, младешката снага - ништо не можеше да се препознае од сето тоа. Сепак, и низ тие бедни остатоци од она што некогаш беше гоштевање на природата, велат, можеше да се наслути нешто од старото и одвај забележливо пркосење што тлее на усните и му се потсмева на свештениот оган низ кривулестите сокаци на градот.

И оние дамнешни следи на живоста во црнките што, чиниш, претскажуваат пожар, сега невратно потонаа во проклетството на темнината. И немаше ништо од благоста на слободниот пад од русокосите кадри врз неодоливоста на насмевката. Од Јане довлекоа само прекршен костур. И рекоа:

"Умре во централниот затвор. Самоубиство. Се фрли на плочникот од дворот. Од третиот кат."

Ништо повеќе.

Жестина се маткаше со часови низ паркот и околу реката и најпосле се урна врз некое кутнато стебло што го здогледа во последниот миг. Чувствуваше дека веќе нема сили за ништо. Отпрвин почна да ждрига, како да ја пресече некоја остра жиговина во стомакот и наеднаш, без да се опира и бори, некоја гнаса, некаков валкан гмаз ѝ се подигна во пределот на градите и ѝ заседна во грлото, барајќи излез од сета мачнотија што веќе со години се таложела во неа. И ѓубрето џорна за миг. Таа повраќаше.

Остана така, склештена долго помеѓу несвестицата и болот, повторајќи сѐ некакви проклетства низ заби и по секое ново паѓање и кубење од земјата, како да ја губеше свеста.

Го мразеше силно Брантовото врглесто тело во тие мигови и, опсипувајќи го со сите врели блуежи на жестината, што секој миг отстапуваше и се повлекуваше пред нејзината кобна немоќ, таа болно му се предаваше на виежот и крвавиот џелат во утробата, што ја измачуваше до лудило. Ножовите во утробата риеја како бесни.

"Што ни преостанува? . . ." - шепнеше како разјарена и ранета ѕверка. - "Што ни преостанува? . . . Ножови? Тоа ли? Дар од сојузникот . . . ох, кутриот мој црнгел . . . кокошкари . . . мародери . . . кланици . . . тоа ли . . ."

Таа го мразеше Брант. Ја мразеше Жестина. Го мразеше тоа туѓо и страшно име иако би ѝ дале од него на драго срце би исплела фитил за Кумовата слама, наместо што ги токмат оние стобојни ракети за илуминација на градот.

Таа го мразеше бугарскиот лајтнант. Го мразеше студениот врат на железното петле што не ја запеа лагата на овој ден. Таа го прегрнуваше кутнатото стебло, врз кое се виткаше како прекршена стија и, малаксувајќи, ја губеше свеста.

Поминаа часови, поминаа мигови и луњи кога таа, како низ некоја молскавична треска, се добра до својот праг. Времето веќе не ѝ значеше ништо. Стрелките на нејзиниот часовник веќе одамна застанаа.

Ја остави прашината, гласовите, песните, светулките и говорниците, ги заобиколи сите мамки, екоти и дертови на викотниците, го избегна плоштадот, вријавецот, улиците. Веќе не пиштеа зурлите и тапаните и не се виеше "Тешкото", како кога попладнето му го сврти грбот на овој град.

Влезе како сенка, криејќи се во недопирливиот омај на својата сопствена прелага. На масата стоеше сѐ како што остави. Немаше ни трага од нечие присуство. Ништо не беше допрено. Само неколку отпушоци и две празни чаши. Врз третата чаша, полна со вино, Брантовата чкртаница:

"НИЕ ЌЕ СЕ ВРАТИМЕ ПАК"

Ја гмечи.

Ја чисти пепелницата.

Црното вино, што махинално го лиснува во помијарникот, потсетува на голема крвава лочка. Ги свртува очите за миг, и без да гледа во чешмата, ја пушта силно водата да тече.